# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## ЗА 9 ОДДЕЛЕНИЕ

•ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ•

# СОДРЖИНА

Тема 1 **ГРАЃАНСКИ ИДЕНТИТЕТ** ........ 4

Тема 2 **СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО** ........ 48

Тема 3 **ГРАЃАНИНОТ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО** ........ 116

Тема 4 **КУЛТУРАТА, КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ, РЕЛИГИЈАТА И СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ** ........ 160

Тема 5 **ГРАЃАНИНОТ И ДРЖАВАТА** ........ 202

Тема 6 **ГРАЃАНИНОТ И ЕВРОПА** ........ 248

Тема

# 1

# ГРАЃАНСКИ ИДЕНТИТЕТ

Содржина:



Развој на сопствените особини

# Прв час

## Цели на наставниот час:

- да го објаснува развојот на сопствените особини, да прави разлика помеѓу своите и особините на другите.

## Резултати од учењето:

Ученикот/ученичката е способен/способна да:

- го анализира и вреднува развојот на сопствените особини и ги согледува напредокот, успесите и предизвиците
- поставува реални цели што се усогласени со неговите особини и можности и е одговорен и упорен во постигнувањето на истите.

## Потребни материјали:

Работни листови 1.1. и 1.2., хартија, пенкала.

## Методи и техники:

Индивидуална работа, работа во парови, интервју, групна дискусија.

# Воведен дел од часот

*(10 мин.)*

Во воведот наставникот им соопштува на учениците дека ќе работат на планирање, поставување и остварување на цели.

## Активност
### Нај-момент (случка)

Учениците работат во парови. Имаат за задача да се присетат на некој значаен момент кој им се случил во тековната година. Тоа може да се однесува на нешто што постигнале, на нешто со што се гордеат, нешто на што работеле и вложувале труд. Може да биде нешто што ги развеселило и што им е многу важно. Прво едниот член од парот го опишува/раскажува тој момент, а другиот ученик/чка внимателно слуша, поставува прашања преку кои се обидува да дознае што повеќе интересни детали.

### *Дискусија*

Наставникот ја започнува дискусијата со прашањето: Што мислите зошто почнавме со активноста „Нај-момент"? Се сослушуваат одговорите на учениците и се заклучува дека од активноста може да дознаеме за работите кои ги цениме и кои ни се важни, т.е. за нашите вредности. Вредностите понатаму може да служат како основа за поставување на нашите животни цели. Истовремено, дознаваме и за начините на кои ние ги постигнуваме нашите цели, т.е. за нашите особини.

# Главен дел на часот

**(25 мин.)**

Целите и очекуваните резултати кои треба да се постигнат со оваа содржина не вклучуваат теоретски знаења. Поради тоа, главниот дел од часот се состои од активности преку кои учениците ќе се стекнат со вештини на проценка на сопствените особини и способности, како и способност за поставување лични цели и анализирање на напредокот во постигнување на истите.

## Активност
### Мојот идентитет

Наставникот им го дели на учениците Работниот лист 1.1. и дава насоки да го пополнат самостојно.

По завршување на индивидуалната работа, наставникот ги поставува следните прашања за дискусија:

Што мислите, зошто ја правевме оваа активност?

Каква врска имаат вашите особини со поставувањето цели за сопствениот развој?

Наставникот резимира дека за да можеме да го планираме нашиот развој, многу е значајно да се познаваме себеси, своите вредности, особини, факторите кои влијаат врз нивно формирање и слично. Колку подобро ги знаеме сопствените карактеристики, толку поумешни ќе бидеме во одредување на нашите цели и начините на постигнување на истите. На тој начин се оствaруваме себеси како граѓани кои придонесуваат во заедницата во која живеат.

**Обработката на содржината продолжува со следната активност – Интервју.**

## *Активност*
## Интервју



Учениците продолжуваат да работат во паровите од почетната активност. Им се дели Работниот лист 1.2. Едниот член од парот има за задача да си постави една цел која сака да ја постигне во текот на една година, а другиот член од парот со помош на интервју треба да му/и помогне детално да го разработи планот за тоа како да ја оствари својата цел. Ако некој ученик/чка е неодлучен/а околу поставувањето на својата цел, другиот член во парот може да му/и постави дополнителни прашања кои што ќе/и помогнат да го открие својот фокус, односно подрачјето на кое би сакал/а да се насочи. Тоа може да биде нешто што му/и е важно и драго, или пак нешто што му/и недостасува, а го посакува.

### *Прашања за дискусија:*

- Како ви се допадна работата во парови?
- Како ви беше да го водите интервјуто, а како да одговарате на прашањата и да зборувате за себе?
- Што научивте за себе? За вашиот соученик?
- Што мислите, дали е добро да се планира или да се остварат нештата сами по себе да се случуваат? Кога е пожелно да се планира, а кога да се оставаат работите сами по себе да се случуваат?
- Што можете да направите кога нешто не ви оди, или кога не успевате да ја остварите/постигнете целта?

# Завршен дел на часот

*(5 мин.)*

## Заклучок

За да можеме да го оствариме она што го посакуваме, постојат работи кои зависат од нас самите и со кои можеме да влијаеме врз нашите постигнувања. Пред сè, **треба добро да се познаваме** и да имаме реална слика за нашите способности, потенцијали и знаења во моментот. Потоа, треба **да сакаме да прифатиме предизвици** и да сме посветени, истрајни во постигнување на истите. За да го постигнеме тоа треба **да сме добро организирани** и да ги планираме чекорите/активностите.

Многу е важно **да имаме самодоверба**, односно **позитивна верба во себе** дека можеме и умееме да го направиме она што го посакуваме. Врз нашата самодоверба многу влијае позитивниот и поттикнувачки однос на родителите, наставниците и пријателите.

И самите можеме да влијаеме врз самодовербата доколку се трудиме во секоја ситуација да дадеме сè од себе за да успееме, **прифаќајќи дека и покрај тоа е можен неуспех**.

# Работен лист број 1.1.
## Мојот идентитет

- Размислувај за себе и одредени аспекти од твојот идентитет. Одговори на следните прашања:

- Кои особини ги поседувам (на пример: истрајност, отвореност, сочувствителност, избувливост, трудољубивост, дружељубивост, интровертност, екстровертност, мрзеливост, креативност, љубопитност, реалистичност, прилагодливост ...):

.....................................................................................................

.....................................................................................................

- Кога, во кој период од животот (мало дете, предучилишна возраст, училишна возраст) ми се развија овие особини:

.....................................................................................................

.....................................................................................................

- На развојот на овие особини ми влијаеа: семејството, училиштето, врсниците, друг/и (кој/кои):

.....................................................................................................

.....................................................................................................

- Кои особини ги делам со повеќето од моите врсници:

.....................................................................................................

.....................................................................................................

- Кои особини се карактеристични само за мене:

.....................................................................................................

.....................................................................................................

- Каква личност сакам да станам? Кои особини сакам да ги променам, кои дополнително да ги развијам?

.....................................................................................................

.....................................................................................................

Откако ќе одговориш на прашањата, сподели ги и спореди ги твоите одговори со одговорите на ученикот/чката во парот. Разговарајте во однос на тоа по што сте слични, а по што различни.

# *Работен лист број 1.2.*
## Интервју

- Работете во пар. Дознајте што повеќе за вашиот соученик и поставувајте му/и прашања за да му/и помогнете да ја дефинира својата цел и планот како да ја оствари. Користете ги следните четири целини:

### *Цел*

.................................................................................................................................

- Замисли се себеси за една година. Што би сакал/а да постигнеш? Какви цели имаш поставено за себе? Избери една цел на која ќе работиме денес. Ако твојот партнер има проблем околу дефинирање на целта, Постави му/и некое од следните прашања:
- Што најмногу сакаш да правиш (на училиште, во слободно време)? Што те прави среќен/а? Во што си најдобар/а? За што другите би рекле дека си добар/а (дека те бидува)? Што мислиш сега, која е твојата цел?

Ученик/чка 1: .................................................................................................................

Ученик/чка 2: .................................................................................................................

### *Остварување*

.................................................................................................................................

- Сега направи план. Што е најважно за да се оствари твојата цел? Што треба да научиш, да направиш, да извежбаш, да промениш за да се оствари твојата цел? Кои вештини треба да ги развиеш? Како се замислуваш себеси откако си ја остварил својата цел? Опиши: Што правиш, како изгледаш, кој е таму? Што е следно?

Ученик/чка 1: .................................................................................................................

Ученик/чка 2: .................................................................................................................

### *Први чекори*

.................................................................................................................................

- А сега почнуваме! Разработи ги првите чекори што треба да ги преземеш. Што прво ќе направиш (уште денес или утре)? Кој може да ти помогне? Што следно ќе направиш? Колку време ќе ти биде потребно? Што може да излезе како пречка/проблем? Како ќе ја надминеш? Што ќе преземеш и кој може да ти помогне?

Ученик/чка 1: .................................................................................................................

Ученик/чка 2: .................................................................................................................

СЕГА ПРОМЕНЕТЕ ГИ УЛОГИТЕ ВО ПАРОТ.

## Содржина:



# Развој на сопствените особини

# Втор час

## Цели:

Ученикот/ученичката:

- Да го објаснува развојот на сопствените особини, да прави разлика помеѓу своите и особините на другите.

## Резултати од учењето:

Ученикот/ученичката е способен/способна да:

- го анализира и вреднува развојот на сопствените особини и ги согледува напредокот, успесите и предизвиците;
- поставува реални цели што се усогласени со неговите особини и можности и е одговорен и упорен во постигнувањето на истите.

## Потребни материјали:

Работен лист 1.3., хартија, пенкала

## Методи и техники:

Анализа на случај, индивидуална работа, групна дискусија

# Воведен дел од часот

*(5 мин.)*

## *Активност*
## Анализа на случај

**Наставникот им го чита на учениците следниот текст:**

Во едно училиште во Јапонија наставникот сакал да ја провери упорноста и посветеноста на своите ученици. На часот по математика им дал да решаваат задача за која нагласил дека е многу сложена. Учениците работеле на задачата еден час, упорно обидувајќи се да ја решат, иако никој не успеал да дојде до решение. Тие не се откажувале сé додека наставникот не им кажал дека задачата всушност не е решлива.

***Прашања до учениците:***

- Како вие би постапиле во ваква ситуација? До кога би се обидувале да ја решите задачата?
- Зошто сметате дека учениците во Јапонија постапиле на таков начин? Како би постапиле учениците во нашата земја?
- Што мислите, какво е нивното гледање на своите способности? Од што е определено ова гледање?

Наставникот сумира дека во одредени култури многу се цени упорноста и насоченоста кон постигнување на зацртаните цели. Се смета дека преку вложувањето труд во постигнување на одредена задача, личноста ги подобрува своите способности, па дури и ако не успее да ја заврши задачата.

# Главен дел на часот

***(25 мин.)***

Учениците работат индивидуално на Работниот лист 1.3.. Потоа наставникот поведува дискусија по однос на прашањата што се поставени во Работниот лист 1.3.

- Што мислите, каква е онаа личност која на четирите прашања од Дел 1 одговорила со ДА?
  (потенцијални одговори: важно им е да изгледаат паметни, важно им е што другите мислат за нив, сметаат дека способностите не можат да се менуваат со вложување труд, лесно се откажуваат)
- Личноста која на четирите прашања од Дел 1 одговорила со НЕ?
  (потенцијални одговори: обратно од претходното. Не им е толку важно како другите ги гледаат, не се откажуваат од предизвиците, сметаат дека со труд, напор можат да се подобрат и да ги подобрат своите способности)
- Што значат четири позитивни одговори за можностите за развој, напредок, успех на личноста?
  (потенцијални одговори: личноста со своите ставови си ги ограничува можностите за развој и успех)
- Што значат четири негативни одговори?
  (потенцијални одговори: личноста со своите ставови ги зголемува можностите за развој и успех)

Истите прашања се поставуваат за исказите од Дел 2.

(потенцијални одговори за ДА: Упорни, не се откажуваат, сакаат предизвик, сакаат да се надминуваат себеси, се натпреваруваат со самите себе, оптимисти)....

# Завршен дел на часот

*(10 мин.)*

## Заклучок

Истражувањата покажуваат дека врз основа на одговорите дадени на вакви и слични прашања, се разликуваат два типа на верувања за развојот на способностите и карактеристиките на личноста.

На личностите кои веруваат дека способностите се вродени и не можат да се подобрат, колку и да се трудат, важно им е мислењето на другите за нив. Тие сакаат да бидат пофалуваат колку се паметни и се чувствуваат лошо ако другите не мислат така за нив. Учениците кои имаат вакви верувања се фокусирани на оценките, постојано се споредуваат со другите и се несреќни ако не се подобри од нив.

Личностите кои веруваат дека можат да успеат ако вложат доволно напор се фокусираат на учењето, се споредуваат со самите себеси и важно им е другите да го забележуваат нивниот труд. Тоа ги мотивира за работа и учење. Грешките ги сфаќаат како нормални во работата и учењето и сметаат дека неуспехот може да се надмине ако се вложи доволно труд.

И успехот и неуспехот се составен дел од животот на секој човек. Кога во некоја активност постигнуваме успех тоа нè мотивира и понатаму да продолжиме да се ангажираме. Ни ја зголемува самодовербата и со тоа ни ги зголемува шансите за нов успех. Но понекогаш постигнувањето успех може да нè „олабави“, па може да престанеме да се трудиме толку многу и да доживееме неуспех. Обратно пак, доколку неуспехот го прифатиме како нешто што е дел од секојдневниот живот, и ако не поттикне да го анализираме нашето однесување и ситуацијата и сфатиме каде сме погрешиле, може да ни помогне да ги исправиме грешките и да постигнеме успех во некој од следните обиди.

Еден од начините за надминување на неуспехот е поставување на реални цели и правење план за нивна реализација. Планот вообичаено содржи цел, временска рамка, конкретни постапки за реализација на целта, извори на поддршка и помош, можни проблеми и начини на нивно надминување и резимирање на постигнатото.

Многу е важно да имаме став и верување дека нашите способности не се дадени еднаш за секогаш и можат да се развиваат преку труд и работа на себе. Личностите кои имаат ваков став кон сопствените способности поставуваат реални цели кои се усогласени со нивните особини и можности. Тие се упорни во постигнување на своите цели и не се откажуваат лесно кога ќе се соочат со одредени препреки. Барањето предизвик, стремежето кон повисоки цели може да заврши со неуспех и фрустрација, но колку повеќе бараме предизвици, толку повеќе пати се враќаме назад по претрпените неуспешни обиди и стануваме сè повеќе издржливи на неуспех и фрустрација.

Истражувањата покажале дека високата самопроценка на сопствените капацитети за учење ги охрабрува учениците активно да се вклучат во наставата и да го развиваат чувството на истрајност, да се охрабрат за вложување поголем напор и да издржат во потешките задачи.

## *Активност за рефлексија*

За време на активноста за рефлексија, учениците треба да размислат кои од нивните ставови за себе и своите особини потенцијално ги ограничуваат нивните можности за развој и напредок, и да изберат еден на кој би можеле да работат за да го променат.

# Работен лист број 1.3.

За секое тврдење во табелата означи со √ само еден одговор.

| ТВРДЕЊА | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| **ДЕЛ 1** | | |
| Интелигентен/на сум колку што ми е дадено и тоа не можам многу да го сменам. | | |
| Луѓето што се навистина паметни не треба да вложуваат многу напор кога треба да постигнат нешто. | | |
| Кога човек ќе наиде на проблем, подобро е да се откаже навреме отколку да ризикува да се соочи со неуспех. | | |
| Кога не постигнувам успех се грижам за тоа што мислат другите за мене. | | |

| | | |
|---|---|---|
| **ДЕЛ 2** | | |
| Поинтересни ми се задачи за кои што не сум сигурен/а дека можам да ги направам, отколку задачи за кои што верувам дека можам да ги направам. | | |
| Еднаш кога ќе ја започнам задачата истрајувам се додека не ја завршам. | | |
| Ако не сум добар/добра во нешто, повеќе би сакал/а да се трудам да го совладам тоа, отколку да продолжам со нешто за кое што можеби сум добар/добра. | | |
| Кога сум во тешка ситуација обично можам да најдам начин да излезам од неа. | | |



Содржина:



## Етичност, вредности и хуманост

## Цели на наставниот час:

- Да умее да препознава општествени и лични вредности и да објаснува што е етичност и хуманост

## Резултати од учењето:

- Го опишува однесувањето во етички сензитивни ситуации (морални дилеми)

## Потребни материјали:

Работни листови 1.4. и 1.5., хартија, пенкала

## Методи и техники:

Групна дискусија, Работа во парови, Работа во мали групи

# Воведен дел од часот

***(5 мин.)***

Наставникот ги поттикнува учениците да раскажат ситуации во коишто не биле сигурни како да постапат. Направиле нешто, па се каеле. Се соочувале со внатрешна дилема дали нешто е правилно или не. Се соочувале со притисок од врсниците и сл. За да ја отвори размената на искуства, наставникот може да презентира своја лична приказна.

Наставникот укажува дека ваквите внатрешни конфликти вообичаено ги нарекуваме - морални дилеми

# Главен дел на часот

***(25 мин.)***

Наставникот го започнува часот со презентација на примерот од работниот лист 1.4

По презентирање на примерот, следи дискусија насочена преку следните прашања:

- Која е моралната дилема на Бобан?
- Кого се може да повреди Бобан со мамењето на тестот?
- Дали некогаш си видел/а некој возрасен, или твој пријател да прави нешто за што ти сметаш дека не е во ред? Што направи ти? Како се почувствува тогаш?
- Дали мислиш дека Бобан треба да се обиде уште еднаш да разговара со татко му во врска со лагата во кино?
- Татко му на Бобан кажа дека е во ред да се биде нечесен доколку со тоа никој не е повреден. Што мислиш, кој се би можел да биде повреден од неговото лажење во билетарницата?
- Дали некогаш си почувствувал дека сакаш да направиш (или си направил) некоја „лоша“ работа бидејќи си сметал/а дека вреди да се направи? Дали се уште мислиш дека вредеше?

Наставникот на учениците, поделени во парови, им го дели Работниот лист 1.5: „Дилемата на Адријан“. Нивната задача е да ја прочитаат приказната и да одговорат на поставеното прашање во работниот лист.

Потоа учениците се поврзуваат во мали групи составени од по два пара. Во рамките на малите групи најпрво имаат за задача да ги споредат одговорите и да се подготват за презентација на групната работа. Учениците (по групи) ги презентираат своите заклучоци и треба да објаснат врз основа на што се воделе при носење на одлуката, кои биле аргументите „за“ и „против“, што преовладало на крајот и зошто.

Наставникот на табла ги запишува причините што ги навеле учениците и поведува дискусија:

- Која е моралната дилема на Адријан?
- Кои вредности се спротивставени во оваа ситуација?
- Кои од наведените причини се однесуваат на личен интерес?
- Кои од наведените причини се однесуваат на грижата за другите луѓе, за добросостојбата за целото општеството?
- Дали некои причини се подобри од другите? Зошто?
- Дали е оправдано граѓаните да ги прекршуваат законите поради „добри причини"? Зошто?

## Насоки за наставникот за водење на дискусијата околу моралната дилема на Адријан

Горенаведениот пример со Адријан е базиран на општопознатиот пример за „Дилемата на Хајнц" врз кој се базира Теоријата за морален развој на Колберг. Преку лонгитудинално истражување, поставувајќи го истиот пример на исти луѓе во различни стадиуми од животот, заклучил дека постои шема во начинот на кој луѓето ги оправдуваат постапките на Ханјц, односно во случајов Адријан.

Примери на причини (аргументи) кои учениците би можеле да ги наведат (не)оправдувајќи одредена постапка на Адријан, а се однесуваат на шесте стадиуми на морален развој (според теоријата на Колберг):

## *Стадиум 1:* Послушност

„Адријан не треба да го украде лекот, бидејќи ќе заврши во затвор, што би значело дека тој е лоша личност.", или

„Адријан треба да го украде лекот бидејќи истиот вреди помалку од она што побарал фармацевтот; Адријан дури и се понудил да го плати лекот и не краде ништо друго."

## *Стадиум 2:* Личен интерес

„Адријан треба да го украде лекот бидејќи тој ќе биде многу посреќен ако и го спаси животот на својата сопруга, и покрај тоа што ќе треба да отслужи затворска казна.", или

„Адријан не треба да го украде лекот бидејќи затворот е ужасно место, и веројатно ќе остане во затворот долго по смртта на неговата сопруга."

## *Стадиум 3:* Конформизам

„Адријан треба да го украде лекот, бидејќи неговата сопруга го очекува лекот; тој сака да биде добар сопруг.", или

„Адријан не треба да го украде лекот бидејќи крадењето е лошо и тој не е криминалец; тој се обиде да направи сè што можеше без да прекрши законот, и затоа не може да го обвиниме."

## *Стадиум 4:* Закон и ред

„ Адријан не треба да го украде лекот бидејќи законот забранува крадење.“, или

„Адријан треба да го украде лекот за неговата сопруга, но и да биде казнет за стореното криминално дело и да му плати на фармацевтот колку што му должи. Криминалците не може само да трчаат наоколу без да одговараат пред законот; постапките имаат последици.“

## *Стадиум 5:* Човекови права

„Адријан треба да го украде лекот бидејќи секој има право на живот, без оглед на законот.“, или

„Адријан не треба да го украде лекот бидејќи научникот има право на фер надомест. Тоа што неговата сопруга е болна, не ги оправдува неговите постапки.“

## *Стадиум 6:* Универзални етички принципи

„Адријан треба да го украде лекот бидејќи спасувањето на еден човечки живот е многу поважна вредност, во однос на имотните права на некој друг.“ , или

„Адријан не треба да го украде лекот бидејќи, и на други луѓе можеби лекот им е исто толку неопходен, и нивните животи се подеднакво важни.“

Активноста продолжува со прашањето од страна на наставникот:

- Дали сте биле во ситуација да треба да избирате помеѓу нешто што е правилно (законски) и морално (етично)? Опишете.
- Врз основа на што сте одлучиле како да реагирате?

Овие стадиуми можат да му послужат на наставникот да го увиди просечното ниво на припадност на учениците од класот кон одреден стадиум. Иако во моралниот развој на младите, неминовно е да се најдат во различен стадиум, наставникот треба да ги поттикнува да размислуваат за аргументите од повисоките морални стадиуми.

# Завршен дел на часот

*(10 мин.)*

**Прашања за дискусија и рефлексија:**

- Дали задачите денес ви беа тешки?
- Како се чувствувавте?
- Дали ви беше тешко искрено да зборувате во текот на групната работа за што е правилно, а што не? Зошто?

## Заклучок

Наставникот резимира дека решавањето на моралните дилеми ги јакне вештините на учениците за расудување, односно за давање на аргументи по однос на прашањето дали е нешто (некоја постапка) праведно? Притоа, во дискусијата, односно во аргументирањето за тоа што е праведно, а што не, се спротивставуваат двете тези, праведност од аспект на почитување на законски прописи, и праведност од аспект на почитување на етичките правила, норми и обичаи.

Правото и етиката често се усогласени, но понекогаш и се разликуваат. Правото ги поставува правилата и насоките преку законите и законските прописи кои пак ги одразуваат принципите и вредностите што се прифатени во општеството. Поради тоа, правото постојано се надградува, со нови закони и прописи, кои би требало да се поусогласени со етичките норми. Моралните дилеми секогаш предизвикуваат размислувања и различни ставови кои упатуваат на неопходноста од што поблиска усогласеност на правото и етиката, особено гледано низ реални животи ситуации.

# *Работен лист број 1.4.*

**Бобан беше во деветто одделение кога беше фатен како препишува на тест по Математика.**

Тој почна да покажува сè послаби резултати по Математика и неговите родители му се заканија дека ако не ги подобри оценките, нема да го пуштат да игра во кошаркарскиот тим. Затоа тој се одлучи да препишува на тестот. Кога наставничката почна да го распрашува, тој од почетокот негодуваше, но на крајот призна дека ги имал запишано одговорите од дома.

Родителите на Бобан беа повикани на родителски состанок и Бобан мораше да седне со своите родители, наставничката и директорот за да поразговараат за училишните правила што се однесуваат на препишување и лажење. На пат кон дома, татко му кажа дека е разочаран од него, дека очекувал многу повеќе од него. Таа ноќ, Бобан се почувствува како целиот свет да е против него, но почувствува и вина заради тоа што ги разочара своите родители.

Викендот, Бобан и неговото семејство отидоа во кино. Кога стигнаа до билетарницата татко му на Бобан побара два детски билета, за Бобан и за неговиот шеснаесетгодишен брат. Бобан го погледна неговиот брат, кој во тој момент беше загледан надолу, ги подигна своите раменици и се понадева дека продавачката на билети нема да забележи дека е многу повозрасен од границата за детски билет. Продавачката ги погледна со сомнеж таткото и братот и им ги подаде двата билета. Ова се случува секој пат кога одат во кино, и тоа придонесува Бобан да се чувствува чудно.

По филмот, на пат кон дома, Бобан го праша својот татко зошто е во ред да се лаже и мами за пари во театар, а не е во ред за тест по Математика. Неговиот татко му одговори дека понекогаш е во ред да се излаже доколку со тоа никој не е повреден.

До крајот на патот, Бобан стана уште позбунет. Мамењето на тест не повредува никого. Тој не ги украде одговорите од некој друг ученик. Доколку наставничката не го фатеше тој ќе можеше да се радува. Како она што тој го направи се разликува од она што го прави татко му постојано? И треба ли да молчи и следниот пат кога татко му ќе излаже?

Copyright Elkind+Sweet Communications / Live Wire Media.
Translated with permission. Copied from https://www.GoodCharacter.com.

# *Работен лист број 1.5.*

**Сопругата на Адријан беше многу болна.** Лекарите сметаа дека еден лек може да го спаси нејзиниот живот. Иако лекот бил скап да се произведе, фармацевтот истиот го продавал за десетпати повисока цена. За жал, семејството на Адријан не е доволно финансиски моќно да го купи. Адријан отишол кај сите за кои знаел дека ќе му позајмат пари, но успеал да собере само половина од она колку што чинел лекот. Тој му кажал на фармацевтот дека неговата сопруга е тешко болна и побарал од него да го продаде поевтино или да му плати подоцна. Но, фармацевтот му рекол: „Не, јас го открив лекот и планирам да заработам пари од него».

Адријан бил очаен и размислувал да се пробие во лабораторијата за да го украде лекот за неговата сопруга.

ШТО МИСЛИТЕ, ШТО ТРЕБА АДРИЈАН ДА НАПРАВИ?

Дали би го оправдале Адријан доколку обие во лабораторијата за да го украде лекот за неговата сопруга? Ако да, зошто? Поради кои причини би се согласиле со оваа постапка? Ако не, зошто? Поради кои причини сметате дена не треба да обие во лабораторијата за да го украде лекот за неговата сопруга?

- Адријан би требало да го украде лекот бидејќи:

  ................................................................................................

  ................................................................................................

- Адријан не би требало да го украде лекот бидејќи:

  ................................................................................................

  ................................................................................................

Содржина:



Професионален и кариерен развој

# Два часа

## Цели на наставниот час:

- Да ги идентификува своите предности и јаки страни во развојот;
- Да ја согледа потребата од планирање на својот професионален и кариерен развој.

## Резултати од учењето:

- ги истражува можностите за продолжување на образованието и нивното влијание врз избор на професија.
- демонстрира позитивен став кон учењето преку примери кои ја докажуваат потребата од доживотното учење;
- поставува реални цели за учење и лично напредување

## Потребни материјали:

А4 формат бела хартија, пенкала, работни листови 1.6, 1.7 и 1.8

## Методи, техники, форми:

Групна дискусија, индивидуална работа (самопроценка),

*Прв час*

# Воведен дел од часот

*(10 мин.)*

Кариерната ориентација претставува одговорен процес бидејќи влијае на понатамошниот професионален развој на секој ученик. Оваа тема е важна за поттикнување на свесноста на ученикот дека како граѓанин треба да гради одговорност спрема личните одлуки за кариера. Ова значи, дека ученикот ќе почне да размислува и да се информира за опциите при носењето на кариерни одлуки, притоа да бара поддршка од семејството, училиштето, заедницата.

Важно е учениците да знаат дека се грижите за нив и сакате да им помогнете. На тој начин тие ќе имаат повеќе самодоверба да разговараат за своите размислувања за она што го сакаат и каде сакаат да го продолжат своето образование. Во овој процес, одбегнувајте да го наметнувате вашето мислење, но водете го овој процес за да имаат доволно поддршка во процесот на размислување.

Во воведот, наставникот добро е да почне со разговор за да ги воведе учениците во активностите што следат во рамки на планираните часови за оваа тема. На пример, може да се започне со прашањата:

- **Кои се вашите желби и соништа за во иднина?**
- **Со што би сакале да се занимавате кога ќе бидете возрасни?**
- **Кои се вашите јаки страни?**

Колку повеќе знаете за личните интереси на учениците, толку повеќе ќе можете да ги поттикнувате во текот на часот.

# Главен дел на часот

**(25 мин.)**

Наставникот им го задава на учениците работниот лист 1.6 Мојата лична анализа и им објаснува дека секој треба да размисли за себе според дадените прашања, и да го пополни со давање искрени одговори.

Откако секој ученик ќе го пополни работниот лист, со ученикот до себе го споделува напишаното. Наставникот потоа разговара со учениците за процесот и дали оваа вежба им помогнала да се самоосознаат, како можат овие сознанија за себе да ги искористат во нивното планирање за избор на понатамошното образование.

# Работен лист број 1.6.

## Мојата лична анализа

Јас: ..................................................................................................................................................

| | |
|---|---|
| ***Јаки страни***<br>• Што правам добро и кои уникатни вештини ги поседувам?<br>• Што знам повеќе во однос на другите?<br>• Што гледаат другите во мене како предност? | ***Слаби страни***<br>• Што треба да се подобрам?<br>• Во што имам помалку вештини од другите? Што сметаат другите дека е моја слабост? |
| ***Можности***<br>• Кои можности се отворени пред мене?<br>• Како она што го знам и во што сум добар/а можам да го искористам за да ги постигнам моите цели? | ***Ризици***<br>• Што може да ми попречи на патот до моите цели?<br>• На какви ризици ме изложуваат моите слаби страни? |

# Работен лист број 1.5.

## Активност
### Тест за интереси

Преку симулација на интересна вежба секој ученик го пополнува инструментот од работен лист бр. 1.7 Тест за интереси. Учениците работат индивидуално на пополнување на Тестот за интереси, и треба да ги означуваат тврдењата кои се однесуваат на нив.

- Тестот за интереси поставува прашања за аспирациите, активностите, вештините и интересите на учениците. Тестот дава преглед на типови на личност: реалистичен, истражувач, артистичен, социјален, претприемач и конвенционален, како и преглед на соодветни области на професии.
- Тестот ќе им помогне на учениците на забавен начин да откријат информации за своите интереси за понатамошното образование.
- Тестот ќе им помогне да ги проценат нивните вештини, интереси и аспирации и дава листа на занимања според типот на личност.
- Нагласете им на учениците дека нема погрешни одговори!
- Целта на тестот е од информативен карактер, но резултатите не се пресудни за нивните понатамошни одлуки.
- Откако ќе ги имаат резултатите од тестот, насочете кон следната активност каде резултатите од тестот ќе можат да ги споредат со нивните тековни планови за упис во средно училиште.
- Нека ја завршат и следната активност со пополнување пред да поминете на дискусија за споредба на резултатите од тестот и следната активност.

# Завршен дел на часот

*(5 мин.)*

## *Дискусија*

- Колку ви беше лесно/тешко да се проценувате себеси?
- Што ви беше најтешко да процените? Што најлесно?
- Што ново дознавте за себе?
- Како мислите дека овие активности ќе ви помогнат да размислувате за она што би сакале и би можеле да работите во иднина?

# *Која кариера е соодветна за тебе*

# Тест за интереси

Следи ги овие едноставни чекори за да видиш кои се твоите интереси.

**1** Прочитај ја секоја изјава. Ако се согласуваш со изјавата, пополни го кругот. Нема погрешни одговори!

| | Изјава | Р | И | А | С | П | К |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сакам да работам на возила | ○ | | | | | |
| 2. | Сакам да решавам загатки | | ○ | | | | |
| 3. | Добар сум да работам независно | | | | | | |
| 4. | Сакам да работам во тим | | | | ○ | | |
| 5. | Амбициозен сум, сам си поставувам цели | | | | | ○ | |
| 6. | Сакам да организирам (фајлови, канцеларии) | | | | | | ○ |
| 7. | Сакам да градам | ○ | | | | | |
| 8. | Сакам да читам за уметност и музика | | | ○ | | | |
| 9. | Сакам да имам јасни упатства и инструкции | | | | | ○ | |
| 10. | Сакам да имам влијание или да убедувам луѓе | | | | ○ | | |
| 11. | Сакам да правам експерименти | | ○ | | | | |
| 12. | Сакам да предавам и да обучувам | | | | ○ | | |
| 13. | Сакам да им помагам на луѓето да решаваат проблеми | | | | ○ | | |
| 14. | Сакам да се грижам за животни | ○ | | | | | |
| 15. | Не ми смета да работам 8 часа дневно во канцеларија | | | | | | ○ |
| 16. | Сакам да продавам | | | | | ○ | |
| 17. | Уживам креативно да пишувам | | | ○ | | | |
| 18. | Сакам наука | | ○ | | | | |
| 19. | Брзо преземам нови одговорности | | | | | ○ | |
| 20. | Заинтересиран сум за исцелување на луѓе | | | | ○ | | |
| 21. | Уживам да осознавам како функционираат работите | | ○ | | | | |
| | *Вкупно* | | | | | | |
| | | Р | И | А | С | П | К |

| | Изјава | Р | И | А | С | П | К |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Сакам да склопувам и составувам работи | ○ | | | | | |
| 23. | Јас сум креативна личност | | | ○ | | | |
| 24. | Обрнувам внимание на детали | | | | | | ○ |
| 25. | Сакам да водам евиденција | | | | | | ○ |
| 26. | Сакам да ги анализирам работите (проблеми / ситуации) | | ○ | | | | |
| 27. | Сакам да свирам или да пеам | | | ○ | | | |
| 28. | Уживам да учам за другите култури | | | | ○ | | |
| 29. | Сакам да започнам сопствен бизнис | | | | | ○ | |
| 30. | Сакам да готвам | ○ | | | | | |
| 31. | Глумам во драмски изведби | | | ○ | | | |
| 32. | Јас сум практична личност | ○ | | | | | |
| 33. | Сакам да работам со бројки и табели | | ○ | | | | |
| 34. | Сакам да навлегувам во дискусија на одредени теми | | | | ○ | | |
| 35. | Добар сум во евиденција на мојата работа | | | | | | ○ |
| 36. | Сакам да водам | | | | | ○ | |
| 37. | Сакам да работам на отворено | ○ | | | | | |
| 38. | Сакам да работам во канцеларија | | | | | | ○ |
| 39. | Добар сум по математика | | ○ | | | | |
| 40. | Сакам да им помагам на луѓето | | ○ | | | | |
| 41. | Сакам да цртам | | | ○ | | | |
| 42. | Сакам да држам говори | | | | | ○ | |
| | *Вкупно* | | | | | | |
| | | Р | И | А | С | П | К |

*Вкупен збир*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р | И | А | С | П | К |

**2** Собери ги пополнетите кругови во секоја колона, а за вкупен збир собери од две исти колони од двете табели

**3** Според вкупниот збир од двете колони, запиши го крајниот резултат за секоја буква на соодветното место подолу.

Р = реалистичен
И = истражувач
А = артистичен
С = социјален
П = претприемач

**4** Запиши ги трите букви со најголем број поени и запишете ги под „Мојот код"

МОЈОТ КОД

**5** Сврти ја страницата за да го прочиташ значењето!

# *Која кариера е соодветна за тебе?*
# Резултати од тестот за интереси

## Р

### *Реалистичен*

Овие луѓе најчесто се добри за механички или атлетски занимања. Препораки за реалистичните луѓе се следниве:

- Земјоделство
- Здравствени работници
- Компјутери
- Градежништво
- Механичари/Машински
- Инженери
- Храна и угостителство

**Поврзани насоки**

**Природни ресурси** (вода, сонце, руда...)
**Здравствени услуги**
**Индустриска и инженерска технологија**
**Уметност и комуникации**

## И

### *Истражувач*

Овие луѓе сакаат да набљудуваат, учат, анализираат и решаваат проблеми. Препораки за истражувачите се следниве:

- Морска биологија
- Инженерство
- Хемија
- Зоологија
- Медицина/Хирургија
- Економија на потрошувачи

**Поврзани насоки**

Психологија
Здравствени услуги
Бизнис
Јавни услуги
Индустриска и инженерска технологија

## А

## *Артистичен*

Овие луѓе сакаат да работат во неструктурирана средина каде ќе можат да ја изразат својата креативност. Препораки за артистичните луѓе се следниве:

- Комуникации
- Козметички услуги
- Ликовни и драмски уметности
- Фотографија
- Радио и ТВ
- Внатрешен дизајн
- Архитектура

**Поврзани насоки**

Јавни услуги
Уметност и комуникации

## С

## *Социјален*

Овие луѓе повеќе сакаат да работат со други луѓе отколку со предмети. Препораки за социјалните луѓе се следниве:

- Советување
- Нега и грижа
- Физикални терапии
- Патувања
- Рекламирање
- Односи со јавност
- Образование

**Поврзани насоки**

Здравствени услуги
Јавни услуги

П

## *Претприемач*

Овие луѓе сакаат да работат со другите и уживаат во убедување и изведување. Препораки за претприемачите се следниве

- Модна трговија
- Недвижен имот
- Маркетинг/Продажба
- Право
- Политички науки
- Меѓународна трговија
- Банкарство/Финансии

**Поврзани насоки**

Бизнис
Јавни услуги
Уметност и комуникации

К

## *Конвенцио-нален*

Овие луѓе се многу организирани, ориентирани кон детали и сакаат да работат со податоци. Препораки за конвенционалните луѓе се следниве:

- Сметководство
- Судско известување
- Осигурување
- Администрација
- Евиденција на лекови
- Банкарство
- Процесирање на податоци

**Поврзани насоки**

Здравствени услуги
Бизнис
Индустриска и инженерска технологија

*Втор час*

# Воведен дел од часот

*(10 мин.)*

Врз основа на активностите кои ги правеле на претходниот час, наставникот бара секој ученик да запише на еден стикер збор/реченица кој/а го асоцира на поимот кариера. Стикерите ги лепат на таблата, а наставникот ги групира според содржина и ги сумира заклучоците.

# Главен дел на часот

*(25 мин.)*

Секој ученик добива работен лист 1.8 и индивидуално размислува и избира еден вид на образование во кое сака да се запише во средно, и објаснува зошто го избрал тоа со кратко образложение.

Потоа наставникот им го кажува линкот до Министерство за образование и наука, каде што е објавен конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта, и им дава задача да ги истражат можностите и бараните критериуми за упис во средно образование.

## Дискусија

- Што дознавте за можностите за упис во средно училиште?
- Дали во вашата околина (град, општина) има училиште според вашите интереси?

# *Работен лист број 1.8.*

Сакам моето понатамошно образование да го продолжам во:

- Гимназиско образование
- Геологија, рударство и металургија
- Градежништво и геодезија
- Графичарство
- Економија, право и трговија
- Електротехника
- Здравство и социјална заштита
- Земјоделство, рибарство и ветеринарство
- Лични услуги
- Машинство
- Сообраќај, транспорт и складирање
- Текстил, кожа и слични производи
- Угостителство и туризам
- Хемија и технологија
- Шумарство и обработка на дрво
- Спортска Гимназија
- Друго

Размислувам за овој вид на образование затоа што сака

..........................................................................................................................

..........................................................................................................................

# Завршен дел на часот

По завршување на вежбите, наставникот објаснува и прави поврзување на процесот на избор на образованието со понатамошниот избор на професија.

Споделува со учениците дека да се работи значи да се вложи труд за да се направи нешто (некаков производ) или да се дадат услуги. На пример, работа на архитектот е да нацрта и да испланира како ќе изгледа некоја зграда (производ), а работа на докторот е да прегледува и да лечи луѓе кои се болни (да дава услуги). Архитектот и докторот работат за другите луѓе да имаат каде да живеат и да бидат здрави.

Многу е важно додека работиме постојано да се трудиме да бидеме подобри и да научиме нешто ново. Тоа се вика градење на кариера.

На пример: Денис сака да изгради кариера на добар фризер – затоа тој планира да заврши средно фризерско училиште, да оди на пракса кај некој од најдобрите фризери во градот, да започне со практична работа во фризерски салон, да се вработи редовно во салон, па подоцна можеби и да отвори свој. За да биде добар фризер треба и постојано да посетува обуки, да купува списанија и да посетува саеми за да дознае кои фризури се модерни и кои производи се користат.

Веќе зборувавме што е тоа кариера и спомнавме пример на кој начин се работи на градење кариера (примерот со фризерот). Кариерата ги опфаќа вашето знаење, работните места како и она што го правите во слободно време (на пример волонтирате, читате итн). Вие сами избирате што ќе биде вашата кариера. Тоа што го гледате, за што учите, за што се зборува дома (или можеби го работат вашите родители) влијае врз тоа што ќе одберете како кариера. Планирање на кариера не значи само „бркање работа" или студирање „нешто".

За поголема целисходност и ефективност во учењето, добро е наставникот овие информации да ги даде обидувајќи се да ги извлече од учениците со цел да го поттикне нивното размислување каде може да бараат информации.

За добро да се испланира кариерата важно е:

- Да знаеме што не интересира, во што сме добри, што и каде би сакале да работиме;
- Да прашуваме и да разговараме со луѓе кои знаат (родители / старатели, наставници, стручната служба во училиштето, општината, успешни бизнисмени) за тоа кои професии се најбарани во моментот;
- Да си поставиме цели: што сакаме да постигнеме и како планираме тоа да го постигнеме.

По завршување на активностите учениците се повикуваат да кажат колку се пронашле навистина преку тестот на интереси и нивните планови за запишување во средно училиште.

## *Активност за рефлексија*

Учениците меѓу себе си поставуваат прашања за кариерно насочување. Секој треба да смисли 1-2 прашања кои наставникот ги собира во кутија / сад. Потоа, секој извлекува по едно прашање и го одговара.



*Тема*

# 2

# СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Содржина:



*Прифаќање и почитување на различностите*

# Прв час

## Цел/и на наставниот час:

- Да умее да ги препознае и објасни сличностите и различностите во однос на етничката, верската, социјалната, половата и расната припадност.
- Да објаснува што е дискриминацијата и да гради критички став кон истата.

## Резултати од учењето:

- Дискутира почитување и непочитување на разлики на етничка, верска, полова, социјална основа преку конкретни примери.
- Анализира примери на дискриминација во услови на современ начин на живеење.

## Методи, техники, форми:

Дискусија, истражувачка активност.

# Воведен дел од часот

**(10 мин.)**

Наставникот бира двајца волонтери кои треба да излезат напред и да застанат свртени со грб еден кон друг. Од учениците се бара да посочуваат по една разлика која двата волонтери ја имаат (на пр. долга/кратка коса, црвен/бел џемпер) и при секој разлика волонтерите се оддалечуваат еден од друг за еден чекор. Кога ќе стигнат до спротивните краеви на училницата, се вртат еден кон друг, а од учениците се бара да посочуваат по една сличност која волонтерите ја имаат (). За секоја искажана сличност волонтерите се приближуваат еден кон друг за еден чекор.

## Дискусија

- Размислете за работите кои беа посочени како разлики. Колку од овие разлики беа нешто што може веднаш да го воочиме (пол, висина, боја на коса, облека и сл.)?
- Што беше посочено како сличност? Освен очигледните сличности, дали мислите дека има и сличности кои не се видливи? Кои се тие?
- Повикувајќи се и на материјалот од Водичот за ученици за VIII одделение, наставникот заедно со групата треба да ја потенцираат важноста од постоењето на разлики и сличности меѓу членовите на одредена група, а особено да се посочи на важноста од прифаќање на сите членови од групата.

# Главен дел на часот

**(25 мин.)**

Наставникот им кажува на учениците дека донесена е одлука од страна на училишниот менаџмент дека сите ученици кои носат фармерки, денеска за време на одморите нема да смеат да излегуваат надвор туку ќе останат во училница. Наставникот треба да остави малку време за да види како ќе реагираат учениците а потоа може да развие дискусија по однос на следниве прашања:

- Како се чувствуваат учениците кои носат фармерки?
- Дали сметаат дека ваквата одлука е разумна? Ако *не*, тогаш зошто?
- Како се чувствуваат учениците кои не носат фармерки, кога гледаат дека на нивните другари им е забрането да одат на одмор?
- Кој е дискриминиран во ситуацијата и зошто?
- Што ќе направат учениците кои се дискриминирани?
- Што можат да направат соучениците кои гледаат дека нивните другари се дискриминирани?

## Наставникот ги објаснува главните поими.

**ДИСКРИМИНАЦИЈА.** Нееднаквиот и нефер однос кон индивидуалци или цели групи на луѓе се нарекува дискриминација. На дискриминација може да бидат изложени поединци или групи на луѓе со тоа што се третираат како помалку вредни, им се скратуваат правата или им се одземаат можностите само поради припадноста кон некоја група. Основа за дискриминација може да биде бојата на кожата, полот, јазикот, верската и етничката припадност, возраста итн.

### ВИДОВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА:

- **Директна дискриминација** се случува кога одредено лице или група се третира понеповолно од други индивидуи или групи, поради нивната припадност или лични карактеристики *(пр. ако повозрасна личност е одбиена за некоја работна позиција, затоа што работодавачот смета дека поради возраста лицето нема добро познавање од работа со компјутери)*
- **Индиректна дискриминација** се случува кога одредено правило или процедура се однесува исто за сите, но ефектот од примената на правилото

или процедурата се понеповолни за одредени лица или групи. (*пр. Слепо лице сака да купи карти за концерт. Картите се продаваат само преку интернет а веб страната на која може да се набават не е прилагодена да ја користат слепи лица. Лицето се јавува кај компанијата која ги продава картите за да купи карта, меѓутоа кажано му е дека картите може да се купат само онлајн. Во овој случај има процедура која е иста за сите, меѓутоа не е земена предвид специфичноста на лицето така што поради попреченост со видот ова лице или ќе остане без карта за концерт или ќе треба да побара помош од друго лице за да му ја набави картата*)

## Мирољубиви интервенции за борба против дискриминацијата:

**Ненасилен отпор** – практика на постигање на одредени цели преку без примена на насилни средства. Некои од практиките на ненасилен отпор се: симболични протести, граѓанска непослушност, демонстрации, штрајкови, блокади

Дискусијата се насочува кон учениците лично и наставникот ги запрашува

- Дали некогаш сте биле сведок на некаков чин на дискриминација или пак сте слушнале/прочитале нешто што би ви се чинело како чин на дискриминација?

# Завршен дел на часот

*(5 мин.)*

## Заклучок

- Треба да бидеме свесни дека помеѓу луѓето постојат сличности и разлики и дека разликите помеѓу луѓето често претставуваат основа за дискриминација
- Во ситуација кога некој е дискриминиран, не треба да „ја вртиме главата на другата страна", туку треба да застанеме во одбрана на дискриминираните.

## Подготовка за истражување

**Наставникот ги дели учениците во групи и им дава задача во текот на една недела да направат истражување за случаи на дискриминација и да го идентификуваат следново:**

- Која била основата за дискриминација? За каква разлика/разлики се работи?
- Кој бил дискриминиран (индивидуа или група)?
- Кој ја врши дискриминацијата?
- На кој начин е извршена дискриминацијата?
- Кој и како се спротивставил на дискриминацијата?

Учениците се поттикнуваат да најдат примери од секојдневниот живот и нивното опкружување. Да размислат за сопствени искуства со дискриминација, да прашаат членови од семејството, да истражат настани за кои известувале медиумите и сл. Откако ќе истражат, учениците ќе треба да направат постер (на хамер да залепат фотографии, да нацртаат, напишат и сл.) кој ќе го презентираат на следниот час и ќе го залепат во училницата или друго соодветно место во училиштето.

**Забелешка:** *за да им биде полесно на учениците, наставникот може да им посочи и конкретни случаи на дискриминација (Ганди, Мандела, Роза Паркс, суфражетки, нешто за лица со попреченост и сл.)*

## Содржина:



# Прифаќање и почитување на различностите

# Втор час

## Цел/и на наставниот час:

- Да умее да ги препознае и објасни сличностите и различностите во однос на етничката, верската, социјалната, половата и расната припадност.
- Да објаснува што е дискриминацијата и да гради критички став кон истата.
- Да иницира активности што промовираат прифаќање, почитување на разликите и меѓусебна соработка.

## Резултати од учењето:

- Дискутира почитување и непочитување на разлики на етничка, верска, полова, социјална основа преку конкретни примери.
- Анализира примери на дискриминација во услови на современ начин на живеење.
- Предлага и учествува во конкретни активности кои промовираат почитување на разликите и соработка.

## Методи, техники, форми:

Дискусија, истражувачка активност.

## Потребни материјали:

Хамери, фломастери.

# *Воведен дел од часот*

*(5 мин.)*

**Бидејќи часот претставува продолжение од претходниот час, наставникот може неколку минути да поразговара за процесот низ кој поминале учениците за да ја сработат истражувачката активност:**

- Дали им било интересно?
- Дали наишле на некаква потешкотија?
- Дали можеби побарале помош од родителите или можеби дискутирале и со нив за случаите кои ги истражуваа?

# Главен дел на часот

**(30 мин.)**

**Секоја група го презентира сработеното, а наставникот ги поттикнува на дискусија, преку следните прашања:**

- Што научивте од примерите за дискриминација кои ги истражувавте?
- Какви основи на дискриминација постојат?
- На кои начини може некоја личност/група да дискриминира?
- На кои начини можеме да се спротивставиме на дискриминацијата? Предложете активности.

(*се очекува учениците да реферираат на: различни основи за дискриминација, како се дискриминира, како се „води борба“ против дискриминацијата без употреба на насилни методи и средства и сл.*)

# Завршен дел на часот

*(5 мин.)*

**Наставникот ги поттикнува учениците да размислат за (не) дискриминацијата во училиште, преку прашањата:**

- Доколку посведочите на случај на дискриминација во училиште, што сметате дека треба да направите?
- Какви активности може да прави училиштето за да промовира прифаќање на разликите и меѓусебно почитување и да работи на превенција на потенцијални случаи на дискриминација?

## Заклучок

- Со дискриминација се врши повреда/ускратување на човековите права кои еднакво им се загарантирани на сите луѓе без разлика на етничка припадност, пол, боја на кожа, религија и сл.
- Кога постои дискриминација треба да се укаже дека тоа се случува и да се реагира преку мирољубиви активности и интервенции.



Содржина:

## Ставови и гледишта



## *Цел/и на наставниот час:*

- Да објаснува дека луѓето имаат право на свои мислења, ставови и гледишта;
- Да знае да истражува различни гледишта за една ситуација.

## *Резултати од учењето:*

- Презентира и дискутира можни мислења, ставови и гледишта кои ги искажуваат луѓето на конкретна тема;
- Почитува различни гледишта кои ги имаат другите за одредена тема;
- Дискутира примери на толеранција за различни гледишта.

## *Потребни материјали:*

Слика 2.1 и Слика 2.2, работен лист 2.1, табла, хартија.

## *Методи и техники:*

Групна дискусија, анализа на случаи, работа во групи.

# Воведна активност

*(10 мин.)*

**Наставникот им ја покажува им ја на учениците Слика 1 и ги прашува:**

- Какви чувства ви предизвикува сликата?
- Ова е вистинска реклама за кравати од 1951 година. Што мислите, како рекламата била прифатена во тоа време? Какви ставови и гледишта за родовите улоги пренесувала?
- Како би била прифатена доколку се појави сега? Зошто?
- Какви реклами за кравати би биле прифатени денес?

## *Дискусија*

Дискусијата која треба да се развие треба да се однесува на променливите ставови за родовите улоги кои денес значително се разликуваат во споредба со 50-тите години од минатиот век. Тогаш, вакви и слични реклами, каде жените се прикажуваат во подредена положба на мажите, каде нивната улога се поистоветува со вршење на домашни работи и сл. биле вообичаени. **Ставовите** на најголем дел од граѓаните биле дека ова е сосем прифатливо. Денес, иако сеуште е присутно, стереотипното прикажување на улогите меѓу родовите се смета за неприфатливо. Поради тоа, голем број компании имаат за цел да го сменат стереотипното претставување на родовите улоги и, на пример, да прикажат реклами во кои и мажите вршат домашни работи. Следствено на тоа, и ставовите на граѓаните сè повеќе одат во насока на неприфаќање на подредување на еден пол во однос на друг. Значи, во текот на 60-70 години, ставовите во западните оптестества во поглед на родовата еднаквост значително се промениле. На тоа влијаеле различни фактори, а медиумите (меѓу нив и рекламите) се само еден фактор кој може да влијае на формирањето и промената на ставовите и гледиштата.

- Кои други фактори влијаат на формирање на ставови и гледишта? На кои начини?
- Што влијаело на вашиот став за родовите улоги во семејството (кој што треба да работи во домот и надвор од домот)?

(очекувани одговори: семејството, групата на врсници, образованието, медиумите, местото на живеење, религијата, (суб) културата и сл.)

## *Напомена за наставникот:*

Сликата 2.1 која се користи за поттикнување дискусија треба да се анализира критички, од денешна перспектива на родова еднаквост и недискриминација.

Од дискусијата која ќе се развие во паралелката, наставникот може да следи колку различни ученици умеат да формулираат јасен став за темата, да го поткрепат со аргументи, да покажат почитување за ставовите на другите и сл.

# Главен дел на часот

**(25 мин.)**

**Наставникот ја резимира претходната дискусија и заклучува:**

Секој од нас го оценува своето опкружување. Формираме мислења за тоа дали нешто ни се допаѓа или не. Ретко се случува некој да има неутрален став кон, на пример: чоколадо, одреден вид музика, позната личност. Едноставно кажано, ставовите се проценка на луѓе, предмети или идеи. Секој има право на свој став за работите кои го опкружуваат и кои му се важни. Другите треба да го почитуваат тој став, иако можеби не се согласуваат со него.

Ставовите се важни затоа што тие често го одредуваат она што го правиме - дали јадеме чоколада, присуствуваме на концерти и гласаме за некоја личност. Затоа, многу компании се трудат да влијаат на нашите ставови - за да ги купуваме нивните производи. Политичарите пак, се обидуваат да влијаат на нашите ставови за да не убедат да гласаме за нив. И медиумите честопати се обидуваат да влијаат на одредени наши ставови преку различно презентирање на една иста вест.

Од тие причини, многу е значајно внимателно да ги формираме нашите гледишта и ставови, и да ги преиспитуваме доколку наидеме на нови релевантни факти за одредена тема.

## Активност
### Наслови на вести

Учениците работат во три групи. Секоја група добива еден сет на наслови на вести (од работен лист 2.1) и треба да разговараат и заклучат кој наслов е заснован на факти (1 од секој сет наслови), а кои (2 од секој сет наслови) претставуваат мислење и се обид да се влијае на ставовите на читателите. Секоја група има време од 5 минути за работа, по што треба да го образложат својот избор пред целото одделение. Наставникот следи како ќе одговорат и, им поставува прашања за образложување на одговорите:

- Врз основа на што го заклучивте тоа? (на пр. презентација на факти наспроти личен став)
- Какви мисли и чувства предизвикуваат ‘сензационалистичките’ наспроти реалните/фактичките наслови?
- Кон какви ставови и однесување можат да водат?
- Какви стереотипи можат да креираат?

[очекувани одговори и насоки за дискусија:

## *Прв сет на наслови*

Третиот наслов презентира факти, без обид да креира одреден став кај читателите. Првиот и вториот ги обележуваат девојките како неодговорни, неморални и се обидуваат да креираат негативен став за нив и нивното однесување.

## *Втор сет на наслови*

Вториот наслов презентира факти, без директно влијаење на ставовите на читателите. Првиот наслов, имплицира постоење на екстремно лоша ситуација, од која треба да се избега, и со тоа креира мислење кај читателите дека во земјата е многу лошо да се живее. Третиот наслов имплицира дека си заминуваат одреден тип на луѓе (најдобрите) што подразбира дека оние кои остануваат се помалку добри (т.е. ги стигматизира оние кои остануваат)

## *Трет сет на наслови*

Првиот наслов претставува прецизно пренесување на фактите, без обид за креирање мислење. Вториот е обид да се создаде чувство на страв и паника преку прикажување на фаталистичка слика за иднината, а третиот – обид да се намали и негира сериозноста на ситуацијата и да се создаде чувство на безгрижност.

Треба да се заклучи дека иако честопати не сме свесни, на нашите ставови можат да влијаат различни информации чија цел е да манипулираат со мислењето на јавноста и да креираат одреден став за појавите/наставните. Сензационализмот во прикажување на одредени настани честопати создава негативни ставови кон одредени групи или појави во општеството.

Што можете да направите за да формирате сопствено мислење за одредена тема и да бидете сигурни во вашите ставови? Можете да ја следите оваа формула за да ги формирате сопствените мислења и да имате доверба во вашите ставови:

1) дознајте ги фактите;
2) поставувајте прашања;
3) проверете го тоа што ќе го чуете и прочитате;
4) размислете за сите информации и формирајте сопствени мислења.

## *Активност*
## Дискусија на час за озборувања и мислења

Многу често, нашите пријатели влијаат на тоа каков став ќе формираме за различни појави. Тие можат да бидат важен извор на информации, но сепак треба да бидеме внимателни кога прифаќаме одреден став или гледиште. И во вакви ситуации треба да се стремиме да ги откриеме фактите пред да формираме нашите сопствени мислења и идеи.

Наставникот започнува дискусија за озборувањето меѓу пријателите. Може да се води од следните прашања:

- Колку често во вашето друштво слушате озборувања за одредени личности/ситуации?
- Колку озборувањето (она што ќе го слушнете од другите) влијае на вашиот став за одредена личност/појава?
- Колку озборувањето /трачевите ве потсетува на преувеличувањето на одредена вест од страна на медиумите?
- Како можете да разликувате ‘трач’ од реална информација?

Нагласете дека кога добро се разбираат различни работи и се дознаваат фактите, тие можат да се чувствуваат сигурни во своите заклучоци и да избегнат предрасуди или да дејствуваат на дискриминаторски начин. Исто така, и кога сакаат да презентираат свој став, треба да се држат до пренесување на факти и давање аргументи за истиот, без да се користат: навреди кон одредени групи, нивно стереотипизирање и сл.

# *Завршен дел на часот*

***(5 мин.)***

### *Активност рангирање во форма на дијамант*

Побарајте од учениците, по групи, да напишат 9 прашања кои ги имаат во врска со содржината. Потоа, треба заеднички да ги рангираат во форма на дијамант (слика 2.2), при што најважните прашања се на врвот на дијамантот, а најмалку важните на дното (да се нацрта на работниот лист, притоа истото може да се користи за рефлексија и евалуација).

Истото може да се направи и со рангирање на 9 работи кои ги научиле/осознале за време на часот.

***Прашања:***

1. Како дојде до договор од вашата група?
2. Дали е тешко или лесно да се постигне договор?
Зошто?
3. Дали сите сметаа дека нивните идеи се слушале?

## *Заклучок*

Многу работи можат да влијаат на нашите ставови и гледишта, на добар или лош начин. Затоа е важно да се дискутира зошто е важно да ги формираме нашите ставови врз основа на претходно разбирање и прибирање на информации и факти.

Треба да ги почитуваме ставовите и мислењата на другите луѓе, а доколку сакаме да го образложиме нашето мислење, тоа треба да го направиме аргументирано, преку презентирање на факти.


show her
it's a man's world
Van Heusen
man's world
ties

# *Работен лист број 2.1.*
# Наслови на вести: Факт или мислење?

### *Прв сет на наслови:*

**НАСЛОВ 1:** Тинејџерките се „надвор од контрола"

**НАСЛОВ 2:** Девојки – следната генерација на пијаници!

**НАСЛОВ 3:** Истражување: поголем број девојки во споредба со момчиња конзумираат алкохол

### *Втор сет на наслови*

**НАСЛОВ 1:** Младите бегаат од земјата!

**НАСЛОВ 2:** Во последните 10 години, миграцијата на младите е зголемена за 20%

**НАСЛОВ 3:** Најдобрите си заминуваат – кој ќе остане?

### *Трет сет на наслови*

**НАСЛОВ 1:** Во текот на следните 50 години, се очекува температурите да се покачат за 3 степени.

**НАСЛОВ 2:** За 50 години, ќе не снема.

**НАСЛОВ 3:** Глобално затоплување, па што? На кого ќе му смета ако во 2070 година немаме зима?

# Слика 2.2

*Рангирање во форма на дијамант*





Содржина:

## Конфликти и справување со конфликти



# Прв час

## Цел/и на наставниот час:

- Да разликува видови конфликти во општеството и да ги идентификува причините за појава на конфликти.

## Потребни материјали:

- Цртежи за перцепција на темата конфликт (Работен лист 2.2)
- Сценарија за 4 типа на конфликт (Работен лист 2.3)

## Методи, техники и форми:

Анализа на однапред подготвени сценарија со конфликтни ситуации, структурирана дискусија, прашања по нивоа според Блумова таксономија, анализа на „двојни слики“ (оптички илузии).

# Воведна активност

***(10 мин.)***

На учениците им се покажуваат слики на кои се претставени „двојни слики“ *(Работен лист 2.2 Двојни слики)*, кои секој ги гледа, анализира и опишува во зависност од својата перцепција. Откако секој учесник ќе се изјасни што гледа на цртежот (а виденото ќе се разликува па можеби ќе се формираат и „табори“ кои ќе го бранат својот став за тоа што е на сликата) наставникот може да поттикне мала конфронтација за да го воведе концептот на конфликт предизвикан од различна перцепција.

Наставникот го води процесот така што ги насочува учениците дека за еден настан, појава или процес може да има различни мислења, ставови и гледишта.

## Перцепција

Како ќе се однесуваме кон некој човек, предмет, појава, настан, многу зависи од тоа како ги перципираме. Перципирањето е процес кој ни овозможува да го осмислиме и да го доживееме она што нашиот мозок го прима како збир од поединечни дразби (на пример, човек). Истовремено перцепцијата вклучува и вреднување, овозможувајќи ни за човекот што го гледаме да кажеме дека е висок, низок, убав, грд, добар, лош и сл. Нашето однесување кон него ќе биде под големо влијание на тоа како сме го перцепирале - доколку сме го перцепирале како лош, кон него ќе се однесуваме поинаку, отколку ако сме го перципирале како добар.

Врз перцепцијата влијаат претходното искуство и очекувањата. Ако со некого сме имале позитивно или негативно искуство, очекуваме тој така да се однесува кон нас и во иднина. Ученик што добил 5 на почетокот на учебната година, може да ужива на стара слава. Интересите и вредностите влијаат и предизвикуваат луѓето да не го видат она што би требало да го видат. На пример, едно куче, некој го гледа како закана, некој како милениче... Кај луѓето постои тенденција да ја перцепираат ситуацијата само од сопствена перспектива. Затоа, различни луѓе гледаат различни особини на еден ист објект и различни луѓе опишуваат еден ист настан на различен начин.

# Главен дел на часот

***(25 мин.)***

## *Работа во групи*

Учениците се делат во 4 групи и на секоја група и се дава по една конфликтна ситуација *(Работен лист 2.3 Сценарија за конфликтни ситуации)*. Во работниот лист се претставени четири ситуации и тоа: ситуација 1 – интраперсонален конфликт; ситуација 2 – интерперсонален конфликт; ситуација 3 – интергрупен конфликт; ситуација 4 – интрагрупен конфликт.

Во рамки на групата, учениците треба да ја анализираат добиената ситуацијата и да одговорат на следниве прашања:

- Која е причината за конфликтот?
- Кој е инволвиран во конфликтната ситуација, односно, меѓу кого (индивидуи или групи) се јавува конфликтот?

## *Презентација*

Откако ќе ја завршат активноста, секоја група ги презентира одговорите.

Согласно одговорите од групите кои во принцип би требало да одат во насока на точно идентификување на причините за конфликт и страните инволвирани во конфликтот, наставникот дава објаснување на теоретскиот дел поврзан со **причини за појава на конфликти** и појаснува **на кои нивоа можат да се јават конфликтни ситуации според тоа кој е инволвиран во конфликтот.**

Постојат повеќе причини за појава на конфликт но најчесто конфликтите настануваат поради:

- ограничени ресурси;
- незадоволени основни потреби;
- различни вредности;
- различни цели.

Многу конфликти претставуваат комбинација од две или повеќе нивоа.

Конфликтите, **поради ограничени ресурси,** најчесто настануваат кога двајца поединци или две групи сакаат исто нешто, но нема доволно и за двете страни. Во конфликтната ситуација ресурсите се идентификуваат уште на самиот почеток на несогласувањето и обично се во фокусот на судирот. Иако може да се случи нивната ограниченост да биде вистински извор на конфликтот, многу почест е случајот, во позадината на вистинскиот проблем, да стојат незадоволени психолошки потреби. Тогаш идентификувањето на причината за конфликтот станува потешко и разрешувањето на конфликтот се усложнува.

**Незадоволените основни потреби** можат да бидат од различна природа - психолошки и физиолошки (или биолошки). Според психологот Абрахам Маслов, сите потреби на луѓето можат да се класифицираат во хиерархиски распоредени нивоа на индивидуални или групни потреби. Првото ниво го сочинуваат физиолошките потреби кои обезбедуваат опстанок (храна, вода, воздух, сон, секс). Потоа следат психолошките потреби меѓу кои се вбројуваат потребата за сигурност, потребата за припаѓање и потребата за самопочитување и почитување од страна на другите. Во поглед на психолошките потреби, групите не се разликуваат од поединците - и кај нив може да биде присутно секое од наведените нивоа на психолошки потреби. Задоволувањето на психолошките потреби е битно за психичкото здравје на луѓето исто како што задоволувањето на физиолошките потреби е неопходно за зачувување на физичкото здравје. Ако се знае дека задоволувањето на психолошките потреби што се на погорните нивоа во хиерархијата ја чини суштината на развојот на личноста, не е чудно што незадоволените психолошките потреби претставуваат најчести извори на конфликти. Незадоволените психолошките потреби се во основа и на многу конфликти кои на прв поглед изгледаат како да се предизвикани од други фактори.

**Различните вредности** кај луѓето произлегуваат од разликите во верувањата за тоа кои активности, кои работи и кои идеи се правилни, значајни, корисни и добри, а кои не се. Системот на вредности се формира во текот на животот преку пошироките културни влијанија, семејното воспитување и сопственото искуство и претставува стандард кој раководи со постапките на луѓето. Кога вредностите се спротивставени, страните

на конфликтот се концентрирани на тоа дали барањата се "правилни или неправилни", "добри или лоши". Дури и кога конфликтот изгледа дека е судир околу различни цели кон кои се стремат страните, најверојатно е дека се работи за конфликт поради различни вредности – изворот на таквите конфликти е поврзан или со релативната важност на целите за секоја од спротивставените страни, или со фактот дека страните високо вреднуваат различни цели. Конфликтите околу вредностите најтешко се разрешуваат затоа што опфаќаат нешта на кои луѓето се особено чувствителни – верувањата што го обликуваат идентитетот на личноста и му даваат значење на животот. Кога вредностите се во судир, учесниците го доживуваат конфликтот како атак врз личноста, поради што поединецот (и/или групата) реагира со силно изразена дефанзивност и уште поголемо вклопување во убедувањата, приоритетите и принципите. Во таквата ситуација најтешко е да се напуштат старите „шаблони" на однесувања и да се избере поинаков начин на реагирање.

Психолошките потреби се вмешуваат и во конфликтите околу вредностите. Ригидните вредносни системи можат да бидат сериозен ограничувачки фактор во задоволувањето на базичните психолошки потреби, особено потребата за припаѓање. колку повеќе поединецот се држи до некоја вредност, толку повеќе неговите можности за припаѓање се сведени само на оние кај кои се присутни истите убедувања, приоритети и принципи. Вредностите што не се флексибилни скоро секогаш пречат и кога се работи за потребата за независност што се задоволува преку можноста за сопствен избор. Луѓето што имаат поинакви вредности се посматраат како да не се во право, а ситуациите што отстапуваат од очекуваните стандарди се сметаа за лоши. Во таков случај, изборите што се прават во животот (па дури и изборот на пријателите) се ограничуваат на стеснет круг на можности.

Конфликтите поради **различни цели** настануваат кога страните во конфликтот имаат различни идеи за тоа како да задоволат одредена потреба.

Во зависност од страните вклучени во конфликтот, конфликтите генерално се делат на:

- конфликти се случуваат меѓу поединци (интер-персонални конфликти) – на пр. сопруга - сопруг, родител - дете, колега - колешка;
- конфликти што се јавуваат во самата личност како спротивставени интереси (интра-персонални конфликти) – пр. дали да се оди на семинар за време на викендот или да се остане со семејството, во кое училиште да се запишам – таму каде што сакам или каде што ми одат другарите;
- конфликти кои се јавуваат како резултат на спротивставени интереси меѓу групи со различна големина и природа (интер-групни) – пр. одделение-одделение, различни етнички групи;
- станува збор за конфликти кои се јавуваат меѓу припадниците на една група (интра-групни) – пр. конфликти помеѓу членови на спортска екипа, работен колектив, одделение.

## *Дискусија*

Во рамките на дискусијата учениците се повикуваат да се сетат на некоја конфликтна ситуација во која самите биле вклучени или ја посведочиле, а за која не би им било проблем да зборуваат. Притоа дискусијата се води по подолу наведените прашања за да се направи интроспекција на сопственото доживување на конфликтот како и негово разбирање во однос на разработката на конфликтот претставена во главната активност.

- Која била причината и помеѓу кого бил конфликтот?
- Како се чувствувале?
- Дали имате поинакво видување на конфликтната ситуација сега, откако стекнавте знаење за влијанието на различните перцепции во креирање на конфликтни ситуации?

# Завршен дел на часот

*(5 мин.)*

- Различното гледање, разбирање, сфаќање на нештата (перцепцијата) може да да доведе до меѓусебно недоразбирање и да креира потенцијален конфликт;
- Најчести причини за појава на конфликт се различните: потреби, ставови, вредности, цели;
- Во зависност од страните вклучени во конфликтот, конфликтите погенерално се делат на: интра-персонални, интер-персонални, интра-групни и интер-групни конфликти.

## Активност за рефлексија

За рефлексија на постигнатоста на целите се користи активноста прашање-одговор. Учениците осмислуваат прашање поврзано со наставната содржина. Го запишува на ливче а потоа наставникот ги собира ливчињата во сад/капа. Учениците влечат прашања и се обидуваат да ги одговорат со помош на наставникот.

# *Работен лист 2.2*
Двојни слики







# Работен лист 2.3

# Сценарија за конфликтни ситуации

## Ситуација 1

Јована и Арта се другарки уште од прво одделение. Сега се деветто одделение и треба да имаат тест по физика. Оценката од тестот ќе влијае врз финалната оценка на крајот од учебната година. Арта знае дека физика не и оди баш најдобро и дека ако добие пониска оценка тоа ќе и влијае на успехот и можеби нема да може да се запише во средното училиште во кое сака да оди. Таа разбра дека Јована ги има најдено прашањата од тестот, а Јована дури и понуди на Арта да и ги даде. Арта знае дека тоа што го прави Јована не е во ред, но исто така знае и дека мора да добие петка на тестот за да има успех на крајот од годината кој ќе и гарантира упис во училиштето кое го сака.

## Ситуација 2

Кире и Ерхан беа на кошаркарското игралиште и фрлаа кошеви на спротивните страни од игралиштето. Беа завртени со грб и не ни забележаа дека се приближиле еден до друг. Ерхан ги погодуваше сите кошеви, додека Кире цело време промашуваше. Во еден момент Ерхан, не сакајќи со грб го поттурна Кире, кој изнервиран од серијата промашувања, а и малку засрамен од другарите кои како публика ги гледаа, се заврте и му се развика на Ерхан. На Ерхан не му беше јасно зошто Кире му вика и инстиктивно и тој почна да му се дере на Кире.

## *Ситуација 3*

Момчињата и девојчињата сакаат да го користат единственото маалско игралиште. Машките беа договорени да играат фудбал а девојчињата одбојка. Почнаа да се караат околу тоа кој да го користи игралиштето. Машките велеа дека игралиштето е за фудбал и дека не мора девојчињата да играат одбојка затоа што и така тоа е „досаден спорт“. Девојчињата се почувствуваа навредено и возвратија дека фудбалот е „глупав спорт“ и дека постојано машките го користат игралиштето, па редно е сека девојчињата да го користат. Никој не попушташе. Ситуацијата доведе до големи кавги помеѓу двете групи деца.

## *Ситуација 4*

Петмина пријатели имаат основано музички бенд и обично свират преработки од други групи. Сепак, неодамна решија да почнат да прават песни по сопствен текст и музика. Еден ден пејачот дојде со текст за музиката која гитаристот и тапанарот претходно ја направија. Текстот не му се допадна на гитаристот бидејќи сметаше дека содржи вулгарни зборови и дека тоа нема да биде добро за имиџот на групата. На тапанарот текстот му се допадна бидејќи сметаше дека така групата ќе изгледа „кул“. И останатите два члена од бендот имаа поделени мислења околу текстот на песната.



Содржина:



## Конфликти и справување со конфликти

# Втор час

## Цел/и на наставниот час:

- Да објаснува конструктивно разрешување на конфликти
- Конфликтите и споровите да ги решава на конструктивен начин

## Потребни материјали:

Молив, хартија, Работен лист 2.4, Формат за анализа на ситуација (Работен лист 2.5)

## Методи, техники и форми:

работа во парови, техника Еден молив – двајца цртачи, дискусија, анализа на ситуација

# Воведна активност

**(15 мин.)**

## *Еден молив – двајца цртачи*

Учениците работат во парови, така што секој пар има задача со еден молив, на лист да нацрта заедничка слика, без договарање и меѓусебно разговарање. Време за работа – една минута. По завршување на првиот дел од задачата, учениците на другата страна од листот, секој црта свој цртеж повторно со еден молив, без договор и во целосна тишина. На крајот замолете ги учениците да ви ги покажат двете слики.

По завршување на активноста на учениците им се поставуваат следниве прашања:

- Како се чувствувавте додека цртавте?
- Дали дошло до некаков судир/конфликт?
- Дали успеале да се договорат некако и покрај тоа што не смееле да разговараат меѓу себе? Дали ќе беше полесно да можеа вербално да комуницираат? Зошто?
- Дали некој во паровите се наметнувал да ја нацрта својата идеја или се откажал од цртање на својата идеја? Зошто? (*одговорите на ова прашање наставникот ќе треба да ги запомни бидејќи ќе служат како вовед во следниот час кога ќе се работат личните стилови во справување/решавање на конфликти*)

Активноста е забавна, но во исто време и многу сериозна и отвора можност за разговор за тоа кој како се снаоѓа и се однесува во конфликтна и стресна ситуација, кога мора да соработува со другите. Учениците може да ги анализираат сопствените постапки додека цртале и да дефинираат на кој начин се однесувале во конфликтната ситуација.

Преку оваа вежба треба да се внесат елементите/концептите кои се особено важни во процесот на разбирање и анализирање на конфликт а тоа се: идентификување на чувствата и однесувањето во конфликтна ситуација, лични стилови на решавање на конфликтот и важноста од ефективната комуникација како основа за конструктивно разрешување на конфликтите.

# *Главен дел на часот*

***(25 мин.)***

Врз основа на претходната вежба, наставникот дава подетално објаснување на следниве концепти:

- Чувства, однесување и релации во ситуација на конфликт
- Ефективна комуникација како основа за конструктивно разрешување на конфликтите

Најчесто она што прво го воочуваме во ситуација на конфликт е **однесувањето** (викање, тепање, трескање врата, повлекување и сл.). Зад секое однесување постои **чувство** кое го предизвикува таквото однесување (бес, фрустрација, немоќ и сл.). Чувството е предизвикано од одреден **проблем**, а проблемот најчесто настанува помеѓу лица кои имаат некаква **релација/однос**. Овие четири елементи, однесување, чувство, проблем и релација/однос, се основни елементи на конфликтот и кога тежнееме кон конструктивно разрешување на конфликтите треба да ги имаме предвид сите.

Ефективната комуницирањето е основа за конструктивно справување и решавање на конфликтите. Кога решавањето на конфликтите се разгледува од перспектива на комуникацијата, на конфликтите всушност се гледа како на нормален дел од меѓучовечките односи. Со примена на ефективна комуникација се нестојува да се изнајде решение што ќе ги задоволи сите страни инволвирани во конфликтот.

Комуницирањето меѓу конфронтираните страни подразбира учество во заемно разбирање - комуникација постои кога секоја страна во конфликтот настојува прво да ја разбере другата, а потоа и самата да биде разбрана. За да се оствари ефективна комуникација, неопходно е страните да ја имаат развиено некои техники/вештини кои овозможуваат да се комуницира во конструктивна насока и тоа:

- Техниката на **активно слушање**
- Техниката на **ЈАС говор**

**Активното слушање** подразбира слушање со намера да го разбереме лицето што зборува. Луѓето што активно слушаат можат да влезат во кожата на другите и да го видат проблемот од нивната перспектива и да ги сфатат нивните чувства. Тоа не значи дека мора и да се согласат со другите, туку само дека треба да ги сфатат од интелектуална и емоционална гледна точка. Активното слушање создава можност кај секој учесник во конфликтот да се задоволат повеќето базични психолошки потреби. Во таква ситуација, страните во конфликтот стануваат свесни дека се самите одговорни за наоѓање на решение и настојуваат со сите сили да го сторат тоа. Затоа и конфликтите на кои им се пристапува на ваков начин стануваат конструктивни. Основни елементи на активното слушање се:

- **Парафразирање** - кратко сумирање на деталите на она што соговорникот ни го кажува. На овој начин ќе дознаете што значел разговорот, а говорителот ќе може да Ви објасни нешто ако не сте разбрале целосно.
- **Поставување прашања** – на овој начин покажувате интерес за она што соговорникот ви го кажува или барате појаснување. Со поставување прашања говорителот ќе знае дека внимавате и слушате и дека сте заинтересирани за темата. При поставување на прашања, треба да се внимава да не се претера и лицето кое го слушате да не добие впечаток дека го испрашувате.
- **Емпатија** – да покажеме способност да сочувствуваме и да ги разбереме туѓите емоции, страдања и чувства.

**ЈАС говорот** е техника на комуникација која овозможува искажување на потребите и желбите, конструктивен е и фокусиран на специфичен проблем. ЈАС говорот јасно зборува за однесувањето и предизвиканите чувства во ситуација на конфликт и не навлегува во квалификација, вреднување или осудување на личноста/лицето. ЈАС говорот не води кон избегнување на конфликтот, туку кон отворање на комуникација околу причините на конфликтот. Преку ваков говор ние даваме на знаење дека сме отворени за комуникација и подготвени за разговор и барање на заемно прифатливо решение на проблемот. Со ЈАС говорот се фокусираме на себе и на нашите потреби, желби и права.

Честопати во конфликтни ситуации меѓусебно се обвинуваме, искажуваме лутина, навредуваме, се муртиме и сето ова може да доведе до ескалација на конфликтот и оддалечување од вистинската причина на конфликтот и што е тоа што нас не повредило во таа ситуација, која е нашата потреба и ли што навистина сакаме. Преку ЈАС говорот ни е се навраќаме на почетокот на конфликтот кон она што нам ни е важно или она што ни пречи и не предизвикуваме одбранбена реакција на другата страна. Преку користење на ЈАС говорот во конфликтна ситуација се таргетира однесување а лицето/личноста со која сме во конфликт.

## *Структура на ЈАС говор:*

Кога гледам дека/кога ќе ми кажеш........јас чувствувам/посакувам......би сакал/а...




**Кога ќе ми кажеш да замолчам**, **се чувствувам повредено** и како воопшто да не ти е грижа за мене и моето мислење. **Би сакал/а** да можеме да разговараме и **да ми кажеш што всушност ти пречи**.

## Дискусија

Исто како и на претходниот час, учениците се повикуваат да се сетат на конфликт во кој самите биле учесници или пак го посведочиле. Притоа ќе треба да се поведе дискусија околу двете прашања дадени подолу, при што наставникот паралелно со дискусијата ќе ја претстави/пополни сантата лед која ги претставува видливите и скриените елементи на конфликт:

- Што е тоа што е видливо или може јасно да се забележи во една конфликтна ситуација? (*на ова прашање учениците би требало лесно да одговорат и би требало да реферираат на однесување и вербална и невербална комуникација – викање, трескање врата, трескање на маса, закани, израз на лице, емоции и сл.*)
- Што е тоа што не е видливо во една конфликтна ситуација? (*ова прашање може да биде потешко за учениците и ако е така наставникот ќе треба да ги поттикнува со примери – тука треба да се реферира на стереотипи и предрасуди, лични вредности, страв, љубомора, моќ/немоќ, потреби, интереси и сл.*)

### ***Концепт на „Санта лед“ – Зошто конфликтот е како санта лед? (Работен лист 2.4 Санта лед)***

Сантата лед многу често се користи како аналогија за конфликт, бидејќи ги посочува елементите на конфликтот кои се видливи и воочливи (овие елементи го претставуваат делот од сантата лед која е над површината на водата), но ги посочуваат и невидливите елементи на конфликтот кои не ги забележуваме или за кои не сме свесни (овие елементи го претставуваат оној дел од сантата лед кој е под вода, кој не го гледаме а кој е многу поголем од видливиот дел на сантата).

Вообичаено, кога сме во конфликтна ситуација, она што е видливо и лесно воочливо се: однесувањето, ставовите, невербалната комуникација (гримаси на лицето, закани со рака, прст), насилство, емоции, закани, уцени и сл.

Она што не го воочуваме во конфликтот и за кое не сме свесни се: вистинските причини за конфликтот, личните вредности, културната позадина на лицата инволвирани во конфликтот и нивните претходни животни искуства, предрасудите, очекувањата, потребите и сл.

### **Пример:**

*Двајца соседи се расправаат околу тоа чие е дрвото. Секој од нив вели дека дрвото е на негова земја и стојат на ставот дека дрвото треба да му припадне на едниот од нив. Сечење на дрвото на половина не е опција бидејќи на тој начин ќе угине и ниту еден од нив нема да го добие. И покрај тоа што* ***ставот*** *на двајцата е дека дрвото му припаѓа само на еден од нив, на крајот се покажува дека двајцата имаат* ***различни интереси*** *зошто го сакаат дрвото – едниот го сака заради сенката во која сака да се одмара , додека другиот го сака поради плодовите. Она што на прв поглед се гледа е дека и двајцата имаат непомирливи ставови (кои се во видливиот дел од сантата лед) во однос на тоа чие е дрвото, меѓутоа ако се анализираат интересите (кои се во невидливиот дел од сантата лед) се доаѓа до позиција во која може да се бара решение кои би ги задоволило интересите на двете страни.*

Ефективната комуникација и користењето на техниките за ефективна комуникација се основа за „изнесување" скриените елементи на конфликтот во видливиот дел на сантата лед.

# *Завршен дел на часот*

- Да се посочи концептот на ефективна комуникација како основа на (не)конструктивно решавање на конфликтите и да се објаснат техниките на активно слушање и ЈАС говор кои учениците треба да ги применуваат во ситуација на конфликт, бидејќи на тој начин се создаваат услови за разбирање на сопствените, но и потребите на сите страни инволвирани во конфликтот, како и меѓусебно почитување.
- Преку воведување на сантата лед, учениците да разберат дека секогаш кога се во ситуација на конфликт треба да бидат особено свесни за скриените елементи на конфликтот кои најчесто влијаат на чувствата и однесувањата кои страните во конфликтот ги покажуваат.

## *Активност за рефлексија*

**Лист за анализа на конкретна конфликтна ситуација – за дома**
**(Работен лист 2.5 Анализа на конфликт)**

Со овој лист на рефлексија учениците треба да ги применат знаењата кои ги имаат за анализа на конфликтна ситуација. Притоа, секој ученик (индивидуално, дома) треба да направи анализа на конфликт (во кој учествувал или на кој бил сведок) и да ги опфати сите елементи кои се работеа на овој и на претходниот час. Иако може да изгледа како повторување бидејќи и на двата часа се реферираше на рефлексија на личен конфликт, тука ги земаме предвид различните стилови на учење и се дава можност и на оние ученици на кои им треба повеќе време да размислат, опсервираат и рефлектираат да може во целост да ја направат анализата.

# *Работен лист 2.4*

## *Санта лед*



# *Работен лист 2.5*
# Анализа на конфликт



| АНАЛИЗА НА КОНФЛИКТ | |
|---|---|
| Причина за конфликт | |
| Вид на конфликт според инволвираните страни | |
| Однесување на страните инволвирани во конфликтот | |
| Чувства кои се јавиле кај страните инволвирани во конфликтот | |
| Начин на комуникација – дали биле применувани техниките на ефективна комуникација; ако не биле применувани тогаш како комуницирале страните во конфликтот? | |
| Од аспект на анализа на конфликтот преку концептот на Санта Лед, дали може да претпоставите некои елементи од конфликтот кои биле скриени? | |



Содржина:



# Конфликти и справување со конфликти

# Трет час

## Цел/и на наставниот час:

- Да објаснува конструктивно разрешување на конфликти
- Конфликтите и споровите да ги решава на конструктивен начин

## Потребни материјали:

Работен лист 2.6. со опишани 5 лични стилови/пристапи на справување и решавање со конфликтна ситуација, Работен лист 2.7, табла, хартија

## Методи, техники и форми:

Игра на улоги, дискусија, прашалник за самопроценка

# Воведна активност

***(5 мин.)***

Наставникот се навраќа на вежбата Еден молив – два цртачи од претходниот час. Преку прашањето *Дали некој во паровите се наметнувал да ја нацрта својата идеја или се откажал од цртање на својата идеја?,* и се обидува од учениците да добие информација дали некој се наметнувал да нацрта, дали некој се повлекувал и сл. Доколку овие одговори се добиени претходниот час, тогаш наставникот може да реферира на одговорите и на тој начин да направи вовед во петте лични стилови/пристапи на справување со конфликтна ситуација. Наставникот само ги именува стиловите и им соопштува на учениците дека ќе бидат поделени во 3 групи, каде секоја група ќе добие на ливче опис на лични стилови/пристапи на справување со конфликтна ситуација (***Работен лист 2.6 Лични стилови на справување/разрешување на конфликти***). Можат да се користат примерите од ***Работниот лист 2.3 Сценарија за конфликтни ситуации*** иако се препорачува учениците сами да ја смислат конфликтната ситуација. Врз основа на добиените описи, секоја група ќе треба да подготви игра на улоги во кои ќе ги симулира стиловите кои ги имаат добиено. Времетраењето на една игра на улоги да не биде подолго од 5 минути.

# Главен дел на часот

**(30 мин.)**

## Подготовка на играта на улоги

**Првата група** ги добива стиловите – **натпреварување**, **прилагодување** и **избегнување**. Сите три стилови ќе треба да ги симулираат во една конфликтна ситуација. Овие три стилови се искомбинирани во една игра на улоги бидејќи е полесно да се вклопат во една ситуација. Исто така поради ограничување во времетраењето на училишниот час, не е временски можно секој стил да биде прикажан во посебна игра на улоги.

**Втората груп**а го добива стилот **компромис**.

**Третата група** го добива стилот **соработка**.

Кај стиловите компромис и соработка учениците се поттикнуваат да ги користат техниките на активно слушање и ЈАС говор кои ги работеа претходниот час

## Презентирање на играта на улоги

Секоја група има 5 минути да ја изведе играта на улоги и околу 2 минути да објасни кој стил е претставен и да го опише согласно информациите на ливчето.

## Стилови/пристапи во справување/решавање на конфликти:

1) **Натпреварување** – овој стил подразбира дека лицето инволвирано во конфликтот настојува по секоја цена да го наметне своето мислење или решение за проблемот. Овие лица знаат да бидат поприлично влијателни. Често знаат да ги нападнат оние кои не се согласуваат со нив па дури и да бидат груби и агресивни;

2) **Прилагодување** – овој стил подразбира дека лицето инволвирано во конфликтот е пријателски настроено и настојува да им угоди на сите останати страни вклучени во конфликтот. Овие лица не им придаваат доволна важност на своите потреби, што со текот на времето може да прерасне во незадоволство од самиот себе. Понекогаш пак, проблемот не им е толку важен па затоа не инсистираат на свои предлози за разрешување на конфликтот;

3) **Избегнување** – овој стил подразбира дека лицето инволвирано во конфликтот по секоја цена настојува да им угоди на сите. Целата конфликтна ситуација им е непријатна и не сакаат да се справуваат со конфликтот. Овие лица се преправаат дека проблемот не постои или пак дека не е озбилен;

4) **Компромис** – кога ситуацијата не е толку важна, но проблемот треба да се реши тогаш се обидуваме да се „пазариме"со страните кои се вклучени во конфликтот. При тоа, секој се откажува по малку од нешто и на крајот се доаѓа до компромисно решение во кое секој нешто ќе изгуби меѓутоа ќе се дојде до половично решение со кое сите страни се делумно задоволни;

5) **Соработка** – кога се применува стилот на соработка, секоја од страните е важна и секој активност придонесува кон изнаоѓање на заедничко решение. Решението не мора да биде совршено, но треба да биде доволно добро и прифатливо за сите. Обично, процесот на изнаоѓање на решението трае подолго и бара активна комуникација од сите инволвирани страни. Се настојува да се изнајде квалитетно решение со кое сите се задоволни и се чувствуваат како победници и покрај тоа што можеби се откажале од нешто. Во процесот на соработка особено е важно што секоја мислењето на секоја страна во конфликтот се почитува и се води сметка и за сопствените, но и за интересите на сите страни.

# *Завршен дел на часот*

***(5 мин.)***

Се води дискусија според долунаведеното прашање во насока на идентификување на конструктивни начини на справување и решавање на конфликтите:

- Кој од презентираните стилови води кон конструктивно разрешување на конфликтите? Зошто?

## *Заклучок*

Акцентот треба да се стави на стиловите соработка и компромис како конструктивни начини за справување и решавање на конфликтите, бидејќи останатите стилови не водат кон конструктивен процес во кој сите страни во конфликтот се вреднувани, а ставовите и мислењата се земаат предвид и се почитуваат. Дополнително соработката и компромисот ја внесуваат и димензијата на ефективна комуникација како основа во конструктивниот пристап на решавање на конфликтите.

### *Активност за рефлексија*

Учениците пополнуваат Прашалник за самопроценка и идентификување на сопствениот стил на справување/разрешување на конфликти (Работен лист 2.7 Тест за идентификување на личниот стил на справување/разрешување на конфликти) и треба да размислат колку нивниот стил е конструктивен.

# Работен лист 2.6
# Лични стилови на справување/разрешување на конфликти

1) **Натпреварување** – овој стил подразбира дека лицето инволвирано во конфликтот настојува по секоја цена да го наметне своето мислење или решение за проблемот. Овие лица знаат да бидат поприлично влијателни. Често знаат да ги нападнат оние кои не се согласуваат со нив па дури и да бидат груби и агресивни.

2) **Прилагодување** – овој стил подразбира дека лицето инволвирано во конфликтот е пријателски настроено и настојува да им угоди на сите останати страни вклучени во конфликтот. Овие лица не им придаваат доволна важност на своите потреби, што со текот на времето може да прерасне во незадоволство од самиот себе. Понекогаш пак, проблемот не им е толку важен па затоа не инсистираат на свои предлози за разрешување на конфликтот.

3) **Избегнување** – овој стил подразбира дека лицето инволвирано во конфликтот по секоја цена настојува да им угоди на сите. Целата конфликтна ситуација им е непријатна и не сакаат да се справуваат со конфликтот. Овие лица се преправаат дека проблемот не постои или пак дка не е озбилен.

4) **Компромис** – кога ситуацијата не е толку важна, но проблемот треба да се реши тогаш се обидуваме да се „пазариме"со страните кои се вклучени во конфликтот. При тоа, секој се откажува по малку од нешто и на крајот се доаѓа до компромисно решение во кое секој нешто ќе изгуби меѓутоа ќе се дојде до половично решение со кое сите страни се делумно задоволни.

5) **Соработка** – кога се применува стилот на соработка, секоја од страните е важна и секој активност придонесува кон изнаоѓање на заедничко решение. Решението не мора да биде совршено, но треба да биде доволно добро и прифатливо за сите. Обично, процесот на изнаоѓање на решението трае подолго и бара активна комуникација од сите инволвирани страни. Се настојува да се изнајде квалитетно решение со кое сите се задоволни и се чувствуваат како победници и покрај тоа што можеби се откажале од нешто. Во процесот на соработка особено е важно што секоја мислењето на секоја страна во конфликтот се почитува и се води сметка и за сопствените, но и за интересите на сите страни.

# *Работен лист 2.7*
# Тест за идентификување на личниот стил на справување/ разрешување на конфликти

Со решавање на овој тест ќе можете да го откриете својот личен стил на справување/ разрешување на конфликтна ситуација. Размислете околу резултатот кој ќе го добиете и видете дали навистина соодветствува со стилот кој вие мислите дека го применувате. Во овој тест нема точни и погрешни одговори, а резултатот кој ќе го добиете треба да ве поттикне понатаму да размислувате во насока на тоа колку конструктивно пристапувате во справување и разрешување на конфликтни ситуации.

Инструкции за решавање на тестот: внимателно прочитајте ја изјавата и заокружете го соодветниот број на скалата. На пример, доколку одредена изјава е многу карактеристична за вас тогаш го заокружувате бројот 6 или 5, а доколку не е воопшто карактеристична за вас го заокружувате бројот 1 или 2. Обидете се што помалку да ги избирате средните броеви 3 и 4.

**А. Во ситуација на конфликт активно дискутирам и барам начини како да ги задоволам потребите на другите, но и моите потреби.**

*Воопшто не е карактеристично за мене* ← 1----2----3----4----5----6 → *Многу карактеристично за мене*

**Б. Во ситуација на конфликт многу се трудам да осигурам дека мојата вистина ќе преовладее и не се трудам да ги задоволам другите.**

*Воопшто не е карактеристично за мене* ← 1----2----3----4----5----6 → *Многу карактеристично за мене*

**В. Во ситуација на конфликт се трудам да бидам разумен/на со тоа што не барам да се исполни се она што јас сакам, но настојувам да добијам барем нешто од тоа што сакам.**

*Воопшто не е карактеристично за мене* ← 1----2----3----4----5----6 → *Многу карактеристично за мене*

**Г.** Во ситуација на конфликт не инсистирам да биде по мое но и не правам она што другите го бараат.

| | | |
|---|---|---|
| *Воопшто не е карактеристично за мене* | ← 1----2----3----4----5----6 → | *Многу карактеристично за мене* |

**Д.** Во ситуација на конфликт ги ставам на страна моите потреби и се трудам да не го нарушам односот со лицето/та со кои сум во конфликт.

| | | |
|---|---|---|
| *Воопшто не е карактеристично за мене* | ← 1----2----3----4----5----6 → | *Многу карактеристично за мене* |

**Ѓ.** Во ситуација на конфликт помалку се вклучувам во комуникација со другите страни и се држам пострана.

| | | |
|---|---|---|
| *Воопшто не е карактеристично за мене* | ← 1----2----3----4----5----6 → | *Многу карактеристично за мене* |

**Е.** Во ситуација на конфликт го правам она што мислам дека треба да го направам и се надевам дека релациите со другите страни во конфликтот ќе ги поправиме подоцна.

| | | |
|---|---|---|
| *Воопшто не е карактеристично за мене* | ← 1----2----3----4----5----6 → | *Многу карактеристично за мене* |

**Ж.** Во ситуација на конфликт многу се грижам за чувствата на другите.

| | | |
|---|---|---|
| *Воопшто не е карактеристично за мене* | ← 1----2----3----4----5----6 → | *Многу карактеристично за мене* |

**З.** Во ситуација на конфликт, особено внимавам на желбите на другите, но сепак инсистирам на тоа и другите да внимаваат на моите желби.

| | | |
|---|---|---|
| *Воопшто не е карактеристично за мене* | ← 1----2----3----4----5----6 → | *Многу карактеристично за мене* |

S. Во ситуација на конфликт, „притискам“ да се донесе некаков компромис за да се разреши ситуацијата побргу и да продолжиме понатаму.

*Воопшто не е карактеристично за мене* ← 1----2----3----4----5----6 → *Многу карактеристично за мене*

# Решение

До секоја буква напишете го бројот којшто сте го заокружиле на соодветното прашање. Соберете ги двата броја и впишете го резултатот. Таму каде што имате најголем резултат од двата броја, тој стил е највероjатно вашиот личен стил на справување со конфликтни ситуации.

Соработка

А_________+ З_________=__________

Компромис

В_________+ S_________=__________

Прилагодување

Д_________+ Ж_________=__________

Избегнување

Г_________+ Ѓ_________=__________

Натпреварување

Б_________+ Е_________=__________

Содржина:



## Соработка и поврзаност во граѓанското општество

# Прв час

## Цел/и на наставниот час:

- да ги објаснува мултикултурализмот и интеркултурализмот како појави;
- да ги објаснува елементите на интеркултурно општество

## Резултати од учењето:

- прави разлика меѓу мултикултурата и интеркултурата;
- препознава елементи на интеркултурното општество;
- изведува конкретни активности кои придонесуваат за градење интеркултурни вредности;

## Методи, техники, форми:

Дискусија, бура на идеи, грозд техника, Венов дијаграм, фронтална и работа во групи, техника Петоред.

## Потребни материјали:

- Слика 2.3 (мултикултурализам и интеркултурализам), табла, хартија

# Воведна активност

**(10 мин.)**

Со цел - **запознавање со целите и очекуваните резултати и иницирање воведна дискусија за припадност во различни заедници/култури/групи, за да се воведат концептите на мултикултурализам и интеркултурализам,** наставникот најавува:

*Минатата година работевме на теми поврзани со личен идентитет и прифаќање и почитување на разликите. Да се потсетиме:*

- Што беше тоа што лично ме прави различен од другите во: училиштето, средината во која живеам, во државата?

*После овие прашања наставникот може со реченица-две да сумира дека различностите (а и сличностите) доаѓаат поради тоа што сите припаѓаме на различна група/заедница/култура, секоја со свои специфики и да го постави прашањето:*

- Може ли да наведете припадници на различни култури во населбата во која живеете или пак на територија на нашата држава?

*Откако учениците ќе одговорат на прашањето, наставникот може да сумира дека живееме во општество во кое постојат повеќе различни групи/заедници/култури и да продолжи со дијаграмите за да ги објасни концептите на мултикултура и интеркултура.*

Наставникот им покажува на учениците две слики (Слика 2.3 и 2.4 ) кои симболички претставуваат мултикултурализам и интеркултурализам. Се започнува дискусија:

1) Што гледате на едната, а што на другата слика?

2) Што претставуваат круговите?

3) Како и дали тие меѓусебно комуницираат на првата, а како на втората?

Преку дискусијата треба да се дојде до заклучок дека и на двете слики се претставени различни заедници, но додека на првата не комуницираат/соработуваат меѓусебно, во втората сите имаат меѓусебна интеракција (соработка, комуникација). Од таму се преминува на објаснување на концептите на мултикултурализам (симболични претставено преку слика 2.3) и интеркултурализам (симболични претставено преку слика 2.4).

# Главен дел на часот

**(25 мин.)**

Во теоретскиот дел на часот наставникот, гласвно, треба да се задржи и да ги објасни поимите (да направи разлика) мултикултурализам, мултикултурно општество, интеркултурализам, интрерkулутурно општетство:

Мултикултурно општество е општетство во кое живеат неколку различни културни или етнички групи. Луѓето живеат на ист простор, но поединците од една културна група најчесто комуницираат само помеѓу себе. На пример, во мултикултурно соседство, луѓето може да одат да јадат во ресторан кој служи храна типична за некоја етничка заедница, но воопшто да немаат контакт со луѓето од таа заедница.

Интеркултурно општество е општетсво во кое меѓу различните заедници постои разбирање и почит едни кон други. Интеркултурната комуникација се фокусира на меѓусебна размена на идеи и културни норми и развој на меѓусебни врски. Во интеркултурно општество, никој не останува непроменет, бидејќи сите учат еден од друг и растат заедно.

## Активност

## Мултикултурно и интеркултурно училиште

Наставникот ги дели учениците во две групи. Ги воведува во реалната ситуација во нашата земја каде што имаме ситуација на еднојазични/повеќејазични училишта во кои учат припадници на различни етнички заедници. Имајќи го ова предвид, едната група треба да размислува како би изгледало мултикултурно училиште, а другата да размислува како би изгледало интеркултурно училиште. Како насока во нивното размислување може да се дадат следниве прашања:

1) Како би изгледало едно одделение?
2) Каква би била соработката меѓу одделенија?
3) Како би изгледал еден „мултикултурен час“, а како „интеркултурен час“?
4) Како би изгледале училишните прослави и манифестации?

5) Што прават наставниците во мултикултурно, односно интеркултурно училиште?

6) Може ли да наведете примери на активности во училиштето кои придонесуваат за градење на интеркултурни вредности?

Групите можат своите размислувања да ги презентираат преку цртеж/и (на хартија) или преку поими (зборови).

Резултатите за мулиткултурно училиште би требало да гравитираат кон следново: учење за други култури без директна комуникација/интеракција; одделението е етнички/јазично хомогено; нема заеднички часови/активности меѓу одделенија; одделно се подготвуваат точките/активностите за манифестации и прослави; наставниците само ги учат учениците за културата на другите, но не креираат реални можности за учениците од различни етнички заедници/култури да се сретнат заедно на наставни или вонна-ставни активности и слично; наставниците не соработуваат меѓу себе при планирање и изведување на наставата.

Резултатите за интеркултурно училиште би требало да гравитираат кон следново: одделенија составени од ученици од различни заедници; заеднички часови каде што ќе се поттикнува дијалог меѓу учениците за да можат подобро да се запознаваат меѓу себе; заедничко планирање и реализирање на училишни манифестации и прослави; наставниците креираат реални можности учениците да се среќаваат и заедно да учат и да се дружат (се дава можност за воспоставување на дијалог меѓу учениците од различни заедници/култури); наставниците од различни етнички/јазични групи/култури соработуваат меѓу себе и се пример за соработка и меѓусебна комуникација и слично.

Заедничко за двете би било: свесност за постоење на други култури, меѓусебно признавање и почитување на различностите, недискриминација на ниту една културна група

Додека презентираат групите, наставникот на табла може да има нацртано венов дијаграм и директно да ги запишува клучните концепти/поими од презентацијата на учениците. Тоа што ќе се повтори, а важи и за мули/интеркултурализам, на крајот ќе го напише во пресекот на дијаграмот како заедничко.

# Завршен дел на часот

***(5мин.)***

## Активност
### Дискусија за интеркултурализам

Наставникот поттикнува дискусија за интеркултурализам, со потенцирање на интеркултурализмот како концепт кој оди „чекор понатаму“ од мултикултурализмот. Може да се користат следните прашања за дискусија:

1) Дали можеме во нашата средина да препознаеме елементи на интеркултурализам – кои?
2) Дали знаете за некои активности или настани во градот/државата кои придонесуваат или придонеле за поголема соработка и интеракција меѓу припадниците на различни заедници/култури? Ако „да“ кои? Ако „не“, тогаш то би направиле вие за да придонесете кон креирање на интеркултурно општество? (тука наставникот може да се повика на претходната вежба ако групата идентификувала активности на ниво на училиште, да ги поттикне учениците да размислат што би можело да се направи на ниво на општество)
3) Во какво училиште би сакале вие да учите? Во каква средина да живеете?

## Заклучок

- Живееме во општество во кое егзистираат различни заедници/групи/култури и треба да целиме да градиме интеркултурно општество во кое ќе има соработка меѓу различните култури;
- За да градиме интеркултурно општество треба кај секој од нас да развиваме интеркултурни компетенции кои подразбираат: уважување и почитување на разликите; свест за сопствениот личен и културен идентитет и прифаќање дека поради различни причини, постојат разлики меѓу различните групи/заедници/култури; воспоставување и одржување на комуникација и дијалог меѓу различните групи/заедници/култури; прифаќање на оние различни од нас и способност за интеракција со различните од нас која е ослободена од негативните ставови (стереотипи, предрасуди, дискриминација).
- Интеркултурното општество ни овозможува да учиме едни од други, да се надополнуваме и да се развиваме како личности.

**Слика 2.3.**




**Слика 2.4.**





Тема

3

# ГРАЃАНИНОТ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Содржина:



Социјална одговорност

# Прв час

## Цели на наставниот час:

- да го опишува однесувањето на граѓаните во оптштеството;
- да разликува одговорно од неодговорно однесување.

## Резултати од учењето:

- критички анализира и дискутира за различни улоги и однесување кај граѓаните;
- препознава што е социјална одговорност во училиштето и заедни-цата.

## Потребни материјали:

Работен лист 3.1., табла, хартија

## Методи, техники, форми:

Анализа на случаи, работа во групи, групна дискусија, само-проценка

# Воведен дел од часот

***(10 мин.)***

Наставникот ги воведува учениците во темата преку дискусија по следните прашања:

1. Дали вашите родители ви кажале дека треба да „преземете одговорност“ за нешто? Што мислат со тоа? Што значи „да се преземе одговорност“?
2. Дали сметате дека сте одговорна личност? Објаснете.
3. Како одговорното однесување влијае на вашиот однос со пријателите? Колку е тоа важно?
4. Како одговорното однесување влијае на вашиот однос со родителите/старателите? Колку е тоа важно?
5. Дали некогаш сте му/и предизвикале проблем на некого со својата неодговорност? Што се случи? Дали поинаку би постапиле доколку имате можност?
6. Дали вам некој ви предизвикал проблем со својата неодговорност? Што се случи? Што би сакале таа личност да научи од својата постапка?
7. Сметате ли дека постои врска помеѓу тоа да се биде одговорен и да се биде личност од доверба? Да се биде одговорен и да се биде почитуван?

# Главен дел на часот

***(25 мин.)***

Во секое општество, прифатените морални и етички вредности укажуваат на тоа кое однесување на луѓето е одговорно или прифатливо. Откако ќе се утврди одговорното однесување, се препознава и неодговорното однесување, однесување вон рамките на моралните и етички правила на заедницата. Одговорното и неодговорното однесување се препознава и во современото граѓанско општество.

## Активност

### Одговорно однесување

Учениците се поделени во 2-4 групи (во зависност од бројот на ученици во паралелката) и наставникот им дели работни листови 3.1. и 3.2. за „Одговорно однесување". Учениците треба да ја прочитаат ситуацијата која ја добиле и да ја дискутираат во рамки на групата.

Потоа, во рамки на цело одделение се започнува дискусија за ситуациите.

***Насоки за наставникот за Ситуација 1:*** Со појавата на Интернетот, се појавија нови видови на дилеми за одговорно однесување, кои се особено карактеристични за младите. Идејата на ситуацијата е учениците да не го занемаруваат сопствениот морален компас. Доколку чувствуваат дека нешто не е во ред, веројатно навистина не е во ред. Треба да го слушаме својот „компас". Дополнително, ситуацијата може да се користи како пример за тоа како некои активности и постапки кои се сметаат за лични можат да се одразат на средината. Чија е одговорноста во тој случај?

Се поведува дискусија според следните прашања (листата на прашања може да се дополни):

- Која од идеите за решавање на проблемот, за кои размислува Сара, ви изгледа најлогична? Дали можете да се сетите на подобар начин за решавање на проблемот?
- Што би направиле вие во ваква ситуација? Ако сметате дека зависи од содржината на сликата, каде ќе ја повлечете линијата? Можете ли да објасните зошто?
- Дали сметате дека секој треба да може да каже што сака ако е помеѓу луѓе од доверба? Зошто? Зошто не?
- Дали сте биле во слична ситуација? Што се случи? Што мислите за начинот на кој се реши ситуацијата?
- Дали ваква ситуација е проблем на училиштето, ако не ја види никој освен членовите на затворената група?
- Дали имаме морална одговорност кога користиме Интернет? Како би ја дефинирале таа одговорност?
- Што е „морален компас"? Дали сметате дека имате морален компас? Дали сите луѓе го имаат? Како можете да знаете дали некој постапува во склад со својот морален компас?

***Насоки за наставникот за Ситуација2:*** Можете да ја започнете дискусијата со забелешката дека сите сме се нашле во ваква или слична ситуација некогаш во животот. Одлуката која сме ја домеле дали ќе бидеме херој или лажго сме си ја оправдале на некој начин. Така и Кан изгледа дека е добро дете, слично како нас. Дали поради тоа сме склони да го оправдаме, или пак не лути неговиот избор?

Можете да ги користите следните прашања за да ја водите дискусијата:

- Ставете се на местото на Кан? Што би направиле?
- Дали ќе одлучевте поинаку ако знаевте дека парите и припаѓаат на банката, а не на некоја личност?
- Дали ќе одлучевте поинаку ако имаше други луѓе кои поминуваат?
- Дали ќе одлучевте поинаку ако бевте со пријатели? Што ќе направевте?
- Дали сте направиле нешто што знаете дека е погрешно, бидејќи никој не гледал? Како се чувствувавте кога го правевте тоа? Би го направиле ли повторно? Зошто? Зошто не?
- Што ќе добиете доколку ги примените зборовите на дедо му на Кан на мамење? Се согласувате ли дека секогаш кога мамите поблиску сте до тоа да ве сметаат за „измамник"?
- Размислете за некоја одлука која сте ја направиле неодамна, која може да се одрази на поголем број луѓе освен вас. Сега замислете доколку секој во светот ја направи истата работа. Каков ќе биде тој свет? Дали би сакале да живеете во него?

# Завршен дел на часот

*(5 мин.)*

***Наставникот прашува:*** Како се чувствуваме кога добро сме го завршиле она за што сме одговорни?

Кога добро сме го завршиле она за што сме одговорни, се чувствуваме задоволно и со високо самопочитување. Секој од нас има одговорности кон себе, другарите, семејството, домашните миленичиња, училиштето, потесната и пошироката заедницата, кон светот и други. Понекогаш сме растргнати помеѓу одлуките дали нешто треба да направиме бидејќи можеби ќе бидеме осудувани од пријателите, ќе предизвикаме непријатност на некој друг и сл. Сепак, треба да се водиме и од нашето лично чувство за тоа што е правилно и што на долг рок ќе направи да се чувствуваме задоволно и гордо.

Ако се однесуваме одговорно, тогаш останатите ќе имаат доверба во нас и ќе можат да се потпрат на нас, а ние самите ќе имаме позитивна слика за себе и високо самопочитување. Ќе имаме пријатно чувство дека тоа што го правиме е за заедничкото добро за сите и ќе предизвикаме позитивна промена кај останатите.

# *Работен лист 3.1*
# Одговорно однесување кон пријателите

## *Ситуација 1:*

### Да се биде или не?

Сара ја поканија да се придружи на група деца од нејзиното училиште на Фејсбук. Бидејќи вообичаено беше срамежлива и од неодамна започна да се дружи со тоа друштво, се чувствуваше многу добро што ја „примија“ во групата. Беше многу забавно, се разменуваа смешки, се договараа за излегување. Се до еден ден...

Сара отвори Фејсбук и виде дека некој постирал слика од едно девојче од нејзиното одделение, на која нејзината глава беше монтирана на тело од животно. Другите членови на групата започнаа со коментирање и задевање на девојчето на сликата. Сара, иако не го познаваше многу добро девојчето на сликата, беше сигурна дека доколку ја види сликата - ќе биде повредена.

Сара знаеше дека ова е затворена група и се што се постира го гледаат само членовите, но се замисли дали сака да припаѓа во група во која се постираат вакви работи. Што зборува тоа за неа? Ако некој го види тоа, може да помисли дека е став на сите членови на групата. Размислуваше и за тоа дали некој надвор од групата би можел да ја види сликата. Што ако истата се „прошири“ низ Интернет, а таа не сторила ништо да го спречи тоа?

Ако им кажеше нешто на членовите на групата, ќе и одговореа да „олабави“ и ќе ја сметаа за чудна. Сепак, не можеше да се помири со ситуацијата. Дали да им каже нешто на родителите, и да ризикува да и го исклучат интернет пристапот. Дали на класната, која многу ја почитуваше, и да ризикува да ја покренат темата на ниво на цело училиште и да ги казнат сите ученици? Дали да им каже на членовите на групата, и да ризикува да ја „откачат“ од друштвото. Да ја напушти ли групата?

Се чувствуваше заглавена помеѓу одлуките. Таа не направи ништо лошо. Само се приклучи кон ФБ група. Зошто ова и претставуваше толкав проблем? Како да постапи?

Copyright Elkind+Sweet Communications / Live Wire Media.
Translated with permission. Copied from https://www.GoodCharacter.com.

# *Работен лист 3.2*
# Одговорно однесување кон заедницата

## *Ситуација 2:*

### Дали е погрешно ако никој не видел?

Кан се поздрави со пријателите и тргна кон дома. Беше одлично расположен, распустот само што започна и ќе може по цел ден да биде со пријетелите. Си пушти музика на телефонот, ги стави слушалките и се насмеа. Додека ги одминуваше продавниците на неговиот пат кон дома забележа нешто на банкоматот. Се доближи и виде пари.

Кан погледна наоколу. Немаше никој. Немаше автомобили, никој не поминуваше. Некој веројатно го користел банкоматот и заборавил да си ги земе парите. Кој и да бил, сега го нема. Отиде до автоматот и ги извади парите. Илјада денари.

Повторно разгледа наоколу. Немаше никој. Можеше да ги врати парите во банката следниот ден. Но, дали? Тоа беа само илјада денари! Веројатно не му значат многу на оној кој ги заборавил, а ќе му значат многу на Кан. Може да купи по некој подарок за роденден, да се почасти нешто во пицеријата.

Дали е погрешно ако направиш вакво нешто само еднаш? Кан размислуваше за ова. Тоа не значи дека е крадец. Некој бил занесен и си ги заборавил парите. Кан се убеди себеси дека е добро да ги земе парите. Само еднаш го прави тоа. И никој не мора да знае. Ги стави парите во џебот и си замина.

Како што започна да свири следната песна, Кан се сети на нешто што го слушнал од дедо му „Секогаш кога ќе излажеш, поблиску си до тоа да те сметаат за лажго“. Но ова не беше иста работа. Или? Кан ја појача музиката и продолжи накај дома.

Copyright Elkind+Sweet Communications / Live Wire Media.
Translated with permission. Copied from https://www.GoodCharacter.com.



Содржина:



## Социјална одговорност

# Втор час

## Цели на наставниот час:

- да ја разбира потребата од социјална одговорност.

## Резултати од учењето:

- препознава што е социјална одговорност во училиштето и заедницата;
- се ангажира во ситуации во кои е потребна социјална одговорност;
- учествува и иницира активности за подобрување на животот во училиштето и заедницата.

## Потребни материјали:

Работен лист 3.3., хартија, пенкала, стикери

## Методи, техники, форми:

Бура на идеи, работа во групи, групна дискусија, само-проценка

# Воведен дел од часот

*(5 мин.)*

## Наставникот ја најавува наставната содржина.

**Со бура на идеи односно со пишување на мало ливче хартија или стикер** секој ученик ја довршува реченицата која почнува на следниов начин: „Социјална одговорност е кога...“

Потоа ги ставаат во една куија, а наставникот едно по едно ги вади и ги чита, а потоа ги лепи со селотејп на флипчарт или хамер на кој во средина пишува социјална одговорност.

Наставникот треба да резимира дека да се биде социјално одговорен значи да се презема одговорност за сопствените постапки и да се води грижа нашите постапки да не се одразат негативно врз другите. Социјалната одговорност може да се однесува на едноставно водење грижа за работите во домот (штедење вода на пр.), во училиштето (чување на мебелот во училницата); а може да се однесува и на преземање конкретни акции за подобрување на одредени состојби преку помагање во заедницата, волонтирање, подигнување на свеста за одредени проблеми во заедницата и сл. Да се биде социјално одговорен значи и да се осудуваат негативните постапки кои ги гледаме кај другите (на пр. насилно однесување, мамење и сл.)

# Главен дел на часот

*(25 мин.)*

## Активност
**Видови одговорности**

Учениците се делат во 4 групи и секоја група добива по еден работен лист 3.3. на кој е напишана по една од следниве релации: кон другарите, кон семејството, кон училиштето и кон заедницата, односно по еден дел од работниот лист за учениците „Видови одговорности“.

Секоја група треба да напише две одговорности што учениците ги имаат во однос на добиената релација. Примери за секој вид одговорност се дадени подолу

Потоа треба да си ги заменат листовите додавајќи ги на групата што е од нивната лева страна и да допишат нови одговорности, доколку сметаат дека има потреба. Листовите понатаму се разменуваат и се дополнуваат на истиот принцип се додека не се врати кај групата што го започнала. Листовите потоа се истакнуваат и наставникот/чката ги чита запишаните одговорности.

## *Примери на одговорности:*

### *Одговорности кон другарите*

**Примери:**

Да помагам при решавање на математичка задача ако има потреба

Да се однесувам добро со соучениците

### *Одговорности кон семејството*

**Примери:**

Да придонесам за одржување на хигиената во домот

Добар и коректен однос со родителите

### *Одговорности кон училиштето*

**Примери:**

Да бидам редовен и точен/на на час

Разумно трошење на електричната енергија и водата

### *Одговорности кон заедницата*

**Примери**:

Одржување на чиста средина

Учество во собирање средства за хуманитарни цели

## Дискусија

- Кои од напишаните одговорности се дел од социјалната одговорност?
- Размислете за нови одговорности, во рамки на истите релации, кои се поврзани со социјалната одговорност?
- Посочете позитивни примери на социјална одговорност.
- Какви активности би предложиле во насока на подобрување на животот во училиштето и заедницата?

Наставникот нагласува дека некои од наведените активности можеме да ги правиме самите и да постигнеме задоволителни резултати, но за добар дел, особено оние кои се однесуваат на училиштето и заедницата, е потребно сите да се придржуваат кон наведените одговорности. На пример, ако само 2 деца во училиштето се грижат за одржување на чиста средина (т.е. го фрлаат отпадот во канта), училиштето нема да биде чисто; ако само едно дете организира хуманитарни активности а никој друг не учествува - активностите нема да бидат успешни и да ја постигнат целта.

Поради тоа, луѓето се здружуваат во групи кои заеднички делуваат во насока на поттикнување и практикување социјално одговорни активности. Граѓаните, институциите и организациите имаат обврска да дејствуваат во полза на општеството во целост. Оваа одговорност може да биде пасивна, избегнувајќи ангажирање во активности кои се штетни за општеството, или активна, преку вршење на активности кои директно ги унапредуваат општествените цели. И учениците имаат свои одговорности во семејството, училиштето и заедницата. Тие можат да бидат активни и да се ангажираат, не само за нивна лична корист, туку за унапредување на училишната клима и за доброто на сите ученици.

# Завршен дел на часот

**(10 мин.)**

## Заклучок

Секој поединец има одговорност да дејствува на начин кој е корисен за општеството, а не само за поединецот. Ако акцијата или одлуката предизвикува штета за општеството или за животната средина тогаш се смета дека е таа акција (тоа однесување) е социјално неодговорно. Ако акцијата е корисна за општеството или животната средина тогаш велиме дека станува збор за социјална одговорност.

Социјалната одговорност треба да се инкорпорира во сите дневни активности / одлуки, особено оние кои ќе влијаат врз други лица и / или општеството во целина.

Особено бизнисите односно големите индустриски компании треба да имаат развиено систем на социјална одговорност. Тие треба да ја занемарат личната корист и материјалните придобивки за одржувањето на социјалната одговорност со што ќе обезбедуваат добросостојба на општеството. Тие донираат дел од профитот за хуманитарни цели, финансираат во заштита на животната средина, спонзорираат младински активности, спортски клубови и сл. На овој начин, постои рамнотежа меѓу економскиот раст и благосостојбата на општеството и животната средина.

Наставникот го дава прашалникот подолу во вид на работен лист, или запишан на табла, за учениците да го одговорат во своите тетратки, секој за себе.

## *Дали си одговорна личност?*

(Одговори на следните прашања и одлучи самиот/самата за себе)

**Лична одговорност:**

| Да | Не | |
|---|---|---|
| ☐ | ☐ | Го правам она што треба да се направи. |
| ☐ | ☐ | Другите можат да сметаат на мене. |
| ☐ | ☐ | Никогаш не барам оправдувања и не ги обвинувам другите за моето однесување. |
| ☐ | ☐ | Секогаш го исполнувам она што сум го ветил/а. |

**Социјална одговорност:**

| Да | Не | |
|---|---|---|
| ☐ | ☐ | Се трудам да бидам од полза за другите. |
| ☐ | ☐ | Волонтирам во моето училиште и општина. |
| ☐ | ☐ | Учествувам во активности кои помагаат на заедницата. |
| ☐ | ☐ | Правам она што можам за да ја зачувам околината. |

**Мислам дека сум / не сум одговорен/одговорна личност затоа што:**

.......................................................................................................................

Copyright Elkind+Sweet Communications / Live Wire Media.
Translated with permission. Copied from https://www.GoodCharacter.com.

Доколку сакаат, учениците можат да ги споделат своите заклучоци. Наставникот им најавува дека следните неколку часа ќе работат на активности кои ќе ја зајакнат нивната општествена одговорност како граѓани. Затоа, дури и да се процениле како недоволно одговорни, ќе имаат можност да го надминат тоа преку конкретни активности за подобрување на својата околина.

# *Работен лист 3.3*
# Видови одговорности

**Одговорности кон пријателите**

Примери:

**Одговорности кон семејството**

Примери:

**Одговорности кон училиштето**

Примери:

**Одговорности кон заедницата**

Примери:



Содржина:



## Граѓанските организации и групите на застапување

# Еден час

## Цели на наставниот час:

- да идентификува видови на граѓанско организирање и здружување;
- да ја објаснува улогата на Граѓанските организации во општеството;

## Резултати од учењето:

- препознава конкретни ситуации во кои граѓаните можат да влијаат за подобрување на животот во заедницата преку здружување и организирање;
- истражува примери на граѓански иницијативи;
- прифаќа делување на граѓаните преку граѓански иницијативи (формални и неформални).

## Потребни материјали:

Табла, креда

## Методи, техники, форми:

Дискусија, предавање, бура на идеи, групна дискусија

# Воведен дел од часот

***(10 мин.)***

На таблата со големи букви напишете ги следните поими: граѓански организации, дом за стари лица, стационар за животни, Сос детско село. Поттикнете размена на идеи со прашањето: Што е заедничко на сите овие организации / институции? Запишувајте го одговорите на таблата (поттикнувајте ги дојдат до одговори како грижа за оние на кои им е потребна, сочувство, помош, немоќност на одредена група луѓе...). Притоа, поттикнете ги учениците да се присетат и на други организации или институции чија работа се темели на некоја од наведените карактеристики. Потоа, кажете им на учениците да изберат една организација која им е интересна од аспект на проблематиката со која се занимава.

Поставете им ги на учениците следните прашања:

- Што знаете за работата на организацијата?
- Кон кого е насочена нивната работа?
- Дали некогаш сте имале било какво искуство со организацијата?

Внимателно следете дали учениците ќе го спомнат застапувањето за одредена проблематика или група на луѓе или ќе наведат дека работат и волонтери во склоп на организацијата или институцијата. Прашајте ги дали знаат:

- Што е застапување? Дали досега го сретнале овој термин?
- Кои се волонтери или дали некој од нив досега волонтирал?

Ако досега ниту биле дел од активност за застапување, ниту имале можност да волонтираат поставете неколку прашања кои ако одговорот е да - стануваат, ако е не - останат да седат.

- Дали некогаш сте помогнале на ...
    - постаро лице да носи тешки торби?
    - лице со попречен вид да помине улица?
    - некој соученик во учење за некој предмет?
    - училиштето во реализација на активност која помага на другите?

Прашајте ги како се чувствувале додека им помагале на други?

Објаснете им дека ако направат нешто за некој за да помогнат, како индивидуална помош на некое лице, тоа се темели на многу значајна човечка карактеристика – хуманост (човечност), а кога таа е основа за акција со којашто се помага на други, се прави добро во заедницата и притоа не се очекува ништо како возврат или не стекнуваат никаква материјална корист, тоа значи да се волонтира. Секако може да ги поттикнете да споделат свои идеи за дефиниција за волонтерство.

# Главен дел на часот

*(25 мин.)*

Еден од најефикасните начини на вклучување во општествениот живот е преку остварување на правото на слободно здружување. Користењето на ова право овозможува групирање и заедничко дејствување на луѓето, заради поттикнување интерес и јавна дебата, но и заради решавање прашања од нивен интерес. Она што за еден поединец е тешко остварливо, може полесно да се реализира заеднички со повеќе поединци кои ја споделуваат истата идеја. Најосновната поделба на начините како граѓаните се здружуваат за да остварат нивен заеднички интерес е:

- Политичко здружување (формирање и членување **во политички партии**):
- Здружување во **граѓански организации**; и
- Здружувањето во **неформални групи** (на пример: група соседи да си го уредат влезот од зградата).

Според Универзалната декларација за човекови права на ОН и Европската конвенција за човекови права, секој човек има право на мирно собирање и здружување. Слободното здружување подразбира можност за слободно формирање, членување, пристапување и истапување од здружение или друга форма на организирање. Поединците се здружуваат во граѓански организации заради остварување најразлични цели, кои можат да бидат цели од поширок јавен интерес (на пример: здружение за заштита на животната средина), но и цели од интерес на помала група луѓе-(на пример: клуб на шахисти, здружение на риболовци, дебатен клуб, студентски клуб на биолози, итн.).

Уставот на нашата држава преку член 20, го уредува правото на слободно здружување, според кое: *„Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат“*. Подеталното уредување на ова право е регулирано со Законот за здруженија и фондации, а за да се формира формално здружение на граѓани, односно граѓанска организација, потребни се 5 основачи – поединци.

Граѓанските организации претставуваат значаен дел на заедницата во која делуваат. Тие се тесно поврзани со неа и можат да идентификуваат и да понудат соодветни решенија за локалните потреби (на пример хигиената во јавниот простор, обезбедување велосипедски патеки, грижа за уличните животни). Но, освен што спроведуваат активности од значење за локалната заедница, граѓанските организации играат важна улога и во вклучувањето на поединците, компаниите, институциите, и останатите засегнати страни во спроведувањето на овие активности.

Секоја организација, впрочем како и јавниот и бизнис секторот, функционира во општествениот контекст кој не опкружува. Бидејќи во едно општество има различни чинители, од огромна важност е соработката на граѓанските организации со државните институции и носителите на одлуки цел да се воспостави директна комуникација помеѓу граѓаните и државната власт.

**Застапувањето** не е цел сама за себе, тоа треба да е составен дел од секојдневната работа на граѓанските организации кон остварување на цели кои треба да се во насока на остварување на одредени права на нивните членови или целни групи. Пример, организациите за заштита на животната средина застапуваат цели кои ги опфаќаат интересите на огромно мнозинство од различни заедници. Групите за застапување се групи или организации кои се обидуваат да влијаат на властите и користат различни форми на застапување со цел да влијаат врз јавното мислење или политиката. Пример-е еколошката група „Гринпис" кој користи лобирање за да добие политичка поддршка за нивните кампањи. Тие покренуваат прашања во врска со животната средина, со цел да ги пренесат проблемите и решенија во креирањето на јавните политики, како на пример поттикнувањето на користење обновливи извори на енергија и рециклирање.

Друг начин за учество на граѓаните во остварување на нивните заеднички интереси или интереси на целата јавност е волонтирањето.

**Волонтирање** е доброволно вложување на личното слободно време, труд, знаење и вештини со кои се реализираат активности или услуги за добро на друго лице или општествено добро, без материјална корист или

лична добивка од истото. Овие активности на граѓаните во нашата држава регулирани се со Законот за волонтерство. Може да се волонтира во органите на државната власт (министерства, агенции), единици на локалната самоуправа и Градот Скопје, јавни установи (болници, музеи, училишта, факултети, градинки), граѓански организации и фондации.

Волонтерите се луѓе кои се поттикнати од различни видови на мотивација. Заедничко им е што работат со задоволство верувајќи во мисијата која ја исполнуваат. Додека волонтираат имаат можност да научат нешто ново и притоа да запознаат нови луѓе, да соработуваат и да придонесат за заедницата да биде подобро место за живот, а истовремено креативно да го искористат своето слободно време, да ја разбијат монотонијата на секојдневието и да ги развијат своите лични способности.

Од економска перспектива, влијанието на волонтерството кај младите игра огромна улога. Преку вклучување на младите во волонтерски акции, тие развиваат лични вештини и карактеристики: самодоверба, организациски вештини, зголемување на нивното знаење од различни области, намалување на стресот и подобрување на нивното здравје – што води до нивен поголем личен развој кој е неопходен за вработување на младите.

# Завршен дел на часот

***(5 мин.)***

Учениците треба да ја сфатат активната улогата на граѓанинот во општеството, можноста да се делува на различни начини и преку различни форми со цел да се подобри животот во заедницата (од непосредната околина, локалната заедница до пошироката заедница).

***Активност за евалуација:***

## Активен граѓанин

Наставникот на таблата запишува – 'активен граѓанин' а учениците треба да кажуваат поими кои ги асоцираат на запишаниот поим. Асоцираните одговори можат да се однесуваат на однесувањето/вредностите/карактеристиките (иницијативен, одговорен, упорен/истраен, волонтира, се ангажира, се здружува, и сл.) а наставникот може да ги класифицира во категории доколку процени дека има таква можност.

Содржина:



**Ученичка заедница – иницијативи за подобрување на животот во училиштето и заедницата**

# Прв час

## Цели на наставниот час:

- да анализира придобивки од активности на Граѓански организации и групите на застапување.

## Резултати од учењето:

- предлага различни видови иницијативи за подобрување на животот во училиштето и заедницата

## Потребни материјали:

Работен лист 3.4, хартија, пенкало

## Методи, техники, форми:

Работа во групи, дискусија, анализа на реални проблеми

# Воведен дел од часот

***(5 мин.)***

Учениците се потсетуваат на активната улогата на граѓанинот во општеството, можноста да се делува на различни начини и преку различни форми со цел да се подобри животот во заедницата. Врз основа на тоа наставникот им дава активност преку која ќе станат свесни за потребите во рамки на училиштето и локалната заедница за одредена акција или волонтерски проект. На овој начин учениците тргнуваат од себеси, доживувањето на секојдневието во училиштето и локалната заедница, и низ заеднички разговор за проблемите кои ги увидуваат да бидат активни и да дадат свој придонес за решавање на тие проблеми. Нивното чувство како водачи на промени може да биде движечка сила за преземање на акција и да ги поттикне за нивна целосна вклученост.

# Главен дел на часот

*(30 мин.)*

## Активност
**Планирање ученичка иницијатива**

Учениците поделете ги во групи по 5 ученици и водете ги низ следните чекори:

- **Чекор 1** – Секоја група добива работен лист број 3.4 и задача да разговараат кои проблеми ги увиделе во и околу училиштето и што би сакале да сменет. Одговорите треба да бидат напишани во празните кругови околу кругот Училиште.

- **Чекор 2** – Учениците ја мапираат локалната заедница (паркови, спортски објекти, трговски центри, организации и друго) близу училиштето и размислуваат како тие би можеле да помогнат да се реши некој проблем, со кого може да соработуваат.

- **Чекор 3** – На таблата залепете А4 хартија на кој ќе стои името на училиштето, а околу него се лепат други празни листови на кои се запишуваат одговорите од сите групи во однос на проблемите, а на други листови и имињата на установи во близина на училиштето.

### Дискусија

Се дискутира за проблемите и иницијативите од горната вежба. Наставникот се јавува во улога на фасилитатор за да се даде структура на начинот како ќе бидат презентирани иницијативите и секако да поттикне коментари од другите групи за одредена иницијатива.

# Завршен дел на часот

*(5 мин.)*

Учениците треба да ја разберат потребата од активно вклучување во општествениот живот. Наставникот е должен да им посочи на своите учениците за можностите кои им стојат на располагање за преземање на некаква акција, почнувајќи на ниво на училиште, или во рамки на локалната заедница, па дури и во интерес на општата јавност.

# Работен лист 3.4 (прв дел)

Размислувајте за вашето училиште и локалната заедница во близина на училиштето. Најпрво размислете кои проблеми / потреби ги увидувате во училиштето (простор во училиштето и околу него, односите помеѓу учениците и помеѓу нив и наставниците, врсничко насилство итн.).

Потоа, следете ги чекорите за да изберете еден проблем / потреба и да развиете план на активности за решавање на истиот.

**Чекор 1** – **Идентификување проблеми/потреби/предизвици** (Идентификуваните потреби / проблеми запишете ги во празните кругови)



**Чекор 2** – **Мапирање на локалната заедница** (паркови, спортски објекти, трговски центри, организации, институции, компании и друго) близу училиштето и како тие би можеле да помогнат да се реши некој од проблемите, со кого може да соработуваат.

- кои установи и организации постојат во близина на училиштето?

......................................................................

......................................................................

......................................................................

- кои од нив можат да ви бидат потенцијални соработници за решавање на одреден проблем?

......................................................................

......................................................................

......................................................................

**Чекор 3** – **Поврзување на потребите со можностите** во локалната заедница. Кои од идентификуваните проблеми можат да се решат, имајќи ги предвид можностите во локалната заедница (институции, средства, човечки ресурси и сл.)?

......................................................................

......................................................................

......................................................................



## Содржина:



# Ученичка заедница – иницијативи за подобрување на животот во училиштето и заедницата

# Втор час

## Цели на наставниот час:

- да анализира придобивки од активности на граѓанско организации и групите на застапување.

## Резултати од учењето:

- предлага различни видови иницијативи за подобрување на животот во училиштето и заедницата.

## Потребни материјали:

Работен лист 3.4 - 2 дел, хартија, пенкала

## Методи, техники, форми:

Дискусија на ниво на паралелка, анализа на реални проблеми, спроведување ученичка иницијатива

# Воведен дел од часот

***(5 мин.)***

Откако претходниот час групите идентификуваа проблеми/потреби/предизвици, ја мапираа локалната заедница кои од нив можат да ви бидат потенцијални соработници и поврзување на потребите со можностите односно кои од идентификуваните проблеми можат да се решат, на овој час тие треба да изберат еден проблем/потреба/предизвик и низ истиот процес но, овој пат насочени кон решавање на проблемот.

Наставникот ги воведува во активноста, повторно, посочувајќи ги можните форми и начини на организирање и делување во заедницата (волонтирање, работа на различни здруженија на граѓани, невладини и владини организациии), особено задржувајќи се на можностите што ги имаат учениците преку здружување во ученичката заедница.

# Главен дел на часот

**(25 мин.)**

Врз основа на чекорите поминати на претходниот час, учениците треба на ниво на целото одделение да продолжат со реализација на следните чекори:

- Чекор 4 – **Избор на еден проблем за чие решавање учениците би покренале иницијатива -** Побарајте од учениците да размислат со која од темите би сакале да се вклучат во волонтерски проект. Решете што е најважно за сите ученици во дискусија со нив. Доколку постојат различни преференци, учениците треба да ги решат на демократски начин, преку (јавно или тајно) гласање и преку дискусија врз основа на аргументи.

- Чекор 5 – **Одредување на начинот на покренување на иницијативата**

  Учениците треба да одговорат на следните прашања:

  - Која е промената што сакате да ја постигнете со вашата иницијатива?
  - Кои придобивки ќе ги имате од реализирањето на иницијатива?
  - Во кој временски рок планирате да ја остварите својата иницијатива?
  - Кој би можел да помогне? Како?
  - Кои се можните проблеми на кои би можеле да наидете? Како планирате да ги надминете?

- Чекор 6 – **Презентирање и застапување на идејата -** Учениците се договараат да ги презентираат своите идеи пред директорот и да организираат средба со градоначалникот да добијат потребна поддршка за реализација на идејата.

- Чекор 7 – **Преземање акција –** Учениците прават план што можат да преземат самите за решавање на проблемот и се договараат кога и на кој начин ќе ја спроведат акцијата.

# Завршен дел на часот

***(10 мин.)***

По завршувањето на активноста, обидете се учениците да ги споредат и да ги споделат своите различни перспективи и да одговорат на следните прашања:

- Како се одвиваше активноста? Што беше едноставно, а што предизвик?
- Дали имаше неочекувани изненадувања, било позитивни или негативни, за време на активноста? Ако е така, колку добро се справивте со нив?
- Какви очекувања имате во врска со вашата акција?

По спроведувањето на акцијата:

- Што променивте со вашата акција?
- Колку сметате дека бевте успешни во вашата цел?
- Дали нешто би промениле во иднина?
- Што можете да преземете понатаму?

# Работен лист 3.4 (втор дел)

Продолжува со активноста од минатиот час. Истите групи на ученици избираат еден проблем/потреба/предизвик за кој покренуваат иницијатива.

**Чекор 4** – **Избор на еден проблем** за чие решавање учениците би сакале да покренат иницијатива.

..................................................................................................................................

..................................................................................................................................

..................................................................................................................................

**Чекор 5** – **Одредување на начинот на покренување на иницијативата** за решавање на проблемот. Во рамки на групата, одговорете на следните прашања:

- Која е промената што сакате да ја постигнете со вашата акција/иницијатива? Кои придобивки ќе ги имате од реализирањето на иницијативата?

..................................................................................................................................

..................................................................................................................................

..................................................................................................................................

- Во кој временски рок планирате да ја остварите својата акција/иницијатива?

..................................................................................................................................

..................................................................................................................................

..................................................................................................................................

- Кој сé треба да се вклучи за остварување на иницијативата, и на кој начин?

..................................................................................................................................

..................................................................................................................................

..................................................................................................................................

- Кои се можните проблеми на кои би можеле да наидете? Како планирате да ги надминете?

........................................................................................................................................................................

........................................................................................................................................................................

........................................................................................................................................................................

***Чекор 6*** – **Презентирање на идејата** пред училишното (и/или општинското) раководство со цел – **застапување за идејата** и обезбедување на потребната поддршка за реализација.

- На кој начин планирате да пристапите во презентирање на идејата пред другите засегнати страни? Како ќе ги убедите да ви се придружат / да ви дадат поддршка?

........................................................................................................................................................................

........................................................................................................................................................................

........................................................................................................................................................................



Тема

4

# КУЛТУРАТА, КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ, РЕЛИГИЈАТА И СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

Содржина:



Културата и културниот идентитет

# Прв час

## Цели на наставниот час:

- Да ги разбира влијанието, функциите и културата во својата заедница.
- Да ги објаснува елементите кои го сочинуваат културниот идентитет.

## Резултати од учењето:

- Истражува и презентира различни култури од својата средина.
- Го дефинира поимот културен идентитет преку конкретен пример.

## Потребни материјали:

Работен лист 4.1, хартија, пенкала, табла

## Методи, техники, форми:

Групна дискусија, работа во групи (истражување)

# Воведен дел од часот

***(5-10 мин.)***

Користејќи ја техниката грозд, се поведува дискусија во однос на тоа што подразбираат учениците под поимите култура и културен идентитет. Притоа се поттикнуваат учениците да ги разгледаат поимите во најширока смисла – како начин на живот. Се дискутира според следниве прашања:

1. Се сеќавате ли што значи поимот идентитет?
2. Што според вас означува културниот идентитет на човекот?
3. Кои фактори влијаат врз развојот на културата?
4. Можете ли да наведете некои специфични карактеристики на определена култура во вашата заедница?

# Главен дел на часот

***(20-30 мин.)***

Врз основа на дискусијата наставникот дава објаснување на поимите култура и културен идентитет (значењето, влијанието, функциите и карактеристиките на културата и ги објаснува елементите кои го сочинуваат културниот идентитет)

Културата претставува заеднички карактеристики на група луѓе, кои вклучуваат: место на раѓање, религија, јазик, национална кујна, однесување, уметност, литература, музика и др. Некои култури се многу раширени и има голем број луѓе кои се поистоветуваат со одредени вредности, верувања и потекло. Други култури се помали. Но, вредноста на културата не може да се одреди од нејзината големина. Без разлика дали одредена култура е многу раширена или е карактеристична само за одреден помал регион, дали е млада или пак постои со векови, дали се променила со текот на времето или останала иста, секоја култура е вредна и може да не научи за нас самите, за другите и за нашата заедница.

Основните културни верувања и практики кои најчесто се поврзуваат со која било дадена група, постојано се менуваат и се развиваат со текот на времето. Сепак, може да се извлечат разлики помеѓу материјалните, општествените и субјективните аспекти на културата, односно помеѓу материјалните ресурси кои вообичаено се користат од страна на припадниците на една културна група (на пример, алатките, храната, облека итн.), општествените карактеристики на групата (на пример, јазикот, комуникацијата, фолклор, религија итн.), како и субјективните верувања, вредности и практики на членовите на групата.

Културата е составена од сите три аспекти. Сепак, еден припадник на одредена култура не мора да се идентификува со сите нејзини карактеристики, туку може да прифаќа одредени аспекти од културата. На тој начин, секој може да го формира својот сопствен културен идентитет кој е поврзан со припадност на повеќе општествени групи. Такви општествени групи се: националните групи, етничките групи, верските групи, јазичните групи, професионалните групи, генерациските групи, семејните групи итн. Секој поединец припаѓа на повеќе групи, и затоа има повеќе културни врски и идентитети (на пр., национален, верски, јазичен, генерациски, фамилијарен, итн.).

Културниот идентитет произлегува од заедничкото потекло кое опстојува врз јазикот, религијата, обичаите, етносот.

## *Активност*

Учениците се делат во четири групи со задача да изработат проект на тема: Културите во мојата заедница. При поделбата на групите и делегирањето на задачите наставникот се води според принципите на кооперативност и колаборативност на групата. Тоа значи дека во секоја група има ученици со високи, просечни и послаби постигања и секој член од групата добива конкретна задача.

- **Првата група** ги истражува и претставува културните навики (религиозни, исхрана, облекување, поздравување...) на три етнички заедници во општината/државата[1], по избор на учениците;
- **Втората група** ги истражува и претставува заедничките елементи во моралните норми (етички правила на однесување) на три етнички заедници во општината/државата, по избор на учениците;
- **Третата група** ги истражува и претставува обичаите (крштевка, венчавка, празници) три етнички заедници во општината/државата, по избор на учениците;
- **Четвртата група** има задача да претстави културни идентитети преку конкретни примери и нивните составни елементи.

1 Доколку има интерес од учениците, задачата може да се однесува на други етнички заедници, надвор од државата (од Балканот, Европа или пошироко)

При реализација на задачата, групите можат по свој избор да користат литература посочена од наставникот или пак да направат структурирано интервју со претставници од различни култури (Работен лист 4.1: Предлог-прашања за интервју со повозрасни членови од заедницата). Начинот на кој ќе го направат извештајот од истражувањето (постер, презентација, книга...) зависи од договорот во групата. Рокот за изготвување на задачата е една седмица, а започнува на часот веднаш по формирањето на групите и давањето на упатствата за работа.

Учениците, во рамките на својата група и прават план за истражувањето и за подготовка на презентацијата во однос на задачи, време, ресурси и начин на презентирање. Заедно со наставникот ја определуваат улогата на родителите во реализација на проектот. Исто така, се запознаваат со инструментите за оценување на истражувањето и презентирањето (бодовна листа и чек листа).

## *Активност за рефлексија и евалуација (5-10 мин.)*

За рефлексија на активноста се користат проектните планови на групите, прашањата за интервју, но и дискусија преку следниве прашања:

- Што знаевте за оваа тема пред денешниот час?
- За кои работи ги подобривте своите знаења/вештини?
- Што ви помогна за подобро да научите/ да стекнете подобри вештини?

Наставникот ги проверува плановите на учениците и дава повратна информација и насоки за реализација на проектната активност и што од тоа е домашната задача.

# Работен лист 4.1

## Предлог-прашалник за интервју (културен идентитет)

1. Како го опишувате Вашиот културен идентитет?

   (Прашања за поттикнување: Која традиционална песна/приказна/храна ви е омилена?, Кој јазик го сметате за мајчин јазик и кои зборови од него ви се омилени?, Доколку сте религиозни, кои религиски традиции ги практикувате?, Какви обичаи практикувате во рамки на семејството?, Со кои карактеристики на вашата етничка заедница најмногу се поистоветувате?)
   (Очекуваме одговор во насока на потеклото, јазикот, религијата, обичаите или етничката припадност)

2. Што најмногу влијаело врз формирањето на формирање на вашиот културен идентитет?

   (Прашања за поттикнување: Распоредете според важност влијание на: јазикот, религијата, обичаите, етничката припадност, итн.)?

   (Очекуваме да посочи некои од претходно наведените елементи)

3. На кој аспект од Вашиот културен идентитет придавате најголема важност? Зошто?

   (Очекуваме различни одговори во зависност од интервјуираните)

4. Кои се најчестите стереотипи за вашата култура кои ги познавате? Со кои од нив не се идентификувате?

   (Очекуваме различни одговори во зависност од интервјуираните)

5. Што мислите за влијанието на глобализацијата врз градењето на културниот идентитет врз луѓето? Колку влијанието на глобализацијата е позитивно, а колку негативно? Зошто?

   (Очекуваме различни мислења, за и против глобализацијата и аргументи кои ќе го поткрепат тоа мислење)

**6** Што мислите, колку граѓанскиот идентитет влијае врз намалување на важноста на културниот идентитет на граѓаните во општеството?

(Очекуваме различни мислења кои се движат од тоа дека граѓанскиот идентитет ја намалува важноста на културниот, до тоа дека го поттикнува слободното изразување на културниот идентитет)

Содржина:



# Културата и културниот идентитет

# Втор час

## Цели на наставниот час:

- Да ги разбира влијанието, функциите и културата во својата заедница.
- Да ги објаснува елементите кои го сочинуваат културниот идентитет.

## Резултати од учењето:

- Истражува и презентира различни култури од својата средина.
- Го дефинира поимот културен идентитет преку конкретен пример.

## Потребни материјали:

Работни листови 4.2 и 4.3, хартија, пенкала, табла

## Методи, техники, форми:

Групна дискусија, презентација, врсничко-оценување

# Воведен дел од часот

*(10 мин.)*

Часот започнува со кратка дискусија со учениците за резултатите од истражувањето, продуктите, предизвиците и потешкотиите со кои се соочиле при извршување на задачата.

1. На кој начин ги добивте потребните информации?
2. Имавте ли некакви предизвици во работата?
3. Како се справивте со нив?

# Главен дел на часот

**(20-30 мин.)**

Наставникот им дели бодовни листи за оценување на истражувањето и чек листи за усна презентација (Работен лист 4.2 и Работен лист 4.3). Групите имаат по пет минути за презентација на резултатите од истражувањето. Додека една група презентира, другите ја оценуваат презентацијата користејќи ги наведените инструменти за оценување. После секоја презентација се развива дискусија и групите меѓусебново се изјаснуваат во однос на тоа како го оцениле истражувањето во однос на бодовната листа и начинот на презентирање во однос на чек листата. Наставникот дава повратна информација за добрите страни и слабостите, и нуди насоки за подобрување.

## Дискусија

Наставникот поттикнува дискусија преку следните прашања:

1) Што научивте за културите во нашата држава/општина? Кои работи се слични, а кои различни помеѓу културите кои ги истражувавте? (Учениците можат да ги претставаат и преку венов дијаграм)
2) Што ви беше најтешко при одредување на карактеристиките на културата и културниот идентитет?
3) Колку ви се разјаснија начините на кои се гради културниот идентитет и кои фактори влијаат?
4) Зошто е значајно да ги познаваме различните култури во нашата земја?
5) Што дополнително би сакале да научите?

## *Активност за рефлексија и евалуација (5 мин.)*

**Врз основа на претходната дискусија,** ги поттикнува учениците да извлечат заклучок за процесот на работа и придобивките од реализацијата на проектот во однос на културата и културниот идентитет.

(Очекувани одговори: Нашата држава ја сочинуваат многу култури; секоја култура има свои специфики, елементи, карактеристики; културите влијаат врз градење на културниот идентитет на личноста, но и меѓусебно едни врз други).

Рефлексијата и евалуацијата на целиот процес се прави со помош на инструментите за оценување (бодовна и чек листа) и врз основа на нив наставникот дава усна повратна информација во која ги истакнува силните страни на секоја група и укажува на тоа што треба да се фокусираат во идните истражувања и презентации за да напредуваат.

# *Работен лист 4.2*

| БОДОВНА ЛИСТА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ ИСТРАЖУВАЊЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Поени / Ученици | I ГРУПА | II ГРУПА | III ГРУПА | IV ГРУПА |
| **4 поени**<br>Успешно се применети повеќе истражувачки техники. Податоците се релевантни, а истражувањето е креативно и оригинално. | | | | |
| **3 поени**<br>Применети се повеќе истражувачки техники и користи релевантни извори, но истражувањето не е креативно и оригинално. | | | | |
| **2 поени**<br>Применети се истражувачки техники, но има проблеми во илустрација на истраженото. | | | | |
| **1 поени**<br>Има потешкотии во примена на истражувачките постапки, фондот на податоци е минимален. | | | | |
| **0 поени**<br>Не е покажана способност за истражување, прибирање податоци и за илустрирање на истраженото. | | | | |

# Работен лист 4.3

| ЧЕК ЛИСТА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ УСНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| УЧЕНИК ПРЕЗЕНТЕР | Содржи-ната на презен-тацијата соодвет-ствува на зада-дената задача | Презен-тацијата е сеоп-фатна | Презен-терот не го чита само на-пишаното туку го објас-нува со свои зборови | Презен-терот е сигу-рен во своето знаење и по-кажува презен-терски вештини | Презен-терот одго-вара на подпра-шања од страна на уче-ниците и настав-никот | Презен-терот ја почитува времен-ската рамка |
| I ГРУПА | | | | | | |
| II ГРУПА | | | | | | |
| III ГРУПА | | | | | | |
| IV ГРУПА | | | | | | |



Содржина:



Улогата на религијата во граѓанското општество

## *Цели на наставниот час:*

- Да го разбере процесот на секуларизација на државите.
- Да ја објаснува улогата на религијата во современото општество.

## *Резултати од учењето:*

- Ги разликува и дефинира поимите: секуларизација и атеизам.
- Ги идентификува вредностите од религиите кои промовираат општо човечки вредности.
- Презентира позитивни примери на толеранција кон религиски другиот и атеистите.

## *Потребни материјали:*

Хартија, пенкала, Работен лист 4.4

## *Методи, техники, форми:*

Групна дискусија, работа во групи,

# Воведен дел од часот

***(10 мин.)***

Наставникот задава ситуација за размислување пред целото одделение

„Замислете свет во кој не постојат религии. Како ќе се однесуваат луѓето? Како ќе функционираат државите? Што ќе биде добро, а што лошо?“

Се очекува да се развие дискусија во која ќе се истакнат различните функции на религијата.

# *Главен дел на часот*

***(25 мин.)***

Наставникот ги дели учениците во 2 групи и го задава Работниот лист 4.4. Едната група треба да размислува и да наведе три аргументи зошто религијата е потребна во современото општество, а другата да размислува и да наведе три аргументи зошто религијата не е потребна во современото општество. Како прашања за насочување на учениците, наставникот може да ги користи следните:

- Каква е улогата на религијата во современото општество?
- Во каква корелација се религијата и државата во граѓанското општество?
- Кои вредности ги промовираат религиите, а ги сметаме како општо човечки вредности?
- Кои се потенцијалните закани од религијата денес?

Учениците работат самостојно, а наставникот помага со насоки доколку забележи дека учениците имаат потешкотија во развивање на аргументите.

[Потенцијални аргументи кои учениците можат да ги развијат се:

Религијата е потребна во современото општество затоа што:

1) Нуди морални норми за функционирање на луѓето и општеството
2) Преку религиските обичаи луѓето се поврзуваат и си помагаат
3) Нуди прибежиште во ситуации кога луѓето се соочуваат со кризи (лични или општествени)

Религијата не е потребна во современото општество затоа што:

1) Нема да постои дискриминација на луѓето според религиска припадност
2) Нема да има војни/конфликти кои се поттикнати од религијата (насилен екстремизам)
3) Луѓето ќе живеат послободно и самите ќе можат да определат кое однесување е морално/етичко.

Врз основа на идеите од учениците, наставникот извлекува заклучок за улогата на религијата во општеството, но и неопходноста од секуларизација на современите општества. Се објаснуваат поимите секуларизација и атеизам во однос на нивното значење во општеството.

**Секуларност** е верување дека човекот може да живее и да го разбере светот, без да има потреба од верување во натприродни сили или богови. Во секуларните општества религијата (или отсуството на религија) е приватна работа, која не треба да има влијание врз политичките одлуки и начинот на функционирање на државата. Тоа значи дека владините институции и личностите одредени да ја претставуваат државата се одвоени од религиските институции и религиските лица. Значи, човековите дејности и одлуки, особено политичките, не би требало да потпаѓаат под влијанија на религијата.

Секуларноста подразбира дека секој има слобода да биде или да не биде припадник на одредена религија, и има право да биде ослободен од религиското владеење и учење, како и право на ослободување од наметнувањето на религијата кај луѓето од страна на државата. Државните власти треба да бидат неутрални во однос на прашања поврзани со верата.

Денес секоја модерна европска држава е секуларна. И Република Северна Македонија е секуларна држава според Уставот.

**Атеизам**, во поширока смисла, е одбивањето на верување во постоењето на божества. Во потесна смисла, атеизам е ставот дека не постојат божества. Атеизам е спротивен на теизам, кој пак во својата најопшта форма е верувањето дека постои барем едно божество.

## *Дискусија*

1) Што мислите, зошто е потребна толеранцијата кон религиски другиот?;
2) Дали доколку човекот не припаѓа на ниту една религија губи дел од својот културен идентитет?
3) Што мислите, зошто е потребна секуларизацијата на општеството?
4) Врз основа на претходната дискусија, наставникот ги поттикнува учениците да извлечат заклучоци кои одат во насока на значењето на поимите; се потенцира потребата од секуларизација на современото општество и толеранцијата кон религиски другиот или атеистот.

## *Активност за рефлексија и евалуација (5 мин.)*

Наставникот ги поставува следниве прашања:

- Што знаевте за оваа тема пред денешниот час? Што ново научивте?
- Која активност ви беше најинтересна и зошто?
- Што ви помогна за подобро да научите /да стекнете подобри вештини?

# *Работен лист 4.4*

## *Теза 1.*

Религијата е потребна во современото општество затоа што:

1. ..............................................................................................................

2. ..............................................................................................................

3. ..............................................................................................................

## *Теза 2.*

Религијата не е потребна во современото општество затоа што:

1. ..............................................................................................................

2. ..............................................................................................................

3. ..............................................................................................................



Содржина:



Влијанието на социјалните медиумите врз граѓаните

# Прв час

## Цели на наставниот час:

- Да гради одговорен однос во користењето во социјалните медиуми.

## Резултати од учењето:

- Критички анализира неодговорно користење на социјалните мрежи (сајбер насилство).

## Потребни материјали:

Работни листови 4.5 и 4.6

## Методи, техники, форми:

Групна дискусија, работа во групи, самопроценка

# Воведен дел од часот

***(5 мин.)***

Часот започнете го со прашања кое со цел да ги воведете учениците во темата Сајбер (виртуелно) насилство.

- Имате ли профил на социјалните мрежи?
- Зошто го креиравте тој профил?
- Што правите на социјалните мрежи?
- Дали некогаш сте се чувствувале непријатно како корисник?

# Главен дел на часот

***(30 мин.)***

Поделете ги учениците во помали групи, а секоја група може да има иста задача – да ги наведе добрите и лошите страни на социјалните медиуми (мрежи). Дајте им го првиот дел од работниот лист 4.5 во секоја група. Целта на оваа задача е учениците да воочат како социјалните мрежи можат да бидат забавни, но истовремено и многу опасни. На работните листови учениците нека напишат свои примери. Потоа еден од секоја група нека презентира, а вие изведете заклучок од нивните презентации.

Следно е да дискутирате како тие гледаат на насилството преку социјалните медиуми. Оваа задача е многу важна бидејќи децата често не знаат дали се и дека можат да бидат жртви на виртуелно насилство.

Следните прашања можат да ви помогнат во дискусијата со учениците:

- Сега кога ги слушнавме добрите и лошите страни на социјалните медиуми, дали некои од нив се поврзани со насилно однесување?
- Наведете форми на насилство преку социјалните медиуми!
- Дали познавате некој (да не користат имиња за примерите) кој бил жртва на насилство преку социјалните медиуми?

После ова на секоја група поделете го вториот дел од работниот лист 4.5 Во оваа задача важно е за секој предлог да поразговарате со учениците и детално да го објасните. На пример, на Фејсбук во секој албум и фотографија можете да одредите дали ќе биде видлива – поточно да одредите кој може да има пристап до одредена ваша фотографија. Ако учениците имаат и други идеи за заштита од опасност нека објаснат како може тоа да се направи.

Наставникот резимира:

Насилство (булинг) е постојано, намерно повредување на една личност или група од друго лице или група луѓе. Тоа може да се случи лице в лице или преку сајбер просторот. *Сајбер-насилство претставува злоупотреба на дигитални медиуми (како веб-страници*, социјални мрежи, мобилни апликации и текстуални пораки) за заплашување, вознемирување, малтретирање, имитирање, измама, објавување гласини, закани, лични податоци на жртвите, ширење говор на омраза *или причинување штета некому.*

Најчесто сајбер-насилството е насочено кон употреба на електронската комуникација во негативен контекст на нечија раса, религија, етничка припадност, социјален статус, сексуална ориентација, физичка или ментална карактеристика, родов идентитет и останати други лични карактеристики.

Ова би може да биде преку „паметен телефон", компјутер, лаптоп, таблет или онлајн платформа за играње. Може да се спроведе преку голем број на онлајн или мобилни услуги, како што се, е-пошта, веб-страници  за социјално вмрежување, апликации за размена на текстуални и визуелни пораки, услуги за споделување на фотографии или на разговор, веб-камери, апликации за визуелно учење и онлајн игри. Денес е лесно да се креира профил на Фејсбук, Инстаграм, Снепчет, или веб-сајт и блог до кого сите ќе имаат пристап.

Сајбер-насилство се разликува од насилството лице-в-лице на неколку клучни начини. Сајбер насилството може да се случи во било кое време и на било кое место. Исто така, потешко е да се открие, бидејќи сајбер-насилниците најчесто користат псевдоними и лажни профили преку кои вршат насилство врз други интернет корисници. Дополнително, сајбер-насилството исто така може да биде многу јавно - голем број на луѓе на интернет можат да видат што се случува.

Карактеристики по кои Сајбер насилство се разликува од насилството лице в лице:

- Насилникот може да користи анонимни виртуелни профили;
- Може да се случи во било кое време и тешко се избегнува;
- Може да допре до голем број на луѓе – содржината поделена во некоја група или поставена на јавни онлјан платформи.

*Сајбер-насилството може да се јави во различни форми:*

- вознемирување – константно праќање навредливи, вознемирувачки и груби пораки и порнографски материјали;
- имитирање / преправање - пробивање во туѓи кориснички сметки и праќање лажни, засрамувачки пораки во туѓо име;

- омаловажување - пишување гласини или други неточни изјави кои може да ѝ наштетат на жртвата, како и слики со понижувачка содржина и срамни лични информации и нивно праќање или објавување на интернет;
- измама и јавно откривање – споделување туѓи лични информации или измамување некого за да ги сподели своите тајни со цел да ги препраќа на други;
- вулгарно обраќање – праќање лути пораки со вулгарна содржина;

*Вообичаено, покрај насилникот и жртвата, во сајбер-насилството се јавуваат и други луѓе кои го сведочат истото*, а одредена личност може да биде во улога на:

- Набљудувач забележува конфликт или неприфатливо однесување, но не учествува во него и не презема никаква акција по однос на тоа.
- Сојузник е оној кој реагира на ситуацијата на насилство преку поддршка на лицето што е малтретирано (преку морална поддршка, советување, преземање на заеднички акции со жртвата).
- Спротивставувач (заштитник) кој активно презема иницијатива во решавањето на случаите со сајбер-насилство.

Сајбер насилството може има сериозни последици. Жртвите чувствуваат: намалена самодоверба, несигурност, страв, депресија, немир, тага, несоница, намалена желба за храна, намалено поведение и успех во училиште, агресивност, негативни мисли за само повредување и слично.

## Дискусија

Наставникот го поставува следната изјава и ги поттикнува учениците да размислуваат:

Твојот/ата другар/ка поставува пост на Фејсбук: “Се чувствувам тажно (емотикон)... зошто луѓето едноставно не ме оставаат на мир?”

**Како би реагирале на постот на другарот/другарката? Размислете за:**

- Каква би била вашата прва реакција откако ќе го прочитате ова?
- Кои други зборови би ги користеле за да ги опишете емоциите на вашиот другар/ка?
- Зошто мислите дека вашиот другар го објавил ова?
- Како би го поддржале вашиот другар? (Вербално лице-в-лице контакт, онлајн дискусија, итн)
- Дали би вклучиле други луѓе, како што се семејството или пријателите?

Се читаат сите препораки или се лепи како флипчарт хартија во училницата:

## КАКО ДА СЕ СПРЕЧИ САЈБЕР-НАСИЛСТВОТО?

- Доколку твоите лични податоци се злоупотребени на интернет, можеш да го пријавиш случајот во Дирекцијата за заштита на лични податоци (www.dzlp.mk).
- За тешки случаи на сајбер-насилство, кои вклучуваат закани, можеш да се обратиш во полиција заедно со твоите родители.
- Пријавувај ги злоупотребите на веб-сајтовите и социјалните мрежи преку соодветните опции или со обраќање директно до администраторот.
- Не откривај ги твоите лични податоци на интернет.
- Не кажувај ги своите лозинки.
- Не враќај на насилни пораки, само чувај ги како доказ.
- Не отворај пораки од непознати испраќачи или од деца што знаеш дека се насилници.
- Не објавувај на интернет нешто што не би сакал да го знае целиот клас.
- Не праќај пораки кога си лут/а.
- Не приклучувај се кон сајбер-насилство. Ако го забележиш, пријави го на возрасен.

# Заклучок

Денес, виртуелното насилството е реален проблем кој спаѓа во групата на сајбер криминал заедно со економскиот сајбер криминал (со кредитни картички на пример).

Во случај да си жртва на сајбер-насилство, не молчи и не повлекувај се во себе. Кажи им на родителите, или на некој што му веруваш заедно ќе најдете решение!

## *Активност за рефлексија и евалуација (5 мин.)*

Учениците го добиваат Работниот лист 4.6 и треба да означат што знаеле од претходно (означуваат со √), а што ново научиле за време на часот (означуваат со +).

# Работен лист 4.5

**Вежба дел 1**

| Наведете го добрите страни на социјалните медиуми: | Наведете го лошите страни на социјалните медиуми: |
|---|---|
| | |

**Вежба дел 2**

Размислете за начините на кои може да се намалат наведените лоши страни на социјалните медиуми и како можете да се одбраните од насилството на социјалните мрежи.

# Работен лист 4.6

Во следните табели, означи со √ доколку информацијата ја знаеше од претходно, а со + доколку ја научи за време на часот

**Сајбер насилство може да подразбира следно:**

| | |
|---|---|
| Пораки со недолична содржина | |
| Пишување на коментари или објавување на фотографии со навредлива содржина | |
| Преправање дека сте некој друг преку интернет | |
| Означување на други на несоодветни фотографии на социјалните мрежи | |
| Непристојни дискусии | |

**Како да препознаеме сајбер насилство**

Што можете да направите ако сте жртва на ваков вид на насилство и како да постапиме ако забележиме насилство врз соученици:

| | |
|---|---|
| Најпрво биди претпазлив кога поставуваш било каква содржина на интернет (на тој начин секоја содржина станува трајна и губиш сопственост над неа) | |
| Немој да се осветуваш или одговараш | |
| Блокирај го лицето што те малтретира и смени ги поставките за приватност на социјалните мрежи | |
| Собери докази – сочувај ги пораките на мобилниот телефон и пораки преку е-пошта или разговори на социјалните мрежи | |
| Разговарај со некој на кој му веруваш – член на семејството, другар/ка, наставник... | |



Содржина:



## Влијанието на социјалните медиумите врз граѓаните

# Втор час

## Цели на наставниот час:

- Да го анализира влијанието на медиумите, медиумска пропаганда во современото општество;

## Резултати од учењето:

- Дискутира за потребата од критичко толкување на медиумите и медиумската пропаганда
- Ги објаснува поимите цензура и автоцензура

## Потребни материјали:

Работен лист 4.7, пенкала

## Методи, техники, форми:

Групна дискусија, работа во групи (анализа на случаи)

# Воведен дел од часот

***(10 мин.)***

Наставникот најавува анкета по прашањето, кое го пишува на табла:

**Дали некогаш ви се случило да сакате нешто да „постирате“ на ваш профил на социјалните мрежи, ама сте се премислиле?**

Учениците треба на ливчиња да одговорат со ДА или НЕ и ливчињата да ги доставаат кај наставникот (во кутија, сад), кој ги пребројува одговорите.

Се очекува помеѓу одговорите да има ученици кои одговориле со ДА. Наставникот поттикнува дискусија со прашањата:

- Зошто сте се премислиле?
- Колку на вашата одлука влијаеше помислата – Што ќе кажат/ Како ќе реагираат другите?
- Дали ви се случило на некој друг да му укажете дека не требал/а нешто да „постира“ (текст/слика)?
- Сте слушнале ли за поимите цензура и автоцензура?

Наставникот ги пишува зборовите на табла, а учениците треба да асоцираат како ги разбираат и што помислуваат кога ќе ги слушнат.

[Потенцијални одговори:

Цензура - забрана за изнесување одреден став, забрана за облекување/ однесување на одреден начин, се покажува моќ, се користи за да се заштити одредена група, се користи за да се замолчи некој, спротивно на слобода на говор, може да биде поврзано со пропаганда, итн.

Автоцензура – самите си забрануваме нешто поради страв/неизвесност/ несигурност, на ум ги имаме „другите“ и нивната реакција, итн.]

# Главен дел на часот

*(25 мин.)*

Се резимираат значењата на поимите: цензура, автоцензура, медиумска пропаганда

**Цензура е спречување нешто да биде прочитано**, слушнато или видено. Ако сте го слушнале звукот „биииип" кога некој зборувал на телевизија, тоа е цензурирање. Нешто да се цензурира, значи да се донесе одлука да се тргнат или прикријат делови (од текст, слика) кои се смета дека се несоодветни.

**Автоцензура е кога се воздржуваме нешто да кажеме или направиме**, или пак ги избираме работите кои ги кажуваме/правиме во зависност од тоа кој не слуша или гледа.

Медиумска пропаганда претставува информација која се користи за да се влијае на одредена публика или да се промовираат одредени интереси. Информациите вообичаено не се потполно објективни и ги презентираат фактите на селективен начин, за да поттикнат одредени чувства, перцепција или да влијаат на одредени ставови кај публиката. Информацијата е честопати прикажана на емотивен, наспроти рационален начин. Пропагандата најчесто се поврзува со материјали кои се подготвени од страна на влади, компании, активистички групи, религиозни организации, медиуми и сл.

## Активност 1:

Учениците се делат во три групи и секоја добива една од трите ситуации опишани во Работниот лист 4.7. Во рамки на групата треба да дискутираат дали сметаат дека во опишаната ситуација станува збор за цензура и колку ја оправдуваат, т.е. сметаат дека е правилна во дадениот контекст.

## Активност за рефлексија и евалуација
*(5 мин.)*

**Наставникот ги поставува** *следниве прашања:*

- Што знаевте за оваа тема пред денешниот час? Што ново научивте?
- Која активност ви беше најинтересна и зошто?
- Што ви помогна за подобро да научите /да стекнете подобри вештини?

# *Работен лист 4.7*

## *Ситуација 1:*

### Филмот не е препорачан за деца под 16 години.

Во 2016 година, „Картун нетворк“ (Cartoon Network) забрани емитување на една епизода од анимираниот филм „Стивен Јуниверс“ (Steven Universe), за младо момче и неговата фамилија од жени-вонземјанки, поради приказ на романтична врска на двајца од ликовите. Љубителите на серијата не биле задоволни од ваквата одлука и започнале петиција која собрала над 9000 потписи. Авторите на серијата решаваат забранетата епизода да ја стават на интернет, за секој да може да ја гледа.

Што мислите, дали е ова цензура?

Колку го оправдувате или не го оправдувате ваквиот потег? Објаснете.

.................................................................................................................

.................................................................................................................

## *Ситуација 2:*

### Не објавуваме албуми со текстови со навредлива содржина.

**Австралиската асоцијација за музичка продукција**, има т.н. Кодекс на практики кои се однесуваат на сите домашни и странски групи чија музика се издава во земјата. Во овој систем, првото ниво на класификација на музичките албуми подразбира ознака со предупредување за експлицитни текстови во песните. Второто ниво означува предупредување за тоа дека албумот не е соодветен за лица под 18 години, поради постојана употреба на непристоен говор и насилство. Третото ниво означува материјал кој може да биде навредлив за голем дел од возрасните лица и вклучува текстови кои опишуваат различни видови на криминално однесување. Албумите на групите кои спаѓаат во третата група се забранети за продажба во Австралија.

Што мислите, дали е ова цензура?

Колку го оправдувате или не го оправдувате ваквиот потег? Објаснете.

.................................................................................................................

.................................................................................................................

## *Ситуација 3:*

### Текстот нема да биде објавен во оригиналната форма.

Алекс е новинар во локален весник и за саботното издание подготви текст за штрајкот на текстилните работници во градот, кои мораат да работат за време на викенди и празници. Кога го предаде текстот на уредникот, тој му кажа дека текстот мора да се преработи бидејќи настанот не е објективно прикажан. Уредникот тврди дека Алекс во текстот недоволно ја обработува страната на работодавачот, кој смета дека работниците не се трудат доволно да ги исполнат нормите кои се бараат од нив, и затоа мораат да ја довршуваат работата за време на викендите. Уредникот самиот го преработи текстот, и во новата верзија тој беше многу помалку критичен кон сопственикот на фабриката.

Сопственикот на текстилната фабрика, истовремено е и сопственик на локалниот весник.

Што мислите, дали е ова цензура? Медиумска пропаганда?

Колку го оправдувате или не го оправдувате ваквиот потег? Објаснете.

Тема

# 5 ГРАЃАНИНОТ И ДРЖАВАТА

Содржина:



Владеење на правото и правната држава

# Прв час

## Цели на наставниот час:

- Да го објаснува поимот правна држава.

## Резултати од учењето:

- Набројува карактеристики на правна држава.

## Потребни материјали:

Хартија, Работен лист 5.1

## Методи, техники, форми:

Групна дискусија, работа во групи, самостојна работа

# Воведен дел од часот

*(10 мин.)*

Наставникот ги прашува учениците да се сетат на некоја ситуација од нивното секојдневие во која си рекле или помислиле: Не е фер!

Учениците кажуваат примери, а наставникот го поврзува концептот „фер" со концептот на „правда" и резимира дека правдата (правилата и законите) ни помага да распознаеме што е фер а што не, што е правилно а што не. Кога правдата функционира, сите се чувствуваат дека се третирани на еднаков начин.

Доколку учениците не споделат свои примери, наставникот треба да има подготвено сопствени примери кои ќе ги сподели со нив, за да поттикне дискусија.

# Главен дел на часот

*(25 мин.)*

Животот на луѓето е тешко да се замисли без постоење на определени правила според кои тие ќе се однесуваат. Правилата со кои се уредуваат односите меѓу луѓето во едно општество се нарекуваат општествени правила. Развојот на општествената заедница се одразил врз степенот на развој на општествените правила. Со појавата на државата, правото е тоа коешто претставува збир на општествени норми (правила) кои се задолжителни за сите во општеството.

## Што значи право?

Правото е збир на правила со кои се уредуваат односите на луѓето во општеството. Тие правила ги носи државата и нивна главна карактеристика е што се пишани правила. Најчеста форма во која се јавуваат правилата е законот, но можат да се јават и како Устав, подзаконски акти и меѓународни договори.

Секој закон има точно определена цел, заштита на некоја вредност. Вредностите кои се заштитени со закон можат да имаат најразновиден карактер и тоа: економски, социјални, политички или морални. Во различни држави, во различно време вредностите биле различно заштитени со закон.

## Што значи владеење на правото?

Владеење на правото како поим се заснова врз слободата и правата на човекот и врз еднакво важење на сите закони за сите членови на општеството.

Во Уставот на нашата држава како темелна вредност е усвоен концептот владеење на правото. Суштината на овој концепт е ограничување на самоволието на носителите на државната власт, односно тоа значи дека и оние кои што владеат треба да ги почитуваат правилата и нивната власт треба да се темели исклучиво врз правото.

## Што значи поимот правна држава?

Правна држава е онаа држава каде се почитува принципот на владеење на правото. Во правна држава, оние кои раководат со државата (носителите на власта) имаат граници и правила според кои треба да работат. Правилата според кои треба да работат носителите на власта се всушност правните правила како Уставот, законите, подзаконските акти и меѓународните договори.

# Активност 1:

Наставникот ги дели учениците на две групи. Една група добива насока да замисли (1) како функционира **правна држава (држава во која владее правото)** доколку ја замислиме како ресторан, а другата група (2) како функционира **држава во која не владее правото** доколку ја замислиме како ресторан.

Учениците треба да објаснат како функционира тој ресторан преку одговор на следните прашања?

- Каква е услугата?
- Каква е музиката?
- Кој има пристап до ресторанот?
- Дали сите плаќаат иста цена за храната и пијалаците?
- Дали гостите на ресторанот се среќни?
- Дали некој добива поубава храна од мнозинството?

По работата во групи, учениците треба да презентираат што заклучиле во рамки на групата. Заклучоците треба да се движат во насока на: почитување на правилата/законите во правната држава, добивање на еднаква услуга за сите и еднаков пристап до услугите, задоволство на граѓаните од еднаквиот третман и сл. Заклучоците во случајот со држава во која не владее правото треба да бидат во насока на: нееднаков пристап до услугите, нееднаков третман, незадоволство поради дискриминацијата на одредени групи, донесување одлуки (на пр. за музиката) од позиција на моќ и сл.

# *Активност 2:*

Наставникот го дели Работниот лист 5.1. на учениците, со насока: Сега ќе прочитате неколку тврдења. Ве молиме, означете дали се согласувате со секое од нив.
Откако ќе ги одговорат прашањата, наставникот ќе отвори дискусија за истите.

Дискусијата би требало да води кон следните заклучоци :

1) Законите мора да се почитуваат ако се добри и му служат на граѓанинот. Но, доколку законот не наведува да направиме нешто лошо треба да се ангажираме за да го подобриме. Пр: доколку законот вели дека жените треба да бидат третирани полошо од мажите при вработување тогаш тој закон е лош и треба да се потрудиме да го промениме.
2) Законот мора да се почитува, дури и кога станува збор за наш пријател или роднина.
3) Правилата треба да се почитуваат онака како што се пропишани. Доколку голем дел од граѓаните се незадоволни од процедурите, тогаш треба да се залагаат за нивно олеснување/скратување и слично, но без притоа да се прекршува законот.

## *Активност за рефлексија и евалуација (5 мин.)*

Наставникот на таблата запишува го запишува поимот - Правна држава, и ги поканува учениците да излезат и да напишат поими кои ги асоцираат на запишаниот поим. На крајот, наставникот ги резимира запишаните поими, кои би требало да ги означуваат карактеристиките на правната држава.

# Работен лист 5.1

| | | СЕ СОГЛАСУВАМ | НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ |
|---|---|---|---|
| 1 | Законите мора секогаш да се почитуваат, дури и кога тоа претставува проблем за вас лично | | |
| 2 | Никогаш не би му помогнал/а на пријател/ка ако тоа значи да прекршам закон | | |
| 3 | Прекршувањето на правилата не е страшно ако ги олеснува и/или скратува вообичаените процедури | | |



Содржина:



# Владеење на правото и правната држава

# Втор час

## Цели на наставниот час:

- Да го идентификува штетното влијание на корупцијата за развојот на личноста, групата и општеството.
- Да анализира механизми за спречување на корупцијата и заштита од коруптивни дејства.

## Резултати од учењето:

- Разликува приватен од јавен интерес и наведува примери на не-етичност во својата средина.
- Оценува дека секој чин кој има за цел лична добивка на штета на другиот е незаконски.

## Потребни материјали:

Хартија, Работен лист 5.2

## Методи, техники, форми:

Групна дискусија, самостојна работа

# *Воведен дел од часот*

***(10 мин.)***

Во воведниот дел од часот наставникот им го дели на учениците работниот лист: Прашалник за корупција што секој ученик самостојно го пополнува.

# Главен дел на часот

**(25 мин.)**

## Активност
### Дискусија

Откако ќе го пополнат прашалникот, наставникот поттикнува групна дискусија за секое од наведените прашања. Учениците одговараат како одговориле и зошто сметале дека тоа е правилниот одговор, како и дали биле во слични ситуации, и се изведуваат заклучоци. Наставникот треба да посочи дека сите наведени ситуации се случаи на коруптивно однесување, иако со различен степен на злоупотреба на позицијата, или различен степен на влијание врз нееднаквоста на граѓаните.

Наставникот заклучува:

Во извршувањето на т.н. јавни работи и во задоволувањето на потребите во секојдневниот живот на граѓаните покрај државните органи се јавуваат и јавните претпријатија, службите и установите. Тие сите располагаат со извесен степен на власт. Овие субјекти на коишто граѓаните им дале моќ да владеат во нивно име треба таа моќ да ја користат во интерес на сите граѓани и да не ја злоупотребуваат својата положба. Тоа значи дека функцијата треба да ја вршат во согласност со Уставот и законите.

Не секогаш во една демократска држава се успева да се обезбеди владеење на правото во целост. Еден од најтешките облици на загрозување на правната држава се смета **корупцијата** (поимот „корупција" потекнува од латинскиот термин *corruptio* кој се преведува како поткупување/подмитување, расипаност/расипување, трулење и распаѓање како процес). Под корупција денес се подразбира злоупотреба на функција и службена положба за остварување на каква било лична корист или корист за друг. Корупцијата има различни форми, но секогаш е со цел да се придобие некоја незаконска корист за себе или за друг. Најчести форми на корупција се: поткуп или мито, непотизам (фаворизирање на роднини или пријатели за функции или работни места не водејќи сметка за стручноста), проневера на државни финансиски средства, злоупотреба на службена положба и други.

Државните функционери и други службени лица покрај тоа што треба да се придржуваат на законите и не треба да применуваат коруптивни дејствија од било која форма, исто така треба да се придржуваат до одредени етички стандарди и принципи. Тоа значи дека во своето работење треба да бидат професионални, пристојни, сервисно ориентирани кон граѓаните и да се однесуваат со почит кон вработените, кон граѓаните, компаниите и други страни. Затоа на ниво на секоја институција се носат етички кодекси кои треба да се почитуваат.

## *Дали знаевте дека...*

**Во Република Северна Македонија постои Државната комисија за спречување на корупција која е самостојна, независна институција надлежна за спречување на корупцијата. Секој граѓанин има право да спречи или да пријави корупција и граѓаните можат да поднесуваат претставки до оваа институција.**

## *Активност за рефлексија и евалуација (5 мин.)*

Наставникот поттикнува куса дискусија во врска со следните прашања:

- Дали она што сакаме да го постигнеме може да биде многу поважно од патот низ кој ќе поминеме да стигнеме до таму?
- Дали сте слушнале некој да оправдува коруптивно однесување со зборовите „се снашол/снашла“? Што мислите за тоа?
- Дали ви се случило некој возрасен (родител/роднина/наставник) да ве поттикне на коруптивно или неетичко однесување со зборовите „снајди се“, или „не ме интересира како, битно да го направиш тоа“? Како сте реагирале во таква ситуација?

# Работен лист 5.2

## Прашалник за корупција

Во нашето општество често пати се употребува зборот корупција. Што вие подразбирате под поимот корупција?
Во табелата подолу дадени се различни ситуации од секојдневниот живот. Прочитајте ги и обележите дали, според вас, секоја од нив, може да се смета за корупција, коруптивно однесување, или не.

| | ДАЛИ Е КОРУПЦИЈА: | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|
| 1 | Давање подарок на доктор за да ви посвети повеќе внимание | | |
| 2 | Давање пари на полициски службеник за да ви скине казна за погрешно паркирање | | |
| 3 | Гласање за определена политичка партија за да го вработи вашето дете | | |
| 4 | Купување на учебник за да полесно добиете оценка кај наставник | | |
| 5 | Честење службеник во општина за да полесно се издаде дозвола за градење куќа | | |
| 6 | Да бидете директор на Комунално претпријатие и во исто време да имате фирма која им ги изнајмува камионите | | |
| 7 | Земање приватни часови кај професор кој работи во училиштето каде оди ученикот | | |
| 9 | Давање подарок или пари на службеник надвор од работното место за да ви обезбеди побрзо термин за обновување на пасошот | | |

Ќе прочитате неколку изјави, ве молиме кажете **колку се согласувате** со секоја од нив

| | | ЦЕЛОСНО ТОЧНО | ДЕЛУМНО ТОЧНО | НЕТОЧНО |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Корупција е земање пари за да се заврши некоја работа | | | |
| 2 | Корупција е кога Градоначалник работи за личен интерес | | | |
| 3 | Корупција е нудење на пари за да се заврши некоја работа | | | |
| 4 | За да има корупција, мора да има размена на пари | | | |
| 5 | За да има корупција, мора да е вмешан избран политичар/ка | | | |
| 6 | Подарок на општински службеник откако ќе помогне да завршите некоја работа побрзо одошто во регуларната процедура не може да се смета за корупција | | | |
| 7 | Нема корупција доколку со остварување на личниот интерес никому не е нанесена директна штета | | | |



Содржина:



# Владеење на правото и правната држава

# Трет час

## Цели на наставниот час:

- Да го идентификува штетното влијание на корупцијата за развојот на личноста, групата и општеството.
- Да анализира механизми за спречување на корупцијата и заштита од коруптивни дејства.

## Резултати од учењето:

- Разликува приватен од јавен интерес и наведува примери на неетичност во својата средина.
- Оценува дека секој чин кој има за цел лична добивка на штета на другиот е незаконски.

## Потребни материјали:

Хартија, Работен лист 5.3

## Методи, техники, форми:

Анализа на случаи, работа во групи, групна дискусија, техника „призма“

# Воведен дел од часот

***(10 мин.)***

Преку техниката „Призма“ учениците го разложуваат значењето на поимот „Корупција“. Наставникот на табла го запишува поимот, а потоа учениците треба да се одлучат за два поими кои ги асоцираат на корупција, потоа, по два поими кои ги асоцираат на претходно наведените. Откако ќе имаат четири поими/зборови во хоризонтала, започнуваат да ја затвораат призмата, за на крајот да дојдат до еден поим/збор кој би требало да е поврзан со корупција.



# Главен дел на часот

**(25 мин.)**

## Активност

Учениците се делат во 5 групи. Секоја од групите добива случај од Работниот лист 5.3. кој треба да го анализираат и да утврдат дали се работи за корупција. Своите одговори треба да ги образложат.

Прашања за дискусија:

- Дали можеби сте забележале или сте слушнале за некој сличен случај?
- Како вие би постапиле доколку се најдете во слична ситуација?
- Што мислите, како постапуваат другите во вашата околина?
- Наведете примери на корупттивно однесување во својата средина?
- Во кои случаи не би пријавиле корупција?

## Активност за рефлексија и евалуација
*(5 мин.)*

Наставникот ги поттикнува учениците да размислуваат за содржините, преку следните прашања:

- Што ново научивте за време на денешниот час?
- Дали се изненадивте од некои сознанија?
- Што дополнително би сакале да дознаете во врска со оваа содржина?

# Работен лист 5.3

## Случај 1

На преминувањето на граничниот премин, Горан немал уреден зелен картон (осигурување на автомобил во странство). Поради тоа тој му дал 2000 ден. на полицискиот службеник, кој по земените пари го пуштил да помине без проблем.

- **Дали ова е случај на корупција?**
- **Зошто да? Зошто не? Објаснете.**
- **Како вие би постапиле на местото на Горан?**
- **Како би постапиле на местото на полицискиот службеник?**

## Случај 2

Генерален директор на јавно претпријатие дел од приходите остварени во работењето на претпријатието ги искористил за лекување на својата мајка за која било неопходно да се изврши операција во странство.

- **Дали ова е случај на корупција?**
- **Зошто да? Зошто не? Објаснете.**
- **Како вие би постапиле на местото на Генералниот директор?**
- **Како би постапиле на местото на вработените?**

## Случај 3

Наставничката Сабина е добра пријателка со Маре. Синот на Маре е ученик во VI одделение и по предметот кој го предава наставничката Сабина има оценка 4. На крајот на учебната година наставничката ја поправа оценката на синот на својата блиска пријателка од 4 на 5, за да не си го расипе пријателството.

- **Дали ова е случај на корупција?**
- **Зошто да? Зошто не? Објаснете.**
- **Како вие би постапиле на местото на наставничката Сабина?**
- **Како би постапиле на местото на Маре?**

## *Случај 4*

Вработена во Министерство, за време на работното време зборува на својот мобилен телефон приватни разговори повеќе од 2 часа.

- **Дали ова е случај на корупција?**
- **Зошто да? Зошто не? Објаснете.**
- **Како вие би постапиле на местото на вработената?**

## *Случај 5*

Синот на Ина е многу болен. Докторот бара пари за да му обезбедат место во болницата, за да може да се лекува. Ина дава пари на докторот и местото е обезбедено. Наскоро болницата започнува со терапија.

- **Дали ова е случај на корупција?**
- **Зошто да? Зошто не? Објаснете.**
- **Како вие би постапиле на местото на Ина?**
- **Како вие би постапиле на местото на докторот?**

Содржина:



# Изборите и демократските процеси во општеството

# Прв час

## *Цели на наставниот час:*

- Да ја објаснува демократијата како процедура, начин на мислење и постапување;
- Да ја разбира врската меѓу изборите и демократските процеси во општеството.

## *Резултати од учењето:*

- Дискутира зошто е важно учеството на изборите и како е тоа поврзано со легитимитетот на власта (конкретни примери).

## *Потребни материјали:*

Хартија, пенкала

## *Методи, техники, форми:*

Бура на идеи, групна дискусија, техника „бинго"

# Воведен дел од часот

*(10 мин.)*

## *Што е демократија? - бура на идеи и дискусија*

Во воведниот дел од часот наставникот го проверува знаењето на учениците за нивното разбирање за демократијата преку техниката бура на идеи. На таблата се запишува зборот – Демократија и од учениците се бара да наведат што помислуваат кога ќе го слушнат зборот.

Откако учениците ќе наведат неколку поими, наставникот поттикнува дискусија низ неколку прашања:

- **Доколку демократијата се дефинира како владеење на народот, дали тоа значи дека целиот народ владее? Што всушност значи тоа?**
- **Како се носат одлуките во едно општество (на државно ниво, локално ниво, во нашето училиште)? Објаснете преку пример. Колку начините на кои се носат одлуките се демократски?**
- **Дали некогаш сте гласале при одлучување во вашето/нашето училиште? Опишете како се одвиваше процесот. Колку сметате дека избраните претставници ги застапуваа(т) вашите интереси, потреби?**
- **Дали сте имате некој проблем во училиште? На кого се обративте да ви го реши проблемот?**

# Главен дел на часот

***(20 мин.)***

Во својата суштина, демократијата е форма на владеење во која државната демократска власт треба да произлегува од граѓаните и се спроведува исклучиво за заедничките интереси на граѓаните. Бидејќи владеењето на целиот народ во буквална смисла на зборот е тешко изводливо, современото демократското владеење се реализира преку избирање на претставници на граѓаните во власта наречена **претставничка демократија.** Претставничката демократија претставува извршување на власта преку претставници избрани од страна на граѓаните кои го изразуваат своето мислење и волја на демократски спроведени избори при што избраните претставници во нивно име и во согласност со уставот и законите ја извршуваат власта. Демократијата е облик на правилно или добро владеење кој нуди еднаква слобода и еднакви можности за сите граѓани.

Покрај претставничката, постои и **непосредна демократија (директна демократија)**, која се карактеризира со тоа што при извршување на власта нема избрани претставници, туку секој граѓанин директно одлучува за одредено прашање. Денес, највисока форма на непосредна демократија е **референдумот**. Преку референдумот, граѓаните го даваат своето мислење за одредено прашање или донесуваат определена одлука. На референдум, граѓаните го изразуваат своето мислење гласајќи **за** или **против** одредено прашање. Во нашата држава, Собранието распишува референдум на државно ниво по сопствена иницијатива или по предлог (собрани потписи) на најмалку 150.000 граѓани.

## *Пример на директна демократија*

Во античка Грција, Атињаните, вовеле еден од првите форми на демократија. Директната демократија значело лично владеење од страна на луѓето. Сите значајни одлуки биле носени на гласање пред Народното собрание кое го сочинувале сите полнолетни мажи, граѓани на Атина. Директната атинска демократија долго време се сметала за идеален вид демократија бидејќи барала висок степен на учество на сите граѓани во власта.

Наставникот прашува: *Што мислите, што е добра страна на овој вид демократија? На какви критики би наишла оваа пракса доколку ја гледаме од денешна перспектива? Кој всушност ги донесувал одлуките? Кои граѓани биле исклучени?*

Се заклучува дека овој тип на демократија имал недостатоци кои се состоеле во неприфаќањето на жените, робовите и странците за еднакви граѓани на Атина и нивно невклучување во донесувањето на одлуките.

Наставникот преку прашањето *Каква е врската помеѓу демократијата и изборите?* Ги поттикнува учениците да даваат свои размислувања и одговори, а наставникот треба да ја води дискусијата кон заклучок дека изборите претставуваат основна карактеристика на демократијата. Преку изборите, гласачите имаат можност да изберат свои претставници во власта и да ги држат за одговорни за нивното владеење. На тој начин, гласачите се осигуруваат дека нивните интереси и потреби се почитуваат и остваруваат преку претставниците кои ги избрале.

Една од темелните вредности во Уставот на Република Северна Македонија се слободните и демократски избори. Изборите им овозможуваат на граѓаните да гласаат и да одлучуваат за својата иднина. Граѓаните гласаат за да изберат претставници во различните нивоа на власта. Тие веруваат дека со изборот на одредена политичка партија или политичар, ќе влијаат на начинот на кој власта влијае  врз правецот во кој се развива државата.

Секој граѓанин има право да гласа по свое слободно убедување на избори,

при што избирачкото право треба да биде:

- **непосредно** – секој граѓанин својот глас го дава директно, не преку посредник, и правото на глас не може да се пренесе од еден на друг граѓанин
- **тајно** – се гарантира тајност при гласањето. Никој нема право да знае за кого сте гласале, ниту пак имате обврска да му кажете некому за изборот кој сте го направиле
- **еднакво** – гласот на секој граѓанин се вреднува еднакво
- **општо** – сите оние кои ги исполниле условите за добивање избирачко право, се здобиваат со него без разлика на полот, возраста, расата, националноста, вероисповедта, социјалниот и општествениот статус итн.

Луѓето што ги избираме да бидат наши претставници се кандидираат на изборите на кои ги гласаме.

Уставот на СРМ на граѓаните им гарантира слобода на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и интереси.

Плурализмот или разновидноста претставува основна претпоставка за развој на современата демократија. Политичкиот плурализам се манифестира преку различни форми:

- Политички партии
- Политички движења
- Здруженија на граѓани
- Други неформални групи на граѓани

Политичките партии се основен облик во политичко организирање на Република Северна Македонија. Политичката партија може да се дефинира како постојана политичка организација на идејни истомисленици кои на демократски начин се борат да ја освојат државната власт на сите нивоа, односно организирана група за освојување на политичката власт преку избори.

## *Активност за рефлексија и евалуација: Бинго (10 мин)*

Секој ученик добива ливче со следнава табела / или ја црта во тетратка.

| Што ми остави впечаток | Што ми беше нејасно |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

- Секој ученик запишува во првото поле еден поим/содржина која му оставила впечаток за време на часот, а во второто поле поим/содржина која му била нејасна
- Потоа разговара со уште четири ученици и ги замолува на останатите полиња да запишат по еден поим но тој да не се повторува со останатите.
- Кога ученикот ќе ги комплетира сите шест полиња - извикува БИНГО и крева рака.
- Следи презентација на БИНГО-то од страна на 2-3 ученици.



Содржина:



# Изборите и демократските процеси во општеството

# Втор час

## Цели на наставниот час:

- Да ја разбира врската меѓу изборите и демократските процеси во општеството.

## Резултати од учењето:

- Објаснува како преку политички партии граѓаните ги изразуваат различните интереси
- Почитува резултати од демократски избори и одлуки на мнозинството во својата средина

## Потребни материјали:

Групна дискусија, дебата според определен формат, врсничко оценување

## Методи, техники, форми:

Хартија, пенкала, Работен лист 5.4.А, Работен лист 5.4.Б

# Воведен дел од часот

***(10 мин.)***

Наставникот ги запознава учениците со поимите политички плурализам, политички партии, учество на избори и поведува дискусија за демократското право на секој поединец да учествува на избори и да се определи за програмата на определена политичка партија.

**Наставникот прашува:**

**Погледнете ја следната листата и кажете, според вас, кој треба да може да формира политичка партија и кој може да гласа:**

| | КОЈ МОЖЕ ДА ФОРМИРА ПАРТИЈА? | КОЈ МОЖЕ ДА ГЛАСА? |
|---|---|---|
| **Мажи** | | |
| **Жени** | | |
| **Лица осудени за криминал** | | |
| **Лица помлади од 21 година** | | |
| **Лица постари од 90 години** | | |
| **Лица без завршено основно** | | |

Наставникот поттикнува дискусија во врска со одговорите, а заклучокот треба да биде дека сите овие групи можат да формираат партија и можат да гласаат.

# Главен дел на часот

***(25 мин.)***

## *Дебата на тема: „Гласањето (не) треба да биде задолжително “*

Учениците се делат во три групи. Едната група ќе ја бранат тезата дека „гласањето треба да биде задолжително и секој граѓанин мора да излезе на избори“ (добива **Работен лист 5.4.А**), втората група ќе ја брани тезата дека „гласањето не треба да биде задолжително и е само граѓанска одговорност “ (добива **Работен лист 5.4.Б**). Третата група ученици ќе бидат судии.

Првите две групи самостојно работат и подготвуваат аргументи за нивните тези, а потоа избираат претставници кои ќе ги бранат своите ставови во однос на тезите (подготовка 10 минути). За тоа време третата група технички ја подготвува дебатата и се договараат за начинот на бодирање (бодовна скала). Дебатата ќе има победник, но тоа не значи дека било која од тезите е погрешна. Целта на дебатата е да се поттикне критичкото размислување кај учениците, градењето на сопствен став и личен избор, почитување на спротивното мислење и градењето на граѓанско однесување.

Тимови во дебатата:

Тим „А“ **(Гласањето треба да биде задолжително)**

Тим „Б“ **(Гласањето не треба да биде задолжително)**

На крај, третата група, односно групата судии спроведува гласање и избира победник во дебатата.

Наставникот треба да ги има на располагање следните потенцијални аргументи на афирмативниот и негацискиот тим, иако не треба да им ги даде однапред на учениците, со цел тие самостојно да формулираат аргументи за тезата. Сепак, наставникот може да ги насочува учениците кон потенцијалите аргументи, доколку забележи дека имаат потешкотии самостојно да ги развијат.

## Тим А:

## Гласањето треба да биде задолжително

1. **Го зголемува политичкото учество на граѓаните во процесот на донесување на одлуки**

Граѓаните кои го стекнале правото на глас, законски се обврзани независно од видот на изборите во една држава да излезат и да го остварат тоа право. Затоа, тие ќе бидат обврзани активно да учествуваат во процесот на донесувањето одлуки и креирањето на јавните политики. Бидејќи граѓаните ќе бидат свесни за постоењето на одредена казна доколку не излезат да гласаат, тие посериозно ќе го сфатат процесот на спроведување на изборите и понудените политички програми за кои би гласале.

За стекнување со правото на глас во демократија, луѓето се бореле низ текот на целата модерна историја. Само во минатиот век граѓаните од многу земји се бореле за ослободување и здобивање со ова право. Потребно е да ја почитуваме нивната жртва и да гласаме.

2. **Се зголемува обемот на интереси во политичките агенди на партиите**

Бидејќи моделот на задолжително гласање им наложува на сите граѓани со право на глас да излезат на денот на одржување на изборите, политичките актери кои се борат за власт ќе мора да внимаваат во своите политички програми да посветат внимание на интересите кои вообичаено биле занемарени (најчесто на припадници на малцински групи и маргинализирани заедници). Преку овој модел, и политичките партии ќе работат со поголема посветеност во планирање на политики соодветни за интересите на мнозинските, но и малцинските групи во една држава.

3. **Се зголемува легитимитетот на избраната власт**

Државите за успешноста на одреден тип избори имаат различни високо зададени проценти на излезност, кои често се случува да се не постигнат. На овој начин, поради задолжителноста за гласање и поголемата информираност за кого гласаат граѓаните, очекувано би било политичките актери кои би ја добиле државната власт да имаат поголема легитимност. Политичките актери би застапувале многу поголемо мнозинство на интересите од граѓаните, а поголемото мнозинство зад донесена одлука значи и поголем легитимитет.

## Тим Б:
## Гласањето не треба да биде задолжително

### 1. Не излегувањето на гласање претставува став и е порака на незадоволство и револт кон политичарите

Граѓаните ги избираат своите претставници со одредени очекувања за промена во општеството. Во моментот кога нивните барања и очекувања не се исполнуваат, граѓаните одлучуваат да не дадат поддршка на политичарите преку заземање на цврст став за не излегување на наредните избори. Ова претставува јасна порака на незадоволство која директно се упатува до политичарите кои зависат од гласот на граѓаните. Со ваквата постапка граѓаните на демократски начин изразуваат револт кон неодговорноста на политичките претставници.

### 2. Не постоење на отворени листи на гласање (каде покрај за политичка партија или листа на кандидати може да се избере и еден кандидат од листата)

Честопати, политичкиот систем е така создаден за да ги преферира затворените листи на гласање. Во овие системи не можат да дојдат до шанса за избор кандидатите кои не припаѓаат на ниту една политичка партија. Во систем на отворени листи на гласање, граѓаните можат слободно да гласаат само за еден кандидат кој сакаат да го поддржат, без притоа да гласаат за одредена политичка партија. На овој начин до поголем израз доаѓаат специфичните политики за кои се залагаат различните политички кандидати.

### 3. Легитимно право на граѓанинот да гласа или да не гласа

Секој граѓанин има легитимно право на глас кое е проследена со слобода за самостојно одлучување за остварувањето на ова свое право. Таа слобода му овозможува на граѓанинот целосно да одлучи дали воопшто ќе го оствари своето право и ќе излезе на избори да гласа или да не гласа. Правото на глас, во најголемиот дел од државите во светот, не е проследено се обврска за задолжително гласање. Поради тоа, одлучувањето за дали да се гласа на избори е целосно оставено на волјата на граѓанинот.

## *Дискусија за рефлексија и евалуација* (5 мин)

Наставникот покренува дискусија за текот на дебатата и важноста да се разговара за вакви општествени прашања. Заедно со учениците треба да дојдат до заклучок дека не можеме со сите да се согласуваме, но треба да умееме да ги почитуваме нивните мислења, особено доколку се добро аргументирани и поткрепени со докази. Затоа, добро е понекогаш да се ставиме во улога на „другиот“ и да се обидеме да го разбереме ставот кој го има за одредено прашање, иако можеби не се согласуваме со него/неа во врска со тоа прашање.

# *Работен лист 5.4-А*

Во една демократија, гласањето може да се јави како граѓанска одговорност (граѓанинот е пожелно да гласа, но може и да не излезе на избори), но и како законска обврска (граѓанинот е законски обврзан да гласа, а ако не го стори тоа - може да има санкции). Во нашата држава, гласањето е **граѓанска одговорност**, но постојат и држави (Австралија, Белгија, Грција, Луксембург...) каде гласањето претставува **законска обврска** на секој граѓанин.

Вашата група (Тим „А") има за задача да ја **брани идејата дека гласањето треба да биде задолжително (т.е. законска обврска).**

Имате 10 минути да размислите за аргументи за одбрана на вашата теза. Размислувајте и за потенцијалните аргументи кои би ги дале дебатерите од другата група, за да може да развиете соодветни –контра аргументи.

**Аргументи:**

..................................................................................................................

..................................................................................................................

Изберете тројца претставници од вашата група кои ќе треба да ја одбранат вашата теза и договорете се кој кои аргументи ќе ги презентира. При тоа, имајте го предвид следниот формат за текот на дебатата и временската рамка:

**Формат за дебата:**

Временско ограничување за тимовите за дебатирање - дебатата треба да трае вкупно 16 минути, со следниот редослед:

- Тим А ја брани тезата поткрепено со аргументи (1 минута)
- Тим Б ја брани својата теза поткрепено со аргументи (1 минута)
- Тим А презентира нови аргументи и реплицира на претходните аргументи на тим Б (2 минути)
- Тим Б презентира нови аргументи и реплицира на претходните аргументи на тим А (2 минути)
- Тим А врши сумирање на целокупната дебата и ја извлекува главната поента на тезата (2 минута)
- Тим Б исто ја сумира целокупната дебата и ја извлекува главната поента на тезата (2 минути).

# Работен лист 5.4-Б

Во една демократија, гласањето може да се јави како граѓанска одговорност (граѓанинот е пожелно да гласа, но може и да не излезе на избори), но и како законска обврска (граѓанинот е законски обврзан да гласа, а ако не го стори тоа - може да има санкции). Во нашата држава, гласањето е **граѓанска одговорност,** но постојат и држави (Австралија, Белгија, Грција, Луксембург...) каде гласањето претставува **законска обврска** на секој граѓанин.

Вашата група (Тим „Б“) има за задача да ја брани идејата дека **гласањето не треба да е задолжително, туку само граѓанска одговорност која не треба да биде обврзувачка.**

Имате 10 минути да размислите за аргументи за одбрана на вашата теза. Размислувајте и за потенцијалните аргументи кои би ги дале дебатерите од другата група, за да може да развиете соодветни –контра аргументи.

**Аргументи:**

..............................................................................................................................................

..............................................................................................................................................

Изберете тројца претставници од вашата група кои ќе треба да ја одбранат вашата теза и договорете се кој кои аргументи ќе ги презентира. При тоа, имајте го предвид следниот формат за текот на дебатата и временската рамка:

**Формат за дебата:**

Временско ограничување за тимовите за дебатирање - дебатата треба да трае вкупно 16 минути, со следниот редослед:

- Тим А ја брани тезата поткрепено со аргументи (1 минута)
- Тим Б ја брани својата теза поткрепено со аргументи (1 минута)
- Тим А презентира нови аргументи и реплицира на претходните аргументи на тим Б (2 минути)
- Тим Б презентира нови аргументи и реплицира на претходните аргументи на тим А (2 минути)
- Тим А врши сумирање на целокупната дебата и ја извлекува главната поента на тезата (2 минута)
- Тим Б исто ја сумира целокупната дебата и ја извлекува главната поента на тезата (2 минути).



Содржина:



## Државната и јавната администрација во функција на граѓаните

## Цели на наставниот час:

- Да објаснува функции и одговорности на државната и јавната администрација;

## Резултати од учењето:

- Споредува функции и одговорности на државната и јавната администрација и воочува разлики во конкретни ситуации;

## Потребни материјали:

Листови хартија, пенкала, Работен лист 5.5.

## Методи, техники, форми:

Работа во групи, работа во парови, дискусија

# Воведен дел од часот

***(15 мин.)***

Учениците се делат во групи и секоја група треба да размислува за следните услуги кои ги добиваат: чистење на отпад и улици, користење јавен превоз, одење на училиште, одење на матичен лекар и гасење пожар.

Секоја група треба да ги одговори следните прашања:

1) **Кој ја дава услугата?**
2) **Кој ја користи услугата?**
3) **Кој ги вработува хигиеничарите, шоферите, машиновозачите, наставниците, лекарите и пожарникарите?**
4) **Што ќе се случи ако овие луѓе не одат на работа?**

Потоа, наставникот отвора дискусија за прашањата, од која треба да произлезе дека:

1) **Давател на услуги е државата.**
2) **Корисници на услугите се сите граѓани.**
3) **Државата е таа која ги вработува хигиеничарите, шоферите, машиновозачите, наставниците и лекарите.**
4) **Наставникот треба да објасни дека доколку овие луѓе не работат, нашиот живот како граѓани би бил многу тежок и не би можеле да функционираме нормално. На пр: ќе се собира отпад и нашето соседство и улици би биле нечисти, ќе нема на кого да се јавиме доколку избие пожар итн.**

# Главен дел на часот

***(15 мин.)***

Во развиените земји граѓаните очекуваат повеќе услуги од државата, од пристап до вода за пиење и енергија, одржување на патиштата, до квалитетно образование, здравство, безбедност и остварување и заштита на правата на граѓаните. Колку повеќе услуги и права очекуваме толку повеќе луѓе се потребни во јавниот сектор за да одговорат на овие наши потреби.

Наједноставно, јавната администрација ги опфаќа сите државни институции кои служат како сервис од каде граѓаните добиваат услуги и ги остваруваат своите права кои им се гарантираат со закон.

Административните службеници се лица кои се вработените во јавната администрација и вршат услуги за граѓаните, бизнисите, здруженијата на граѓани итн. Тие се делат на државни и јавни службеници.

1) **Државните службеници се вработени во органите на државната и локалната власт и другите државни органи: министерствата, органите во состав на министерствата, владата, собранието, претседателот на државата, народниот правобранител, стручните служби на единиците на локалната самоуправа и др.**

2) **Јавните службеници се вработени во институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, а организирани се како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија.**




## *Активност за рефлексија и евалуација: (10 мин)*

Учениците работат во парови и секој пар треба да ја реши задачата од работниот лист 5.5, т.е да ги поврзе институциите во следната табела со соодветната услуга што ја даваат. Учениците, водени од наставникот, можат да дадат примери и за други институции со чии услуги имале искуство.

# *Работен лист 5.5*

| ИНСТИТУЦИЈА | УСЛУГА |
|---|---|
| Училиште | Проверка на квалитетот на воздухот |
| Болница | Изнајмување книга |
| Полиција | Ставање вакцина |
| Театар | Учење на дропки |
| Завод за статистика | Вадење пасош |
| Библиотека | Попис на население |
| Инспекторат за животна средина | Поднесување жалба за прекршени права |
| Народен правобранител | Гледање претстава |

Тема

# 6 ГРАЃАНИНОТ И ЕВРОПА

Содржина:



Европска Унија (ЕУ)

## Цели на наставниот час:

- Да ги објасни структурата, целите и функционирањето на ЕУ.

## Резултати од учењето:

- Ученикот го објаснува функционирањето на ЕУ преку анализа на институциите на ЕУ и нивните надлежности;

## Потребни материјали:

Хартија, фломастери, Работен лист 6.1, Работен лист 6.2

## Методи, техники, форми:

Техника: ЗСН[1], Работа во групи (изработка на мисловни мапи), групна дискусија, самопроценка

1 ЗСН – знам, сакам да знам, научив

# Воведен дел од часот

***(10 мин.)***

Со цел да се увиди дали учениците имаат претходни знаења за функционирањето на Европската Унија, наставникот го започнува часот со пишување ЗСН табела на таблата. Ги повикува учениците да одговорат најпрво што знаат за ЕУ и што би сакале да знаат, додека последната колона – Што научив, ја пополнуваат на крајот од часот.

| ШТО ЗНАМ ЗА ЕУ? | ШТО САКАМ ДА ЗНАМ? | ШТО НАУЧИВ? |
|---|---|---|
| | | |

# Главен дел на часот

***(25 мин.)***

Организацијата на работата на Европската Унија е сложена за разбирање и повеќе истражувања покажуваат дека голем број граѓани на земјите - членки на Унијата не го разбираат начинот на кој работи Унијата. Зошто тогаш младите од нашата земја да се мачат да ги разберат овие комплицирани процедури? Затоа што да се биде европски граѓанин, не значи само да се прифатат вредностите врз коишто почива Унијата, туку и да се познава начинот на работа на истата, особено во поглед на носењето на одлуките.

Во Европската Унија постојат најразлични институции и тела. Меѓутоа, само пет се дефинирани како институции и се сметаат за најважни. Тие се: Европскиот совет, Европскиот парламент, Совет на ЕУ (Советот на министри), Европската комисија и Европскиот суд на правдата.

## Активност
## Претставување на институциите на ЕУ во графичка форма

Секој ученик добива лист со една од 5-те клучни институции на ЕУ (Работен лист број 6.1). Има 2-3 минути да ја прочита, по што се собира во група со другите ученици кои ја добиле истата институција и треба да направат графички приказ на институцијата, нејзината функција и сл. Можат да користат шеми, мисловни мапи, цртежи и сл. При тоа, не мора да се ограничуваат само од информациите кои им се дадени, туку можат да истражат и дополнително (доколку имаат пристап до Интернет) или да додадат она што знаат од претходно.

На учениците може да им се покажат неколку графички прикази за пример.


MONDAY - 9 DECEMBER 2013 ...
WHY ARE WE HERE TODAY?
COMMUNICATIONS OFFICERS
EUROPE DIRECT INFO CENTRES
COMMISSION REPRESENTATIVES
JOURNALISTS
EUROPEAN REGIONS
OTHER EU INSTITUTIONS
How are we going to work together
Collaborating!
Networking!
Listening!
Participating!
Contributing!
Communicating EU Funds
Different Authors
Different Stories


EXPERIENCES
Teacher Publications
PROGRAMME
overseas
Workshops
Local Teachers' Conference
Others
LECTURE
Teacher Work
post graduate scholarships
HIGHER CERTIFICATION
SCHOOL BASED
Staff development
Structured mentoring
MILESTONE
compulsory
IN
SERVICE
Master teachers training
Senior
Experienced
Beginning
EAS
LEARNING CIRCLES
360° feedback
READ@TN
BEING
OLive
Teacher Renewal

Секоја група има 15 минути да го направи графичкиот приказ, по што го претставуваат на останатите ученици.

## *Дискусија и заклучок*

Наставникот ги сумира информациите од презентациите на учениците и поставува прашање:

- Што мислите, зошто ЕУ има толку различни институции?

Заклучува дека покрај тоа што секоја институција врши свои посебни функции, тие служат и за меѓусебна соработка, но и контрола и проверка на меѓусебното функционирање.

## *Активност за рефлексија и евалуација (5 мин)*

Секој ученик поединечно добива прашалник со функциите и одговорностите на секоја од институциите на ЕУ. Треба да го пополни, а потоа да го размени и спореди со еден соученик. На прашањата на кои имаат различни одговори, треба да се договорат со консензус кој е соодветниот одговор. Потоа, наставникот ги дава точните одговори на прашањата.

На таблата ја пополнува и последната колона дадена во воведот од часот (Што научив)

## Прашалник за рефлексија
## – пополнета табела со одговори

| Кој | Европскиот совет | Европскиот парламент | Совет на ЕУ (Советот на министри) | Европската комисија | Европски суд на правдата |
|---|---|---|---|---|---|
| Дава предлози за Закони на ЕУ | | | | X | |
| Ги одобрува законите на ЕУ | | | X | | |
| Се состои од (само) еден претставник / член по земја на ЕУ | | | | X | |
| Го избираат граѓаните на ЕУ | | X | | | |
| Ги претставува интересите од граѓаните | | X | | | |
| Ги претставува интересите од земјите на ЕУ / нивното владите | | | X | | |
| Одлучува за толкување на законите на ЕУ | | | | | X |
| Дефинира општо политичка насока на ЕУ | X | | | | |
| Обезбедува почитување на правото на ЕУ | | | | | X |

# Работен лист 6.1

### 1. Европски совет: највисоко тело на Европската Унија

Европскиот совет е тело кое го сочинуваат претседатели на земјите и владите (претседатели и/или премиери) од сите земји на ЕУ, како и претседателот на Европската Комисија. Ова тело се состанува четири пати годишно, заради постигнување договор за глобалната политика на ЕУ и за разгледување на остварениот напредок. Тој е највисокото тело за донесување на одлуки во Европската Унија, поради што неговите состаноци се најчесто се нарекуваат „самити".

### 2. Европскиот парламент: глас на луѓето

Европскиот Парламент е тело за кое гласаат граѓаните на Европската Унија и кое ги претставува интересите на граѓаните на Европската Унија. Тој ги надгледува активностите на ЕУ, и заедно со Советот, ги усвојува законите на ЕУ. Изборите за Европскиот парлемент се одржуваат на секои пет години, а право да гласа има секој граѓанин на ЕУ кој што е регистриран како гласач.

Европскиот парламент има три седишта: Брисел, Луксембург и Стразбург. Луксембург е дом на административните канцеларии, а состаноците на целиот парламент се одржуваат во Стразбург и во Брисел.

### 3. Совет на Европска Унија: глас на земјите-членки

Советот на Европската Унија, заедно со Европскиот парламент е клучна институција при донесување одлуки во ЕУ. Претходно беше познат како „Совет на министри", а кратко се нарекува едноставно „Советот". Како што асоцира и името, во рамките на Советот секоја земја членка учествува со еден министер. Кој министер од секоја држава-членка ќе учествува во работата, зависи од прашањата што се дискутираат на состанокот на министри (на пример, ако се дискутираат прашања за земјоделство, тогаш присуствуваат министрите за земјоделство).

Претседателството на Советот се менува секој шест месеци врз основа на ротација, односно секоја земја-членка има можност шест месеци да биде претседавач.

## 4. Европска комисија: промотор на заедничкиот интерес

Комисијата е политички независна институција која ги застапува и промовира интересите на ЕУ како целина. Таа е водечка сила во институционалниот систем на ЕУ: предлага законска регулатива, политики и програми за дејствување и е одговорна за спроведување на одлуките на Парламентот и Советот. Неа ја сочинуваат 28 комесари, по еден предложен од секоја држава-членка. Секој од комесарите на Европската комисија е надлежен за некој од секторите на комисијата (на пример: за секторот за проширување е одговорен комесарот за проширување или за секторот за животна средина е одговорен комесарот за животна средина) и има мандат од пет години.

## 5. Европски суд на правдата: спроведување на законот

Судот на правдата на Европската Унија, со седиште во Луксембург е составен од 28 судии (по еден судија од секоја земја членка). Судиите ги именуваат владите на земјите членки но сите сите судии се независни и секој од нив има мандат од шест години. Главна задача на судот на правдата е да обезбеди почитување на правото на ЕУ и праведно толкување и примена на договорите на Унијата.

# Работен лист 6.2

## Прашалник за рефлексија

Означете со „√" во правилната колона за секое од деветте прашања подолу.

| Кој | Европскиот совет | Европскиот парламент | Совет на ЕУ (Советот на министри) | Европската комисија | Европски суд на правдата |
|---|---|---|---|---|---|
| Дава предлози за Закони на ЕУ | | | | | |
| Ги одобрува законите на ЕУ | | | | | |
| Се состои од (само) еден претставник / член по земја на ЕУ | | | | | |
| Го избираат граѓаните на ЕУ | | | | | |
| Ги претставува интересите од граѓаните | | | | | |
| Ги претставува интересите од земјите на ЕУ / нивните влади | | | | | |
| Одлучува за толкување на законите на ЕУ | | | | | |
| Дефинира општо политичка насока на ЕУ | | | | | |
| Обезбедува почитување на правото на ЕУ | | | | | |

## Содржина:



# Република Северна Македонија во Европската Унија

# Прв час

## Цели на наставниот час:

- Да го објасни односот на Република Северна Македонија и ЕУ
- Да ја препознава соработка меѓу РСМ и ЕУ во различни области.

## Резултати од учењето:

- Ја опишува соработката меѓу РСМ и ЕУ.
- Идентификува дел од условите кои треба да се исполнуваат за прием во ЕУ

## Потребни материјали:

Хартија, пенкала, Работен лист 6.3

## Методи, техники, форми:

Групна дискусија, работа во групи (истражување), самостојна работа

# Воведен дел од часот

***(10 мин.)***

Наставникот им дава на учениците да запишат на ливчиња по еден личен став на прашањето: Зошто *се чувствувам европски?* Секој ученик запишува одговор и наставникот ги собира во еден сад/кутија. Еден од учениците „извлекува“ неколку одговори и ги чита на глас. Се поттикнува куса дискусија врз основа на одговорите на учениците, која треба да оди во насока на потенцирање на европскиот културен идентитет.

Прашања за насочување:

- **Што придонело да се чувствувате како граѓани/граѓанки на Европа? (на пр. ученички размени, посети на европски држави, гледање европски филмови, читање на книги од европски автори)**
- **Што мислите, како може да се засили чувството на „граѓани/ки на Европа“ во државите кои сеуште не се членки на ЕУ?**

# Главен дел на часот

**(25 мин.)**

Европската Унија (ЕУ) претставува заедница на држави од Европскиот континент, кои се обединети со цел да остварат заеднички политички, економски, социјални и културни интереси. Европската Унија не е држава, туку уникатно партнерство на европски земји, познати како земји членки. До 2019 година Европската Унија има 28 земји членки.

Вратите на Европската Унија се отворени за сите европски држави коишто ги исполнуваат демократските, политичките и економските критериуми за членство. Договорите за пристапување на нова земја - членка мораат да бидат едногласно одобрени од страна на сите земји-членки. Пред секое ново проширување ЕУ мора да го оцени својот капацитет за примање на нова/и членка/и, како и за способноста на нејзините институции да продолжат успешно да функционираат. Проширувањето на ЕУ ги зајакнува и стабилизира демократијата и безбедноста во Европа, особено во новите земји членки и значајно ги зголемува потенцијалите на континентот за економски раст и трговија.

## Активност
### Истражување

Учениците за истражувањето го користат претходно наученото и дополнително истражуваат на интернет. Доколку нема интернет во училиштето наставникот им подготвува материјали за секоја од групите. Учениците се делат во 3 групи и на секоја група дајте им се дава една од следните задачи:

*Задача за 1 група:* Идентификување на условите за членство во ЕУ

*Задача за 2 група:* Соработката на РС Македонија со Европската Унија

*Задача за 3 група:* Придобвки и обврски од членството во Европската Унија

Групите работат со постојано надгледување и консултирање со наставникот.

Истражувањето продолжува за домашна работа и подготовка за презентација на наредниот час.

# Завршен дел

***(10 мин.)***

Како рефлексија на работата поделете им ги работните листови 6.3 на учениците и овозможете им 5 минути да ја решат вежбата.

Потоа направете куса дискусија за прашањата од работниот лист, за секоја од наведените области.

# Работен лист 6.3

Означете во правилната колона за секое од деветте прашања подолу.

| Држава | Може да влезе во ЕУ | Не може да влезе во ЕУ |
|---|---|---|
| Која нема слобода на печатот | | |
| Која спроведува смртна казна | | |
| Која им овозможува на своите граѓани да протестираат против владата | | |
| Која спроведува парламентарни избори | | |
| Во која власта се наследува | | |
| Во која армијата ја одредува политиката и може дури и да интервенира во внатрешни работи со воена моќ | | |
| Во кои луѓето се сметаат за невини додека нивната вина не е утврдена од страна на судот | | |
| Во која има само една партија која е секогаш на власт | | |
| Кој ги штити малцинствата, дури и кога мнозинството е против нив | | |

## Содржина:



# Република Северна Македонија во Европската Унија

# Втор час

## Цели на наставниот час:

- Да го објасни односот на РС Македонија и ЕУ
- Да ја препознава соработка меѓу РСМакедонија и ЕУ во различни области.

## Резултати од учењето:

- Ја опишува соработката меѓу РСМ и ЕУ.
- Идентификува дел од условите кои треба да се исполнуваат за прием во ЕУ

## Потребни материјали:

Хартија, пенкала

## Методи, техники, форми:

Групна дискусија, презентација на резултати од истражување

# Воведен дел од часот

***(5-10 мин.)***

Часот започнува со кратка дискусија на тема „Европа тоа сме ние“ или „Вредности на Европска Унија“

**Насоки за дискусијата:**

Дали сте чуле за фразата „Обидинети во различностите“? Ова е мотото на Европската Унија и ги претставува дел од вредностите на Унијата. Додека секоја земја во Европската Унија има сопствена култура, јазик и традиција, сите тие ги делат истите заеднички вредности кои мора да ги почитуваат доколку сакаат да бидат дел од унијата. Една основна вредност која ги обединува сите земји членки е демократијата. Ова значи дека само демократски земји можат да бидар членки на Европската Унија. Другите вредности на Евроската Унија кои се заеднички за сите земји членки се: човеково достоинство, слобода, еднаквост, владеењето на правото и почитување на човековите права, вклучувајќи ги и правата на луѓето кои припаѓаат на малцински групи.

# *Главен дел на часот*

***(20-25 мин.)***

Се врши презентирање на сработеното од истражувањето од претходниот час и од домашна работа на следниве теми:

*1 група:* Идентификување на условите за членство во ЕУ

*2 група*: Соработката на РС Македонија со Европската Унија

*3 група:* Придобивки и обврски од членството во Европската Унија

После секоја презентација се дискутира во која се вклучуваат сите во паралелката

**НАСОКИ ЗА ДИСКУСИЈА:**

***Критериуми за членство во ЕУ:***

Секоја европска земја може да аплицира во Европската Унија доколку ги почитува принципите на слобода, демократија, човековите права и основните слободи и владеењето на правото.

- Државата која претендира да стане членка треба да има стабилни институции кои ќе ги гарантираат демократијата, владеењето на правото, човековите права и почитувањето и заштитата на малцинствата;
- Да има функционална пазарна економија и капацитет за справување со притисок на конкуренцијата и пазарните сили во рамките на Унијата;
- Способност за преземање на обврските коишто ги носи членството во ЕУ, вклучувајќи и поддршка за целите на Унијата;
- Јавна администрација која ќе биде способна да ги спроведува законите на ЕУ.

***Чекори на зачленување во ЕУ (со осврт на РС македонија)***

- Договор за стабилизација и асоцијација со ЕУ;
- Апликација за членство и добивање на статус земја-кандидат

  **РС Македонија во 2005 година се стекана со статус на земја-кандидат за членство во Европската Унија**

- Добивање на препорака за почеток на преговорите за членство во ЕУ

  **РС Македонија има добиено повеќе препораки за почеток на преговорите**

- Преговори за членство со секоја земја-кандидатка застапувани од Европската комисија;

- Поддршка од Европскиот парламент со апсолутно мнозинство;
- Партнерство во процесот на пристапување: помош од ЕУ за земјите кандидатки за да го достигнат економскиот развој на ЕУ

***Придобивки од членувањето во ЕУ***

- Мир и обединување на Европа;
- Слобода, безбедност и владеење на правото;
- Економска и социјална солидарност;
- Европски идентитет и прифаќање на различностите;
- Политика на добрососедски односи;
- Стабилни институции со интегритет во донесувањето на одлуки;
- Политики за иновации, развој и единствен европски пазар;
- Зачувување на животната средина и одржлив развој;
- Регионална помош, заедничка земјоделска политика, социјална димензија за исправање на нееднаквоста во европското општество;
- Економска и монетарна унија;
- Поквалитетно образование и здравствен систем и култуен развој;
- Заедничка безбедносна и надворешна политика.

Врз основа на критериумите за членство и придобивките од членувањето се извлекуваат **обврските на земјите-членки на Европската Унија.**